# Службен весник на Република Македонија

**Број 12** **22 јануари 2014, среда** **година LXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 310. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија…………………………….. | 2 |
| 311. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата .. | 10 |
| 312. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за вештачење.............. | 20 |
| 313. | **Закон** за дополнување на Законот за индустриската сопственост........... | 29 |
| 314. | **Закон** за вонсудско спогодување ...... | 30 |
| 315. | **Закон** за заклучување на стечајните постапки отворени согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај ................................................ | 49 |
| 316. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за задолжница ........... | 56 |
| 317. | **Закон** за дополнување на Законот за пригодни ковани пари ................... | 58 |
| 318. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност.................................... | 58 |
| 319. | **Закон** за финансиската полиција....... | 64 |
| 320. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.......................................... | 89 |
| 321. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за здравство ...................................................... | 89 |
| 322. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на водење евиденција за државјаните на Република Македонија и за обрасците што се применуваат односно издаваат...................... | 90 |
| 323. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупувачите на земјоделски производи и поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупните места на земјоделски производи.................. | 100 |
| 324. | **Правилник** за техничката опрема за вршење на погребување................ | 100 |
| 325. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за издавање на овластувањата за изработка на проектна документација, за ревизија на проектна документација, за инженер за изведба и за надзорен инженер....................................... | 100 |
| 326. | **Решение** за изменување на Решението за зголемено ниво на официјални контроли на храна за животни и храна од неживотинско потекло при увоз во Република Македонија............................. ..................... | 105 |
| | **Огласен дел**....................................... | 1-32 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**310.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2014 година.

Бр. 07- 327/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Член 1

Во Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" број 66/10 и 145/10), во членот 14 точката 2 се менува и гласи:

„да има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) од областа на економските, правните науки, информатичката технологија или друго соодветно образование за вршење ревизија;".

Член 2

Во членот 15 ставот (2) се менува и гласи:

„Времето поминато на практика заради стручно оспособување во Државниот завод за ревизија и во друштва за ревизија, во однос на условите за полагање на испитот се смета како време поминато на работа во тие институции."

Член 3

Членот 16 се менува и гласи:

"(1) Стручен испит потребен за добивање на звање овластен државен ревизор (во натамошниот текст: стручен испит) можат да полагаат лица кои ги исполнуваат условите од членот 14 од овој закон.

(2) Стручниот испит се состои од два дела, и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(3) Првиот дел од стручниот испит се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(4) Првиот дел од стручниот испит се полага по предметите:

1) методологија на ревизијата;

2) примена на меѓународни сметководствени стандарди;

3) основи на информациони системи и технологија;

4) кодекс на етика на државните ревизори и

5) уставно уредување на Република Македонија и регулатива (државна ревизија, организација на државна управа, државни и јавни службеници, исплата на плати, работни односи, јавни набавки, облигациони односи, даночен систем, сметководство за буџетите и буџетските корисници и за јавните претпријатија).

(5) Вториот дел на стручниот испит се состои од:

1) практичен пример;

2) прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример и/или

3) задачи кои треба кандидатот да ги реши врз основа на анализата на практичниот пример.

(6) Државниот завод за ревизија ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит согласно со ставот (4) на овој член.

(7) Главниот државен ревизор пропишува по кои предмети од првиот дел од стручниот испит се полага втор дел согласно со ставот (5) на овој член."

Член 4

Членот 17 се менува и гласи:

"(1) Стручниот испит се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.

(2) Програмата за полагање на стручниот испит по предметите од членот 16 од овој закон ја донесува главниот државен ревизор."

Член 5

По членот 17 се додаваат 23 нови члена 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д, 17-ѓ, 17-е, 17-ж, 17-з, 17-ѕ, 17-и, 17-ј, 17-к, 17-л, 17-љ, 17-м, 17-н, 17-њ, 17-о, 17-п, 17-р, 17-с и 17-т, кои гласат:

"Член 17-а

(1) Обуката за предметите од наставната програма ја спроведуваат едукатори ангажирани од Државниот завод за ревизија. Едукатор може да биде лице кое има универзитетско образование и работно искуство од десет години од соодветната област за која ќе држи предавања. Во спроведувањето на обуката може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и од странство.

(2) Базите на прашања и/или задачи за стручниот испит ги подготвуваат едукаторите од ставот (1) на овој член.

(3) Прашањата за стручниот испит ги верификува Комисија за спроведување на стручниот испит (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од:

1) две лица овластени од министерот за финансии и

2) три лица овластени од главниот државен ревизор.

(4) Начинот на формирање и работењето на Комисијата од ставот (3) на овој член поблиску ги пропишува главниот државен ревизор.

(5) Комисијата од ставот (3) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базата на прашања од членот 17-љ став (6) од овој закон најмалку еднаш годишно.

(6) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, бројот на кандидати кои го одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базата на прашања.

(7) Врз основа на извршената ревизија на базата на прашања, Комисијата одлучува прашањата да бидат изменети или целосно отстранети од базата на прашања.

(8) Едукаторите и членовите на Комисијата од ставовите (1) и (3) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува главниот државен ревизор.

(9) Износот на паричниот надоместок од ставот (8) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, како и сложеноста на материјата.

(10) Годишниот износ на паричен надоместок од ставот (8) на овој член не го надминува износот на две просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година објавена од Државниот завод за статистика.

Член 17-б

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Државниот завод за ревизија, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од Комисијата.

Член 17-в

(1) Обуката и стручниот испит се спроведуваат врз основа на констатирана потреба од страна на Државниот завод за ревизија, но најмалку еднаш годишно.

(2) Државниот завод за ревизија со оглас во дневен печат и на својата веб страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката, односно стручниот испит.

(3) Доколку не се пријават повеќе од пет кандидати Државниот завод за ревизија може да не ја спроведе обуката, односно испитот.

Член 17-г

Постапката за спроведување на испитите по предметите од членот 16 став (4) од овој закон поблиску ја пропишува главниот државен ревизор.

Член 17-д

Стручниот испит се полага по завршување на обуката за секој предмет одделно.

Член 17-ѓ

(1) Барањето за полагање на стручниот испит кандидатот го поднесува до Државниот завод за ревизија.

(2) Со барањето за полагање на стручниот испит кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит пропишани со овој закон.

Член 17-е

(1) Државниот завод за ревизија со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручниот испит.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на стручниот испит може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 17-ж

(1) Кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на стручниот испит, преку електронска пошта се известува за времето и местото за полагање на стручниот испит, најдоцна во рок од осум дена пред полагањето на стручниот испит.

(2) На кандидатот мора да му се овозможи да го полага стручниот испит во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на стручниот испит.

(3) Кандидатот е должен во рок од пет дена од добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член, преку електронска пошта да го пријави учеството на стручниот испит.

Член 17-з

(1) Стручниот испит се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Датумот и времето на полагањето на стручен испит се објавуваат на веб страницата на Државниот завод за ревизија најмалку три дена пред одржувањето на испитот.

(3) Полагањето на стручниот испит се снима и во живо се емитува на веб страницата на Државниот завод за ревизија, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Државниот завод за ревизија.

(4) Правното лице кое го спроведува испитот треба да ги исполнува просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот, кои услови поблиску ги пропишува главниот државен ревизор.

(5) Во просторијата за полагање на стручниот испит за време на полагање на испитот се присутни двајца овластени претставници од Државниот завод за ревизија, членовите на Комисија од членот 17-а став (3) од овој закон, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и еден информатичар предложен од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 17-ѕ

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит, овластениот претставник од Државниот завод за ревизија го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта или патна исправа.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од стручниот испит не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од стручниот испит му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кој во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот, калкулатор и пенкало.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од стручниот испит не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од членот 17-з став (5) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

(9) Лицата од членот 17-з став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага стручниот испит, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 17-и

(1) Ако во текот на обуката и полагањето на стручниот испит настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да присуствува односно полага (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), обуката и стручниот испит се одлагаат за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на стручниот испит донесува главниот државен ревизор по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на стручниот испит, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на стручниот испит за овластен државен ревизор во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека стручниот испит не го положил.

(4) Против решението на главниот државен ревизор од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во случајот од ставот (2) на овој член кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има положено.

Член 17-ј

(1) Стручниот испит започнува со полагање на првиот дел .

(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

(3) Начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот поблиску го пропишува главниот државен ревизор.

Член 17-к

(1) Првиот дел од испитот се полага по секој од предметите наведени во членот 16 став (4) од овој закон со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични и две не се точни.

(2) Кандидатот мора да ги положи сите испити од првиот дел во најмногу три последователни сесии.

(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 17-л

(1) Бројот на прашањата и/или задачите и начинот на полагање на вториот дел од стручниот испит поблиску ги пропишува главниот државен ревизор.

(2) Кандидатот мора вториот дел да го положи во две последователни сесии по завршувањето на теоретскиот дел.

(3) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од стручниот испит согласно со ставот (2) на овој член истиот ќе се смета дека стручниот испит не го положил.

Член 17-љ

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот зависно од тежината се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со проучување на практичен пример од областа на предметот и одговарање на прашања и/или решавање на задачи кои кандидатот треба да ги одговори, односно реши врз основа на практичниот пример во вид на електронско софтверско решение. Задачите кои се составен дел на вториот дел од стручниот испит се решаваат писмено на хартија.

(4) Начинот на бодирањето на прашањата од вториот дел на стручниот испит поблиску ги пропишува главниот државен ревизор.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори, практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичниот пример и нивните одговори,како и задачите и нивните решенија, доколку се во електронска форма, се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.

(6) Електронскиот систем од ставот (5 ) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 500 прашања од областа на предметите од членот 16 став (4) од овој закон за потребите на првиот дел од испитот од кои 50% прашања се од стручната литература, како и јавно достапна база од најмалку 50 практични примери, прашања и задачи за потребите на вториот дел од стручниот испит.

(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од стручниот испит и прописите за вториот дел од стручниот испит.

(8) Резултатите од полагањето на првиот дел од стручниот испит за овластен државен ревизор му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот веднаш по неговото завршување.

(9) Резултатите од полагањето на вториот дел од стручниот испит му се достапни на кандидатот најдоцна во рок од пет дена од денот на полагањето.

(10) Кандидатот кој не го положил вториот дел од стручниот испит, како и кандидатот кој смета дека одговорите не му се соодветно бодирани, во рок од три дена може да изврши увид во својот испит и да испрати писмена забелешка до Државниот завод за ревизија.

(11) Доставените писмени забелешки ги разгледува Комисијата од членот 17-а став (3) од овој закон најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на забелешките и може да направи корекција на бројот на освоени бодови доколку утврди дека е настаната грешка при бодирањето.

(12) По истекот на рокот за разгледување на забелешките Државниот завод за ревизија на својата веб страница објавува официјална листа на кандидати кои го положиле испитот.

(13) Државниот завод за ревизија го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на испитот за овластен државен ревизор.

Член 17-м

(1) На денот на полагањето на стручниот испит претставникот на Државниот завод за ревизија му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 17-љ од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за стручниот испит, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 17-љ став (5) од овој закон, од базите од членот 17-љ став (6) од овој закон.

(3) Првиот и вториот дел од стручниот испит содржат упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставникот на Државниот завод за ревизија дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на стручниот испит не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно практичен пример и прашања и/или задачи за вториот дел од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

Член 17-н

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од стручниот испит, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 17-љ од овој закон полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

Член 17-њ

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути за секој од предметите наведени во членот 16 став (4) од овој закон.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 17-о

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата и/или решавање на задачите од практичниот пример изнесува 120 минути за секој од предметите наведени во членот 16 став (4) од овој закон.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 17-п

(1) На кандидатите кои го положиле стручниот испит им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршување на стручниот испит .

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува главниот државен ревизор.

Член 17-р

На барање на кандидатот Државниот завод за ревизија му овозможува непосреден увид во тестот.

Член 17-с

(1) Тестовите, прашањата и задачите се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(2) Материјалите од одржаните стручни испити, особено хартиените верзии од тестовите и задачите за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните стручни испити се чуваат во Државниот завод за ревизија.

(3) Главниот државен ревизор формира Комисија за ревизија на одржаните стручни испити, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член. Во Комисијата за ревизија, покрај другите членови, задолжително членуваат и две лица определени од Министерството за финансии.

(4) Комисијата за ревизија се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку една сесија одржана во тековната година.

(5) Комисијата за ревизија има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на стручните испити одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на Комисијата за ревизија, но не порано од денот на примена на овој закон.

(6) Доколку Комисијата за ревизија утврди нерегуларности во спроведувањето на стручниот испитот за овластен државен ревизор од страна на поединци во смисла на членот 17-ѕ став (5) од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 17-п од овој закон.

(7) Главниот државен ревизор донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата за ревизија во рок од три дена од приемот на предлогот.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 17-т

(1) За обуката и за полагање на стручниот испит кандидатот плаќа надоместок.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува главниот државен ревизор врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел од стручниот испит, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Надоместокот од ставот (1) на овој член се уплатува на сметката на Државниот завод за ревизија.

(4) Ако надоместокот не се уплати на соодветна сметка на Државниот завод за ревизија најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитот, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на стручниот испит.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на надоместокот не го полага стручниот испит, уплатените средства се враќаат согласно со закон.“

Член 6

По членот 39 се додаваат два нови члена 39-а и 39-б, кои гласат:

„Член 39-а

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 17-б од овој закон, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Државниот завод за ревизија и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Државниот завод за ревизија согласно со членот 17-з став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот, доколку не го прекине испитот согласно со членот 17-ѕ ставови ( 5) и (6) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 17-з став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 17-ѕ став (9) од овој закон.

Член 39-б

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на главниот државен ревизор ако не го донесе решението во рокот утврден во членот 17-с став (7) од овој закон.“

Член 7

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Единствениот електронски систем за полагање на испитот за овластен државен ревизор се воспоставува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Започнатите постапки за полагање на испитот за овластен државен ревизор до денот на започнувањето на примена на одредбите за полагање на испитот согласно со овој закон, ќе заврши според одредбите од прописите по кој започнал.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR REVIZION SHTETËROR**

Neni 1

Në Ligjin për revizion shtetëror (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 66/10 dhe 145/10), në nenin 14 pika 2 ndryshohet si vijon:

"të ketë të kryer arsimin e lartë katërvjeçar VII/1 ose të ketë studiuar sipas Deklaratës së Bolonjës dhe ka 240 kredi sipas sistemit evropian për transferim të kredive (SETK) nga sfera e shkencave ekonomike, shkencave juridike, teknologjia e informatikës ose arsim tjetër përkatës për kryerjen e revizionit;”.

Neni 2

Në nenin 15 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

“Koha e kaluar në praktikë për përsosje profesionale në Entin Shtetëror për Revizion dhe në shoqëri për revizion, lidhjur me kushtet për dhënien e provimit llogaritet si kohë e kaluar në punën në ato institucione."

Neni 3

Neni 16 ndryshohet si vijon:

(1) Provim profesional të nevojshëm për marrjen e titullit revizor i autorizuar shtetëror (në tekstin e mëtejmë: Provim profesional) mund të japin personat që i plotësojnë kushtet nga neni 14 i këtij ligji.

(2) Provimi profesional përbëhet nga dy pjesë edhe atë:

1) pjesa e parë (pjesa teorike), me të cilën kontrollohet njohuria teorike e kandidatëve dhe

2) pjesa e dytë (shembull praktik), me të cilën kontrollohet aftësia për zbatimin e ligjeve në praktikë.

(3) Pjesa e parë nga provimi profesional jepet me shkrim në formë elektronike, me përgjigjen e numrit të caktuar të pyetjeve në formë të zgjidhjes së testit elektronik në kompjuter.

(4) Pjesa e parë nga Provimi profesional jepet në lëndët:

1) metodologjia e revizionit;

2) zbatimi i standardeve ndërkombëtare të kontabilitetit;

3) baza të sistemit informativ dhe teknologjisë;

4) kodeksi i etikës së revizorëve shtetërorë dhe

5) rregullimi kushtetues i Republikës së Maqedonisë dhe rregullativa (revizioni shtetëror, organizimi i administratës shtetërore, nëpunësit shtetërorë dhe publikë, pagesa e rogave, marrëdhëniet e punës, furnizimet publike, marrëdhëniet obligative, sistemi tatimor, kontabiliteti për buxhetet dhe shfrytëzuesit buxhetorë dhe për ndërmarrjet publike).

(5) Pjesa e dytë e provimit profesional përbëhet nga:

1) shembulli praktik;

2) pyetje që kandidati duhet t’u përgjigjet në bazë të analizës së shembullit praktik dhe/ose

3) detyra që kandidati duhet t’i zgjidhë në bazë të analizës së shembullit praktik.

(6) Enti shtetëror për revizion e përcakton dhe publikon në ueb faqe përmbajtjen e detajuar të secilës prej lëndëve nga pjesa e parë nga provimi profesional në pajtim me paragrafin (4) të këtij neni.

(7) Kryerevizori shtetëror përcakton se për cilat lëndë nga pjesa e parë e provimit profesional jepet pjesë e dytë në pajtim me paragrafin (5) të këtij neni."

Neni 4

Neni 17 ndryshohet si vijon:

"(1) Provimi profesional jepet sipas programit në të cilin janë përfshirë materiali, rregullat dhe literatura.

(2) Programin për dhënien e provimit profesional për lëndët nga neni 16 i këtij ligji e miraton Kryerevizori shtetëror."

Neni 5

Pas nenit 17 shtohen 23 nene të reja 17-a, 17-b, 17-v, 17-g, 17-d, 17-gj, 17-e, 17-zh, 17-z, 17-x, 17-i, 17-j, 17-k, 17-ll, 17-l, 17-m, 17-n, 17-nj, 17-o, 17-p, 17-r, 17-s dhe 17-t, si vijojnë:

"Neni 17-a

(1) Trajnimin për lëndët nga programi mësimor e zbatojnë edukatorë të angazhuar nga Enti shtetëror për revizion. Edukator mund të jetë personi që ka arsim universitar dhe përvojë pune prej dhjetë vjetësh nga sfera përkatëse për të cilën do të mbajë ligjërata. Në zbatimin e trajnimit mund të marrin pjesë dhe ekspertë të njohur nga praktika nga vendi dhe jashtë vendit.

(2) Bazat e pyetjeve dhe/ose detyrave për provimin profesional i përgatitin edukatorët nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Pyetjet për provimin profesional i verifikon Komisioni për zbatimin e provimit profesional (në tekstin e mëtejmë: Komisioni) , i formuar nga:

1) dy persona të autorizuar nga ministri i Financave dhe

2) tre persona të autorizuar nga Kryerevizori shtetëror.

(4) Mënyrën e formimit dhe të punës së Komisionit nga paragrafi (3) i këtij neni më afërsisht e përcakton Kryerevizori shtetëror.

(5) Komisioni nga paragrafi (3) i këtij neni kryen edhe revizion dhe azhurnim të bazës së pyetjeve nga neni 17-l paragrafi (6) i këtij ligji së paku një herë në vit.

(6) Gjatë revizionit Komisioni posaçërisht i ka parasysh ndryshimet e rregullave në të cilat është bazuar pyetja, numrin e kandidatëve që i janë përgjigjur, suksesin në përgjigjen e të njëjtave si dhe kriteret tjera që mund të ndikojnë në përmirësimin e kualitetit të bazës së pyetjeve.

(7) Në bazë të revizionit të kryer të bazës së pyetjeve, Komisioni vendos që pyetjet të ndryshohen ose të mënjanohen plotësisht nga baza e pyetjeve.

(8) Edukatorët dhe anëtarët e Komisionit nga paragrafët (1) dhe (3) të këtij neni kanë të drejtë në kompensim me para që e përcakton Kryerevizori shtetëror.

(9) Shuma e kompensimit në para nga paragrafi (8) i këtij neni përcaktohet në bazë të numrit të pyetjeve të përgatitura, si dhe ndërlikueshmërisë së materies.

(10) Shuma vjetore e kompensimit në para nga paragrafi (8) i këtij neni nuk e tejkalon shumën e dy rrogave mesatare të paguara në Republikën e Maqedonisë në vitin paraprak të shpallur nga Enti shtetëror për statistikë.

Neni 17-b

Punët profesionale dhe administrative për nevojat e zbatimit të provimit profesional i kryen Enti shtetëror për revizion, kurse provimin teknikisht e zbaton person juridik i regjistruar në Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë i zgjedhur nga Komisioni.

Neni 17 – v

(1) Trajnimi dhe Provimi profesional zbatohen në bazë të nevojës së konstatuar nga ana e Entit shtetëror për revizion, por së paku një herë në vjet.

(2) Enti shtetëror për revizion me shpallje në gazetë ditore dhe në ueb faqen e vet i njofton kandidatët e interesuar për kohën dhe vendin e mbajtjes së trajnimit, përkatësisht provimit profesional.

(3) Nëse nuk paraqiten më shumë se pesë kandidatë, Enti shtetëror për revizion mund të mos e zbatojë trajnimin, përkatësisht provimin.

Neni 17-g

Procedurën për realizimin e provimeve për lëndët nga neni 16 paragrafi (4) i këtij ligji, më afërsisht e përcakton Kryerevizori shtetëror.

Neni 17-d

Provimi profesional jepet pas përfundimit të trajnimit për secilën lëndë veç e veç.

Neni 17-gj

(1) Kërkesën për dhënien e provimit profesional kandidati e parashtron te Enti Shtetëror për Revizion.

(2) Me kërkesën për dhënien e provimit profesional kandidati është i detyruar të parashtrojë dëshmi për plotësimin e kushteve për dhënien e provimit profesional të përcaktuara me këtë ligj.

Neni 17-e

(1) Enti Shtetëror për Revizion me aktvendim përcakton nëse kandidati i plotëson kushtet për dhënien e provimit profesional.

(2) Kundër aktvendimit me të cilin refuzohet kërkesa për dhënie të provimit profesional, mund të ngrihet kontest administrativ para gjykatës kompetente në afat prej 30 ditësh nga pranimi i aktvendimit .

Neni 17-zh

(1) Kandidati të cilit i është miratuar kërkesa për dhënie të provimit profesional, përmes postës elektronike njoftohet për kohën dhe vendin e dhënies së provimit profesional, më së voni në afat prej tetë ditësh para dhënies së provimit profesional.

(2) Kandidatit doemos duhet t'i mundësohet ta japë Provimin profesional në terminin e parë të ardhshëm nga dita e kërkesës së miratuar për dhënien e provimit profesional.

(3) Kandidati është i detyruar në afat prej pesë ditësh nga marrja e njoftimit nga paragrafi (1) i këtij neni, përmes postës elektronike ta paraqesë pjesëmarrjen në provimin profesional.

Neni 17-z

(1) Provimi profesional jepet në lokal për dhënie të provimit, të pajisur posaçërisht për dhënien e provimit profesional me pajisje materiale-teknike dhe informatike, internet lidhje dhe pajisje për incizim të dhënies së provimit.

(2) Data dhe koha e dhënies së provimit profesional publikohet në ueb faqen e Entit shtetëror për revizion së paku tre ditë para mbajtjes së provimit.

(3) Dhënia e provimit profesional incizohet dhe drejtpërdrejt emitohet në ueb faqen e Entit shtetëror për revizion, e nëse për shkaqe teknike incizimi ndërpritet, incizimi nga i gjithë provimi vendoset në ueb faqen e Entit Shtetëror për Revizion.

(4) Personi juridik që e zbaton provimin duhet t'i plotësojë kushtet hapësinore dhe pajisjen materiale-teknike dhe informatike të lokaleve për dhënien e provimit, kushte të cilat më afërsisht i përcakton Kryerevizori shtetëror.

(5) Në lokalin për dhënien e provimit profesional, gjatë kohës së dhënies së provimit janë të pranishëm dy përfaqësues të autorizuar nga Enti shtetëror për revizion, anëtarët e Komisionit nga neni 17-a paragrafi (3) i këtij ligji, një përfaqësues nga Ministria e Financave, një përfaqësues nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të Zyrës së Kryetarit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe një informatikan i propozuar nga Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

Neni 17-x

(1) Para fillimit të dhënies së provimit profesional, përfaqësuesi i autorizuar nga Enti shtetëror për revizion e përcakton identitetin e kandidatit me shikim të letërnjoftimit ose dokumentit të udhëtimit.

(2) Kandidatit gjatë kohës së dhënies së pjesës së parë nga provimi profesional nuk i lejohet shfrytëzimi i ligjeve, ligje me koment dhe sqarim, telefonave mobilë, aparateve kompjuterike portative dhe mjeteve tjera teknike dhe informatike , lëndëve të përgatitura paraprakisht dhe ngjashëm.

(3) Kandidatit gjatë kohës së dhënies së pjesës së dytë të provimit profesional, i lejohet shfrytëzimi vetëm i ligjeve (pa komente dhe sqarime) që në versionin elektronik gjenden në kompjuterin në të cilin kandidati e jep provimin, kalkulator dhe stilolaps.

(4) Kandidatit gjatë kohës së dhënies së pjesës së parë dhe të dytë të provimit profesional nuk i lejohet të kontaktojë me kandidatë të tjerë ose persona përveç me informatikanin nga neni 17-z paragrafi (5) i këtij ligji, në rast se ka problem teknik me kompjuterin.

(5) Nëse problemet teknike me kompjuterin mënjanohen për pesë minuta provimi vazhdon, e nëse nuk mënjanohen në këtë afat provimi vetëm për atë kandidat ndërpritet dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tre ditësh nga dita e ndërprerjes së provimit. (6) Nëse ka probleme me më shumë se pesë kompjuterë dhe ato nuk mënjanohen në afat prej pesë minutash provimi ndërpritet për të gjithë kandidatët që e japin provimin dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tre ditë nga dita e ndërprerjes së provimit. (7) Nëse kandidati gjatë dhënies së pjesës së parë dhe të dytë të provimit vepron në kundërshtim me paragrafët (2), (3) dhe (4) të këtij neni, nuk do t'i lejohet dhënia e mëtejme e provimit në atë sesion provimesh.

(8) Në rastet nga paragrafi (7) i këtij neni, llogaritet se kandidati nuk e ka dhënë provimin dhe e njëjta konstatohet në procesverbalin për dhënie të provimit.

(9) Personat nga neni 17-z paragrafi (5) i këtij ligji, gjatë kohës së dhënies së provimit nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë sekonda në afërsi të drejtpërdrejtë të kandidatit që e jep provimin profesional, përveç në rast të mënjanimit të problemit teknik kur nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë minuta.

Neni 17-i

(1) Nëse gjatë trajnimit dhe dhënies së provimit profesional krijohen shkaqe të arsyeshme për të cilat kandidati nuk mund të marrë pjesë përkatësisht ta japë provimin (sëmundje, pushim i lindjes, shkollim jashtë

shtetit dhe ngjashëm), trajnimi dhe provimi profesional prolongohen për kohë të caktuar, e cila nuk mund të jetë më e gjatë se gjashtë muaj.

(2) Aktvendim për vazhdimin e provimit profesional miraton Kryerevizori shtetëror me lutje të kandidatit. Lutja parashtrohet në afat prej tetë ditësh nga ndërprerja e shkaqeve për prolongimin e provimit profesional, por më së voni në afat prej gjashtë muajsh.

(3) Nëse kandidati nuk parashtron lutje për vazhdimin e provimit profesional për revizor të autorizuar shtetëror në afat të përcaktuar në paragrafin (2) të këtij neni do të llogaritet se nuk e ka dhënë provimin profesional.

(4) Kundër aktvendimit të Kryerevizorit shtetëror nga paragrafi (2) i këtij neni kandidati mund të ngrejë kontest administrativ para gjykatës kompetente në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit.

(5) Në rastin nga paragrafi (2) i këtij neni kandidati nuk e jep atë pjesë të provimit që paraprakisht e ka kaluar.

Neni 17-j

(1) Provimi profesional fillon me dhënien e pjesës së parë.

(2) Pjesa e dytë jepet në afat prej së paku 15 ditësh pas dhënies së suksesshme të pjesës së parë.

(3) Mënyrën e ndarjes së pikëve të pjesës së parë dhe të dytë të provimit më afërsisht e përcakton Kryerevizori shtetëror.

Neni 17-k

(1) Pjesa e parë e provimit jepet për secilën nga lëndët e theksuara në nenin 16, paragrafi (4) i këtij ligji me pesë opsione për rrethim nga të cilat njëra është e saktë, dy janë të ngjashme dhe dy janë të pasakta.

(2) Kandidati doemos duhet t'i japë të gjitha provimet nga pjesa e parë në më së shumti tre sesione të njëpasnjëshme.

(3) Nëse kandidati nuk e ka dhënë pjesën e parë të provimit në pajtim me paragrafin (2) të këtij neni, do të konsiderohet se provimin nuk e ka dhënë.

Neni 17 – ll

(1) Numrin e pyetjeve dhe/ose detyrave dhe mënyrën e dhënies së pjesës së dytë të Provimit profesional më afërsisht e përcakton Kryerevizori shtetëror.

(2) Kandidati doemos duhet që pjesën e dytë ta japë në dy sesione të njëpasnjëshme pas përfundimit të pjesës teorike.

(3) Nëse kandidati nuk e ka dhënë pjesën e dytë të provimit profesional në pajtim me paragrafin (2) të këtij neni, i njëjti do të konsiderohet se nuk e ka dhënë provimin profesional.

Neni 17 – l

(1) Dhënia e pjesës së parë nga provimi profesional jepet me përgjigjen e pyetjeve në formë të zgjidhjes së testit elektronik në kompjuter.

(2) Pyetjet nga testi varësisht nga pesha, vlerësohen me pikë të caktuara në test.

(3) Dhënia e pjesës së dytë të provimit profesional kryhet me studim të shembullit praktik nga sfera e lëndës dhe përgjigje të pyetjeve dhe/ose zgjidhje të detyrave që kandidati duhet t'u përgjigjet përkatësisht t'i zgjidh në bazë të shembullit praktik në formë të zgjidhjes softuerike elektronike. Detyrat të cilat janë pjesë përbërëse e pjesës së dytë të Provimit profesional zgjidhen me shkrim në letër.

(4) Mënyrën e ndarjes së pikëve të pyetjeve nga pjesa e dytë e provimit profesional më afërsisht e përcakton Kryerevizori shtetëror.

(5) Pyetjet e përmbajtura në testet për dhënien e pjesës së parë të provimit profesional dhe përgjigjet e tyre, shembulli praktik dhe pyetjet që dalin nga shembulli praktik dhe përgjigjet e tyre, si dhe detyrat dhe zgjidhjet e tyre, nëse janë në formë elektronike, ruhen në sistemin unik elektronik për dhënien e provimit profesional.

(6) Sistemi elektronik nga paragrafi (5) i këtij neni përmban edhe bazë të arritshme publikisht prej së paku 500 pyetje nga sfera e lëndëve nga neni 16 paragrafi (4) i këtij ligji, për nevojat e pjesës së parë nga provimi nga të cilat 50% të pyetjeve janë nga literatura profesionale, si dhe bazë publikisht të arritshme prej së paku 50 shembuj praktikë, pyetje dhe detyra për nevojat e pjesës së dytë nga provimi profesional.

(7) Në sistemin elektronik përmbahet edhe udhëzim për rregullat dhe literaturën në të cilat përmbahen përgjigjet e pyetjeve nga pjesa e parë nga provimi profesional dhe rregullat për pjesën e dytë nga provimi profesional.

(8) Rezultatet nga dhënia e pjesës së parë nga provimi profesional për revizor të autorizuar shtetëror, kandidati i ka të kapshme në kompjuterin në të cilin e ka dhënë provimin, menjëherë pas përfundimit të tij.

(9) Rezultatet nga dhënia e pjesës së dytë të provimit profesional kandidati i ka të kapshme më së voni në afat prej pesë ditëve nga dita e dhënies.

(10) Kandidati që nuk e ka dhënë pjesën e dytë të provimit profesional, si dhe kandidati i cili konsideron se përgjigjeve nuk u janë ndarë pikë në mënyrë përkatëse, në afat prej tri ditësh mund të kryejë shikim në provimin e tij dhe të dërgojë vërejtje me shkrim te Enti shtetëror për revizion.

(11) Vërejtjet e dorëzuara me shkrim i shqyrton Komisioni nga neni 17 -a paragrafi (3) i këtij ligji më së voni në afat prej shtatë ditësh nga dita e pranimit të vërejtjeve dhe mund të bëjë korrigjim të numrit të pikave të marra nëse përcakton se ka ndodhur gabim gjatë ndarjes së pikave.

(12) Pas kalimit të afatit për shqyrtimin e vërejtjeve Enti Shtetëror për Revizion në ueb faqen e vet publikon listë zyrtare të kandidatëve që e kanë dhënë provimin.

(13) Enti Shtetëror për Revizion e vendos sistemin unik elektronik për dhënien e provimit për revizor të autorizuar shtetëror.

Neni 17-m

(1) Në ditën e dhënies së provimit profesional, përfaqësuesi i Entit Shtetëror për Revizion i jep kandidatit kod për qasje, përkatësisht fjalëkalim me të cilin i lejohet qasje në sistemin elektronik nga neni 17-l të këtij ligji.

(2) Pas lejimit të qasjes, kandidati merr test elektronik për provimin profesional, të gjeneruar me kompjuter, përmbajtjen e të cilit me zgjedhje të rastësishme e përcakton softueri i sistemit elektronik nga neni 17-l paragrafi (5) i këtij ligji, nga bazat nga neni 17-l paragrafi (6) të këtij ligji.

(3) Pjesa e parë dhe e dytë nga provimi profesional përmbajnë udhëzim për mënyrën e zgjidhjes së të njëjtit, për të cilin përfaqësuesi i Entit Shtetëror për Revizion jep sqarime, para se të fillojë dhënia e provimit.

(4) Sistemi elektronik për dhënien e provimit profesional nuk mund të lejojë ekzistimin e përmbajtjes identike të testit elektronik për pjesën e parë nga provimi, përkatësisht shembullit praktik dhe pyetjeve dhe/ose detyrave për pjesën e dytë nga provimi në një sesion për më shumë se një kandidat.

Neni 17-n

(1) Në rast të pengimit të zbatimit të pjesës së parë ose të dytë të provimit profesional, për shkaqe të cilat shkaktojnë pamundësi teknike të funksionimit të sistemit elektronik nga neni 17-l të këtij ligji, dhënia e provimit ndërpritet.

(2) Nëse shkaqet nga paragrafi (1) i këtij neni mënjanohen në afat prej 60 minutave nga ndërprerja e provimit, i njëjti vazhdon menjëherë pas mënjanimit të tyre.

(3) Nëse shkaqet nga paragrafi (1) i këtij neni nuk mënjanohen në afatin e caktuar nga paragrafi (2) i këtij neni, provimi ricaktohet për termin tjetër.

Neni 17-nj

(1) Kohëzgjatja e përgjithshme e kohës së caktuar për përgjigje të pyetjeve të pjesës së parë të testit për dhënie të provimit është 120 minuta, për secilën prej lëndëve të theksuara në nenin 16 paragrafi (4) të këtij ligji.

(2) Konsiderohet se provimin e ka dhënë ai kandidat i cili me përgjigje të sakta të pyetjeve të testit ka arritur së paku 70 % të numrit të përgjithshëm të pikëve pozitive të parapara.

Neni 17-o

(1) Kohëzgjatja e përgjithshme e kohës së caktuar për përgjigje të pyetjeve dhe/ose zgjidhje të detyrave nga shembulli praktik është 120 minuta, për secilën prej lëndëve të theksuara në nenin 16 paragrafi (4) të këtij ligji.

(2) Konsiderohet se provimin e ka dhënë ai kandidat i cili ka arritur së paku 70 % të numrit të përgjithshëm të pikëve pozitive të parapara.

Neni 17-p

(1) Kandidatëve të cilët e kanë kaluar provimin profesional u lëshohet certifikatë në afat prej 15 dite nga dita e përfundimit të provimit profesional.

(2) Formën dhe përmbajtjen e certifikatës nga paragrafi (1) i këtij neni e përcakton Kryerevizori shtetëror.

Neni 17-r

Me kërkesë të kandidatit, Enti Shtetëror për Revizion i mundëson shikim të drejtpërdrejtë në test.

Neni 17-s

(1) Testet, pyetjet dhe detyrat shfrytëzohen dhe i jepen kandidatit vetëm gjatë kohës së dhënies së provimit profesional.

(2) Materialet nga provimet profesionale, veçanërisht versionet në letër nga testet dhe detyrat për dhënie të provimit profesional dhe specimenet për kontroll të saktësisë së përgjigjeve të testit dhe detyrave, si dhe incizimet nga provimet profesionale të mbajtura ruhen në Entin Shtetëror për Revizion.

(3) Kryerevizori shtetëror formon Komision për revizion të provimeve profesionale, që në punën e vet i shfrytëzon materialet nga paragrafi (2) të këtij neni. Në Komisionin për revizion, krahas anëtarëve të tjerë, detyrimisht marrin pjesë edhe dy persona të caktuar nga Ministria e Financave.

(4) Komisioni për revizion mban mbledhje së paku njëherë në vit dhe kryen revizion të mënyrës së realizimit të së paku një sesioni të mbajtur në vitin rrjedhës.

(5) Komisioni për revizion ka të drejtë të kryejë revizion edhe të mënyrës së zbatimit të provimeve profesionale të mbajtura në pesë vitet e fundit nga dita e mbajtjës së mbledhjes së Komisionit për revizion, por jo më herët nga dita e fillimit të zbatimit të këtij ligji.

(6) Nëse Komisioni për revizion konstaton parregullsi në zbatimin e provimit profesional nga ana e individëve në kuptim të nenit 17-x paragrafi (5) i këtij ligji, propozon heqjen e Certifikatës nga neni 17-p të këtij ligji.

(7) Kryerevizori shtetëror miraton aktvendim për heqjen e certifikatës në bazë të Propozimit të Komisionit në afat prej tre ditëve nga pranimi i propozimit.

(8) Kundër aktvendimit nga paragrafi (7) të këtij neni mund të ngrihet kontest administrativ para gjykatës kompetente në afat prej 30 ditëve nga pranimi i aktvendimit.

Neni 17-t

(1) Për trajnimin dhe për dhënien e provimit profesional, kandidati paguan kompensim.

(2) Lartësinë e kompensimit nga paragrafi (1) i këtij neni e përcakton Kryerevizori shtetëror në bazë të shpenzimeve të bëra reale për trajnim dhe dhënie të provimit profesional, të domosdoshme për zbatimin e pjesës së parë dhe të dytë nga provimi profesional, përgatitjen e bazave të pyetjeve, zbatimin e testit elektronik, përpilimin e materialeve dhe ftesave dhe përpilimin e certifikatave.

(3) Kompensimi nga paragrafi (1) i këtij neni, paguhet në llogari të Entit Shtetëror për Revizion.

(4) Nëse kompensimi nuk paguhet në llogari përkatëse të Entit Shtetëror për Revizion më së voni 15 ditë para ditës së caktuar për fillimin e provimit, kandidatit nuk do t'i lejohet dhënia e provimit profesional.

(5) Nëse kandidati në afat prej një viti nga dita e pagimit të kompensimit nuk e jep provimin profesional, mjetet e paguara i kthehen në pajtim me ligjin."

Neni 6

Pas nenit 39 shtohen dy nene të reja 39-a dhe 39-b, si vijojnë:

"Neni 39-a

(1) Gjobë në shumë prej 4 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë do t'i kumtohet personit të autorizuar juridik i cili teknikisht e zbaton provimin nga neni 17-b të këtij ligji, nëse nuk e incizon, nuk e emiton drejtpërdrejt në ueb faqen e Entit Shtetëror për Revizion dhe nëse nuk e vendos incizimin e provimit të plotë në ueb faqen e Entit Shtetëror për Revizion në pajtim me nenin 17-z paragrafi (3) të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 4 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë do t'i kumtohet personit të autorizuar juridik i cili teknikisht e zbaton provimin, nëse nuk ndërpret provimin në pajtim me nenin 17-z paragrafët (5) dhe (6) të këtij ligji.

(3) Gjobë në shumë prej 500 deri në 1000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet përfaqësuesit të autorizuar nga neni 17-z paragrafi (5) të këtij ligji, nëse vepron në kundërshtim me nenin 17-x paragrafi (9) të këtij ligji.

Neni 39-b

Gjobë në shumë prej 1 000 deri në 1 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet Kryerevizorit shtetëror nëse nuk e miraton aktvendimin në afatin e përcaktuar në nenin 17-s paragrafi (7) të këtij ligji."

Neni 7

Aktet nënligjore të këtij ligji do të miratohen më së voni në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 8

Sistemi unik elektronik për dhënien e provimit profesional për revizor të autorizuar shtetëror vendoset në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 9

Procedurat e filluara për dhënie të provimit për revizor të autorizuar shtetëror deri në ditën e fillimit të zbatimit të dispozitave për dhënie të provimit në pajtim me këtë ligj, do të përfundojnë sipas dispozitave të rregullave sipas të cilave kanë filluar.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa nenet 1, 2, 3, 4, 5, 6 dhe 7 do të fillojnë të zbatohen një vit nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**311.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2014 година.

Бр. 07- 326/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА**

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” број 23/13), во членот 12 ставот (3) се менува и гласи:

“Се забранува набавување или нудење на дроги, психотропни супстанции и прекурзори на дете под 18 години и се забрануваат секакви незаконски активности и злоупотреба на детскиот труд за производство и трговија со дроги, психотропни супстанции и прекурзори.“

Член 2

Во членот 35 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Износот на посебниот додаток од ставот (1) на овој член се зголемува за 50% и изнесува 6.303 денари за самохран родител кој има дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот.“

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

“(3) Износите од ставовите (1) и (2) на овој член се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.“

Член 3

По членот 35 се додава нов член 35-а, кој гласи:

“Член 35-а

За самохран родител на дете за кое се остварува право на посебен додаток, во смисла на овој закон, се смета родител на:

- дете кое го издржува, ако другиот родител е починат,
- дете кое по смртта на еден родител остварило право на семејна пензија, а другиот родител е во работен однос,
- дете кое по смртта на еден родител остварило право на семејна пензија, а другиот родител не е во работен однос,
- дете од разведен брак ако родителот кај кого детето живее не живее во брачна, односно вонбрачна заедница,
- дете на кое едниот родител е непознат и
- дете на кое едниот родител се води за исчезнат.“

Член 4

По членот 39 се додава нов член 39-а, кој гласи:

“Член 39-а

Кога порастот на трошоците на живот за претходната година се пониски од последната година на усогласување или се со негативен предзнак, не се врши усогласување на износите од членовите 29, 31, 35, 37 и 39 од овој закон, односно истите ќе се обезбедуваат со последната усогласена година како поповолна за корисникот.“

Член 5

Во членот 72 зборовите: „член 69“ се заменуваат со зборовите: „член 70“.

Член 6

Во членот 81 став (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „склучен меѓу агенцијата и барателот на услуги.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По склучување на договорот од ставот (2) на овој член, агенцијата за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, склучува договор за вработување со лицето кое ќе ја обезбедува услугата кај барателот.“

Ставовите (3) станува став (4).

Во ставот (4) кој станува став (5) бројот “3“ се заменува со бројот “4“.

Член 7

Во членот 84 по зборот „возраст“ се додаваат зборовите: „како професионална дејност“.

Член 8

Во членот 87 став (3) по зборот „работа“ запирката и зборовите: „а доколку услугите ги врши во сопствениот дом да добие“ се бришат.

Член 9

Во членот 88 став (1) броевите „85 и 86“ се заменуваат со броевите „84, 85 и 86“.

Член 10

Во членот 120 став (2) зборовите: „членот 135“ се заменуваат со зборовите: „членот 134“.

Член 11

Во членот 168 по ставот (10) се додаваат два нови става (11) и (12), кои гласат:

„(11) Во јавните детски градинки со цел за унапредување на развојот на личноста на детето, талентот, физичките, креативните и другите способности, задолжително се реализираат програмски активности од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, здравиот начин на живот, рекреативни и слободни активности и спорт, согласно со програмите од ставот (12) на овој член.

(12) Програмите од ставот (11) на овој член ги донесува министерот.“

Ставовите (11) и (12) стануваат ставови (13) и (14).

Член 12

По членот 177 се додаваат 13 нови члена 177-а, 177-б, 177-в, 177-г, 177-д, 177-ѓ, 177-е, 177-ж, 177-з, 177-ѕ, 177-и, 177-ј и 177-к, кои гласат:

„Член 177-а

(1) Директори на установи за деца; стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст; физички лица кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во сопствениот дом и во домот на родителите на детето; лица вработени во агенциите за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и на лица кои се заинтересирани да се вклучат во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст полагаат стручен испит заради проверка на потребното стручно знаење за вршење на работи од дејноста.

(2) Стручен испит може да полага лице кои ги исполнува следниве услови:

- да има диплома или уверение за завршено соодветно образование согласно со членовите 120 ставови (2) и (3) и 134 ставови (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (7) од овој закон,
- да е државјанин на Република Македонија,
- да има лекарско уверение за здравствена состојба,
- да има потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право,
- да има потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има потврда дека не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое, во согласност со закон, е утврдено дискриминаторско однесување и
- да има потврда со правосилна одлука да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност сѐ додека траат последиците од забраната.

Член 177-б

(1) Стручниот испит се состои од два дела, и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (студија на случај), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) Првиот дел од испитот од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Вториот дел на испитот се состои од практичен пример.

Член 177-в

(1) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.

(2) Програмата за полагање на испитот од соодветната област ја донесува Комисијата за издавање, обновување, продолжување и одземање на лиценци за работа на лица кои се вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од преучилишна возраст, на директори на установи за деца, како и на лица кои се заинтересирани да се вклучат во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Член 177-г

(1) Базите на прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот од членот 177-ѕ од овој закон ги изготвуваат членовите на Комисијата од членот 175 од овој закон.

(2) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери во вториот дел од испитот ги верификува Комисија за верификација на прашања составена од пет члена и тоа двајца претставници од Министерството, еден професор од факулет или институт за општествено хуманистички науки именувани од министерот, еден претставник од репрезентативниот синдикат и еден претставник на ЗЕЛС.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери од членот 177-ѕ од овој закон најмалку еднаш годишно.

(4) При ревизијата Комисијата од ставот (2) на овој член особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговорале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базите од членот 177-ѕ од овој закон.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери, Комисијата од ставот (2) на овој член одлучува кои прашања на практични примери да бидат изменети или целосно отстранети од базите од членот 177-ѕ од овој закон.

(6) Членовите на Комисијата од ставот (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува министерот.

(7) Годишниот паричен надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува нивото на две просечни плати во Република Македонија за претходната година објавена од Државниот завод за статистика.

(8) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Комисијата од ставот (1) на овој член, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот.

Член 177-д

(1) Стручниот испит се спроведува најмалку два пати годишно.

(2) Барањето за полагање на испит заинтесираните кандидати го поднесуваат до Комисијата од членот 175 од овој закон, заедно со докази за исполнување на условите за полагање на испитот, пропишани со овој закон.

(3) Комисијата од членот 175 од овој закон, утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.

(4) За одобрените барања за полагање на испитот Комисијата од членот 175 од овој закон, го определува времето и местото за полагање на испитот, а кандидатот го известува најдоцна во рок од осум дена пред полагање на испитот.

(5) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

(6) Доколку кандидатот не ги исполнува условите за полагање на испит Комисијата од членот 175 од овој закон, донесува решение за одбивање на барањето за полагање на испитот, против кое може да се поднесе жалба до министерот.

Член 177-ѓ

(1) Стручниот испит се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Јавноста се информира за датумот и времето на полагањето на испитот најмалку три дена пред одржувањето на испитот.

(3) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на министерството, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на министрество.

(4) Критериумите за просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит ги пропишува министерот.

(5) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот се присутни најмалку тројца членови на Комисијата и информатичар од министерството.

Член 177-е

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот, претставник на Комисијата од членот 175 од овој закон го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот, му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарите од членот 177-ѓ став (5) од овој закон, доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записник за полагање на испит.

(9) Овластените претставници од членот 177-ѓ став (5) од овој закон, за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 177-ж

(1) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на испитот донесува претседателот на Комисијата од членот 175 од овој закон, по барање на кандидатот. Барањето се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе барање за продолжување на полагање на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не е положен.

(4) Против решението од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба до министерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

Член 177-з

(1) Испитот започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (студија на случај).

(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку пет дена по успешното полагање на првиот дел.

(3) Комисијата од членот 175 од овој закон поблиску го утврдува начинот на бодување на првиот и вториот дел од испитот.

(4) Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандидатот да го положи првиот дел од испитот.

(5) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (4) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(6) Вториот дел од испитот се состои од практичен пример.

(7) Прашањата кои се составен дел од практичниот пример се од соодветната област и имаат пет можни опции на одговори од кои една е точна, три се слични и две се различни.

(8) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 177-ѕ

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со практичен пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример, во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: електронски практичен пример).

(4) Прашањата од практичниот пример зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичните примери и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на испитот.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 100 прашања за секоја област, како и јавно достапна база од најмалку 30 практични примери за секоја област, за потребите на вториот дел од испитот.

(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.

(8) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Член 177-и

(1) На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од испитот, претставник на Комисијата од членот 175 од овој закон му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 177-ѕ од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 177-ѕ став (5) од овој закон, од базите од членот 177-ѕ став (6) од овој закон.

(3) Првиот и вториот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на Комисијата од ставот (1) на овој член дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

(5) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 177-ѕ од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(6) Доколку причините од ставот (5) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(7) Доколку причините од ставот (5) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (6) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

(8) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(9) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

(10) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од секоја од практичниот пример од вториот дел изнесува 120 минути.

(11) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 177-ј

(1) На кандидатите кои го положиле стручниот испит им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршување на испитот, кое претставува потврда дека кандидатот успешно ја поминал проверката на примената на стручното знаење за стекнување на лиценците од членот 178 ставови (2) точки 1, 2, 3 и 4, (3) и (4) од овој закон.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

(3) На барање на кандидатот Комисијата од членот 175 од овој закон го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит, со овозможување непосреден увид во тестот.

(4) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(5) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и спецimeните за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, се чуваат во министерството од страна на одговорно лице, член на комисијата.

(6) Министерот формира Комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (5) на овој член.

(7) Комисијата од ставот (6) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку два испита одржани во тековната година.

(8) Комисијата од ставот (6) на овој член има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните две години до денот на одржувањето на состанокот на комисијата, но не порано од денот на примената на овој закон.

(9) Доколку Комисијата од ставот (6) на овој член утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 177-е став (5) од овој закон, предлага одземање на уверението од ставот (1) на овој член.

(10) Комисијата донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата од ставот (6) на овој член во рок од три дена од приемот на предлогот.

(11) Против решението од ставот (10) на овој член може да се поднесе жалба до министерот во рок од 15 дена од приемот на решението.

Член 177-к

Комисијата го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на стручен испит.“

Член 13

Во членот 206 ставот (1) се менува и гласи:

„Инспекцискиот надзор го вршат инспектори, а инспектор може да биде лице кое:

- е државјанин на Република Македонија,
- е полнолетно,
- има општа здравствена способност,
- не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност,
- има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на општествените науки , што се докажува со уверение,
- има пет години работно искуство во дејноста,
- ги исполнува другите услови утврдени во актот за систематизација на работните места,
- поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:

1) Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен;
2) Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
3) ECDL: Core - положен,

- има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место преку полагање на психолошки тест и тест за интегритет, согласно со прописите кои се однесуваат на државните службеници и
- има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.“

Во ставот (2) зборовите: “и овластува друг државен службеник“ се бришат.

Член 14

Во членот 207 став (1) по зборовите: „од овој закон“ се додаваат зборовите: „без да има стекнато лиценца од членот 206 став (1) алинеја 10 од овој закон“.

Во ставот (3) зборовите: „и овластениот државен службеник од министерството“ се бришат.

Во ставот (4) зборовите: „и овластениот државен службеник од министерството“ се бришат.

Член 15

Во членот 208 зборовите: „ и овластениот државен службеник“ се бришат.

Член 16

По членот 208 се додава нов член 208-а, кој гласи:

„Член 208-а

(1) Министерот изготвува предлог на годишна програма за работа на инспекциската служба и истата ја доставува до Инспекцискиот совет, најдоцна до 31 октомври во тековната година за следната година.

(2) Министерот ја донесува годишната програма за работа од ставот (1) на овој член во рок од седум дена од денот на приемот на согласноста, односно најдоцна до 10 декември во тековната година доколку Инспекцискиот совет не ја разгледа и не достави согласност.

(3) Врз основа на донесената годишна програма министерот подготвува квартални планови за работа на секој инспектор, кои збирно ги доставува на разгледување до Инспекцискиот совет најдоцна две недели пред почетокот на следниот календарски квартал и тоа до 15 декември за првиот квартал од следната година, до 15 март за вториот, до 15 јуни за третиот, односно до 15 септември за четвртиот квартал во тековната година.

(4) Во кварталните планови за работа за секој инспектор, министерот задолжително го внесува бројот на планирани надзори во следните три месеци, како и степенот на сложеност на секој од надзорите.

(5) Врз основа на кварталните планови, за секој инспектор министерот подготвува месечен план за работа, кој план содржи и распоред на надзори по датуми и по субјекти на надзор.

(6) Министерот најдоцна две недели од почетокот на тековниот календарски квартал за претходниот до Инспекцискиот совет збирно доставува квартални извештаи за работата на секој инспектор и тоа до 15 јануари за четвртиот квартал од претходната година, до 15 април за првиот квартал, до 15 јули за вториот, односно до 15 октомври за третиот квартал во тековната година.

(7) Министерот најдоцна до 1 март во тековната година до Инспекцискиот совет доставува годишен извештај за работата на инспекциската служба за претходната.

(8) Градоначалникот на општината и на општината на градот Скопје ја донесува годишната програма за работа на инспекциската служба најдоцна до 15 декември во тековната за наредната година.“

Член 17

Во членот 209 ставот (2) се менува и гласи:

„Редовниот инспекциски надзор е најавен надзор.“

Во ставот (4) зборовите: „и овластениот државен службеник“ се бришат.

Член 18

Во членот 211 зборовите: „и овластениот државен службеник“ се бришат.

Член 19

Во членот 212 ставови (1), (2), (3), (4) и (5) зборовите: „и овластениот државен службеник“ се бришат.

Член 20

Во членот 213 зборовите: „и овластениот државен службеник“ се бришат.

Член 21

Во членот 214 ставови (1), (7) и (8) зборовите: „и овластениот државен службеник“ се бришат.

Во ставот (11) зборовите: „и овластените државни службеници“ се бришат.

Член 22

Во членот 215 ставови (1) и (3) зборовите: „и овластениот државен службеник“ се бришат.

Член 23

Во членот 216 ставови (1) и (2) зборовите: „и овластениот државен службеник“ се бришат.

Член 24

Во членот 217 став (1) зборовите: „и овластениот државен службеник“ се бришат, а зборовите: „комисија составена од три члена и нивни заменици именувани од министерот, односно градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје“ се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Ставот (2) се брише.

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (2), (3) и (4).

Член 25

Во членот 218 ставови (1) и (2) зборовите: „и овластениот државен службеник“ се бришат.

Член 26

Во членот 220 став (1) зборовите: „и овластен државен службеник за спроведување на инспекциски надзор“ се бришат.

Член 27

Во членот 228 став (1) алинеја 3 зборовите: „став (12)“ се заменуваат со зборовите: „став (14)“.

Во алинејата 4 зборовите: „став (11)“ се заменуваат со зборовите: „став (13)“.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- не ги остварува задолжителните програми донесени од министерот (член 168 став (11)),“.

Член 28

По членот 229 се додава нов член 229-а, кој гласи:

„Член 229-а

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое е вклучено во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, на директор за установа за деца, како и на физичко лице кое е вклучено во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ангажирано од агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и од физичко лице кое одделни работи од дејноста врши како професионална дејност, доколку не поседува соодветна лиценца за работа (член 178 став (1)).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во установата за деца, односно на физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност во сопствениот дом, односно на одговорното лице на агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, доколку вработи лице кое не поседува соодветна важечка лиценца за работа (член 178 став (1)).“

Член 29

По членот 230 се додаваат два нови члена 230-а и 230-б, кои гласат:

„Член 230-а

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на:

- овластените претставници од членот 177-ѓ став (5) од овој закон, доколку за време на полагањето на испитот се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот (член 177-е став (9)) и

- на претседателот на комисијата, доколку не донесе решение во рок утврден со членот 177-ј став (10) од овој закон.

Член 230-б

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата која го спроведува испитот од членот 177-г став (8) од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 177-е ставови (5) и (6) од овој закон.“

Член 30

Во членот 234 став (2) бројот „168“ се заменува со бројот „163“.

Член 31

Постапките за остварување на правото на посебен додаток, започнати пред денот на започнувањето на примената на членот 2 од овој закон со кој се менува членот 35 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” број 23/13), ќе се довршат согласно со одредбите од прописите кои важеле до денот на започнувањето на неговата примена.

Член 32

Единствениот електронски систем за полагање на стручен испит ќе се воспостави во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 33

Започнатите постапки за полагање на стручен испит за директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст; физички лица кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во сопствениот дом и во домот на родителите на детето; лица вработени во агенциите за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и на лица кои се заинтересирани да се вклучат во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

Член 34

Подзаконските акти предвидени со овој закон се донесуваат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 35

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на децата.

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од членовите 2 и 3 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2014 година. Одредбите од членовите 12 и 29 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, а одредбите од членовите 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 мај 2014 година.

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJE TË FËMIJËVE

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtje të fëmijëve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 23/13), në nenin 12 paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Ndalohet furnizimi ose ofrimi i drogave, substancave psikotropike dhe prekursorëve fëmijës nën moshën 18 vjeçare dhe ndalohen të gjitha aktivitetet joligjore dhe keqpërdorimet e punës së fëmijëve për prodhimin dhe tregtinë me droga, substanca psikotropike dhe prekursorë.“

Neni 2

Në nenin 35 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Shuma e tatimit të veçantë nga paragrafi (1) i këtij neni, zmadhohet për 50% dhe është 6 303 denarë për prind vetëmbajtës që ka fëmijë me nevoja specifike që ka pengesa në zhvillimin trupor ose mental ose pengesa të kombinuara në zhvillim deri në 26 vite jetë.”

Paragrafi (2) i cili bëhet paragraf (3) ndryshohet si vijon:

“(3) Shumat nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni harmonizohen me rritjen e shpenzimeve për jetesë për vitin paraprak të publikuara nga Enti Shtetëror i Statistikës, në janar për vitin rrjedhës.”

Neni 3

Pas nenit 35 shtohet nen i ri 35-a, si vijon:

"Neni 35-a

Për prind vetëmbajtës të fëmijës për të cilin realizohet e drejta e shtesës së veçantë, në kuptim të këtij ligji, konsiderohet prindi i:

- fëmijës që e mban, nëse prindi tjetër ka vdekur,
- fëmijës që pas vdekjes së njërit prind ka realizuar të drejtën e pensionit familjar, e prindi tjetër është në marrëdhënie pune,
- fëmijës që pas vdekjes së njërit prind ka realizuar të drejtën e pensionit familjar, e prindi tjetër nuk është në marrëdhënie pune,
- fëmijës nga martesa e shkurorëzuar nëse prindi te i cili jeton fëmija nuk jeton në bashkësi martesore, respektivisht jashtëmartesore,
- fëmijës të cilit njëri prind nuk i dihet dhe
- fëmijës të cilit njëri prindi i konsiderohet i zhdukur."

Neni 4

Pas nenit 39 shtohet nen i ri 39-a, si vijon:

"Neni 39-a

Kur rritja e shpenzimeve të jetesës për vitin e kaluar janë më të ulëta nga viti paraprak i harmonizimit ose janë me shenjë negative, nuk bëhet harmonizim me shumat nga nenet 29, 31, 35, 37 dhe 39 të këtij ligji, respektivisht të njëjtat do të sigurohen nga viti i fundit i harmonizimit si më i volitshëm për shfrytëzuesin.”

Neni 5

Në nenin 72 fjalët: “neni 69" zëvendësohen me fjalët: “neni 70".

Neni 6

Në nenin 81 paragrafi (2) pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: “të lidhur ndërmjet agjencisë dhe kërkuesit të shërbimeve."

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Pas lidhjes së marrëveshjes nga paragrafi (2) i këtij neni, agjencia për dhënien e shërbimeve për ruajtje dhe përkujdesje të fëmijëve të moshës parashkollore, lidh marrëveshje për punësim me personin që do ta sigurojë shërbimin te kërkuesi."

Paragrafi (3) bëhet paragraf (4).

Në paragrafin (4) i cili bëhet paragraf (5) numri "3" zëvendësohet me numrin "4".

Neni 7

Në nenin 84 pas fjalës "moshë" shtohen fjalët: "si veprimtari profesionale".

Neni 8

Në nenin 87 paragrafi (3) pas fjalës "punë" presja dhe fjalët: "e nëse shërbimet i kryen në shtëpinë e vet të marrë" shlyhen.

Neni 9

Në nenin 88 paragrafi (1) numrat: "85 dhe 86" zëvendësohen me numrat: "84, 85 dhe 86".

Neni 10

Në nenin 120 paragrafi (2) fjalët: "neni 135" zëvendësohen me fjalët: "neni 134".

Neni 11

Në nenin 168 pas paragrafit (10) shtohet dy paragrafë të rinj (11) dhe (12), si vijojnë:

"(11) Në kopshtet publike për fëmijë me qëllim të avancimit të zhvillimit të personalitetit të fëmijës, talentit, aftësive fizike, kreative dhe aftësive tjera, detyrimisht realizohen aktivitete programore nga sfera e kulturës, veprimtarisë botuese, përkujdesëse dhe edukuese, ekologjisë, artit, mënyrës së shëndetshme të jetesës, aktivitete rekreative dhe sport, në pajtim me programet nga paragrafi (12) i këtij neni.

(12) Programet nga paragrafi (11) i këtij neni i miraton ministri."

Paragrafët (11) dhe (12) bëhen paragrafë (13) dhe (14).

Neni 12

Pas nenit 177 shtohen 13 nene të reja 177-a, 177-b, 177-v, 177-g, 177-d, 177-gj, 177-e, 177-zh, 177-z, 177-x, 177-i, 177-j dhe 177-k, si vijojnë:

"Neni 177-a

(1) Drejtorët e institucioneve për fëmijë; punëtorët profesionalë, bashkëpunëtorët profesionalë, edukatorët dhe infermierët në institucione për përkujdesje dhe edukim të fëmijëve të moshës parashkollore, personat fizikë të cilët kryejnë punë të caktuara nga veprimtaria përkujdesje dhe edukim të fëmijëve të moshës parashkollore në shtëpinë e vet dhe shtëpinë e prindërve të fëmijës; personat e punësuar në agjencitë për dhënie të shërbimeve për ruajte dhe përkujdesje të fëmijëve të moshës parashkollore si dhe të personave që janë të interesuar për t'u kyçur në sistemin për përkujdesje dhe edukim të fëmijëve të moshës parashkollore japin provim profesional për kontroll të njohurisë së nevojshme profesionale për kryerjen e punëve nga veprimtaria.

(2) Provim profesional mund të japë personi që i plotëson këto kushte:

- të ketë diplomë ose certifikatë për arsim të kryer përkatës, në pajtim me nenet 120 paragrafët (2) dhe (3) dhe 134 paragrafët (1), (2), (3), (4), (5), (6) dhe (7) të këtij ligji,
- të jetë shtetas i Republikës së Maqedonisë,
- të ketë certifikatë mjekësore për gjendjen shëndetësore,
- të ketë vërtetim se nuk i është hequr e drejta prindërore,
- të ketë vërtetim se nuk i është shqiptuar dënimi ndalim për kryerjen e profesionit, veprimtarisë ose detyrës,
- të ketë vërtetim se nuk i është shqiptuar dënim me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor për vepër penale për dhunë familjare, marrje të personit të mitur, moskujdesje ose abuzim të personit të mitur ose incest, për vepër penale nga grupi i veprave kundër lirisë gjinore, pa marrë parasysh sanksionin e shqiptuar dhe te i cili në përputhje me ligjin është përcaktuar sjellje diskriminuese dhe
- të ketë vërtetim me vendim të plotfuqishëm të mos i jetë shqiptuar ndalim për kryerjen e profesionit, veprimtarisë ose detyrës derisa zgjasin pasojat e ndalimit.

Neni 177-b

(1) Provimi profesional përbëhet nga dy pjesë si vijon:

- pjesa e parë (pjesa teorike), me të cilën kontrollohet njohuria teorike e kandidatëve dhe
- pjesa e dytë (studim i rastit), me të cilën kontrollohet aftësia praktike e kandidatëve.

(2) Pjesa e parë e provimit nga paragrafi (1) i këtij neni jepet me shkrim në formë elektronike, me përgjigje të numrit të caktuar të pyetjeve në formë të zgjidhjes së testit elektronik në kompjuter.

(3) Pjesa e dytë e provimit përbëhet nga shembulli praktik.

Neni 177-v

(1) Provimi jepet sipas programit në të cilin përmbahen materiali, rregullat dhe literatura.

(2) Programin për dhënien e provimit nga sfera përkatëse e miraton Komisioni për dhënien, përtëritjen, vazhdimin dhe heqjen e licencave për punë të personave që janë të kyçur në sistemin për përkujdesje dhe edukim të fëmijëve të moshës parashkollore, të drejtorëve të institucioneve për fëmijë si dhe të personave që janë të interesuar që të përfshihen në sistemin për përkujdesje dhe edukim të fëmijëve të moshës parashkollore.

Neni 177-g

(1) Bazat e pyetjeve për pjesën e parë dhe bazat e shembujve praktikë për pjesën e dytë të provimit nga neni 177-x të këtij ligji, i përpilojnë anëtarët e Komisionit nga neni 175 të këtij ligji.

(2) Pyetjet nga pjesa e parë e provimit dhe pyetjet dhe shembujt praktikë të pjesës së dytë të provimit i verifikon Komisioni për verifikim të pyetjeve, i përbërë nga pesë anëtarë edhe atë dy përfaqësues nga ministria, një profesor nga fakulteti apo instituti për shkenca shoqërore humanitare, të emëruar nga ministri, një përfaqësues nga sindikata reprezentative dhe një përfaqësues i BNJVL-së.

(3) Komisioni nga paragrafi (2) i këtij neni kryen edhe revizion dhe azhurnim të bazave të pyetjeve dhe bazave të shembujve praktikë nga neni 177-x të këtij ligji së paku një herë në vit.

(4) Gjatë revizionit Komisioni nga paragrafi (2) i këtij neni, në veçanti i ka parasysh ndryshimet e rregullave në të cilat është bazuar pyetja, respektivisht shembulli praktik, numrin e kandidatëve që e kanë përgjigjur, suksesin në përgjigjen e tyre, si dhe kriteret tjera që mund të ndikojnë në përmirësimin e kualitetit të bazave të nenit 177-x të këtij ligji.

(5) Në bazë të revizionit të kryer dhe azhurnimit të bazave të pyetjeve dhe bazave të shembujve praktikë, Komisioni nga paragrafi (2) i këtij neni, vendos se cilat pyetje dhe shembuj praktikë të ndryshohen ose të mënjanohen tërësisht nga bazat e nenit 177-x të këtij ligji.

(6) Anëtarët e Komisionit nga paragrafi (2) i këtij neni kanë të drejtë në kompensim në para që e përcakton ministri.

(7) Kompensimi vjetor në para nga paragrafi (6) i këtij neni, nuk e tejkalon nivelin e dy rrogave mesatare në Republikën e Maqedonisë për vitin paraprak, të publikuar nga Enti Shtetëror për Statistikë.

(8) Punët profesionale dhe administrative për nevojat e zbatimit të provimit profesional i kryen Komisioni nga paragrafi (1) i këtij neni, kurse provimin teknikisht e zbaton personi juridik i regjistruar në Regjistrin qendror i zgjedhur nga ministri.

Neni 177-d

(1) Provimi profesional zbatohet së paku dy herë në vit.

(2) Kërkesën për dhënien e provimit kandidatët e interesuar, e parashtrojnë te Komisioni nga neni 175 të këtij ligji, së bashku me dëshmi për plotësimin e kushteve për dhënien e provimit, të përcaktuara me këtë ligj.

(3) Komisioni nga neni 175 të këtij ligji, përcakton nëse kandidati i plotëson kushtet për dhënien e provimit.

(4) Për kërkesat e miratuara për dhënien e provimit, Komisioni nga neni 175 i këtij ligji, e cakton kohën dhe vendin e dhënies së provimit, kurse kandidatin e njofton më së voni në afat prej tetë ditëve para dhënies së provimit.

(5) Kandidatit i mundësohet që të fillojë ta japë provimin në terminin e parë të ardhshëm nga dita e kërkesës së miratuar për dhënie të provimit.

(6) Nëse kandidati nuk i plotëson kushtet për dhënien e provimit, Komisioni nga neni 175 i këtij ligji, miraton aktvendim për refuzimin e kërkesës për dhënien e provimit, kundër të cilit mund të parashtrohet ankesë te ministri.

Neni 177-gj

(1) Provimi profesional jepet në lokal për dhënien e provimit, të pajisur veçanërisht për dhënien e provimit profesional me pajisje materiale-teknike dhe informatike, lidhje interneti dhe pajisje për incizimin e dhënies.

(2) Publiku informohet për datën dhe kohën e dhënies së provimit së paku tri ditë para mbajtjes së provimit.

(3) Dhënia e provimit incizohet dhe drejtpërdrejt emitohet në ueb faqen e ministrisë, e nëse për shkaqe teknike incizimi ndërpritet, incizimi nga i tërë provimi vendoset në ueb faqen e ministrisë.

(4) Kriteret në lidhje me kushtet hapësinore dhe pajisjen materiale-teknike dhe informatike të lokaleve për dhënien e provimit profesional i përcakton ministri.

(5) Në lokalin për dhënien e provimit, gjatë kohës së dhënies së provimit janë të pranishëm së paku tre anëtarë të komisionit dhe informatikani nga ministria.

Neni 177-e

(1) Para fillimit të dhënies së provimit, përfaqësuesi nga komisioni nga neni 175 i këtij ligji, e përcakton identitetin e kandidadit me shikim të letërnjoftimit.

(2) Kandidatit, gjatë kohës së dhënies së pjesës së parë të provimit, nuk i lejohet shfrytëzimi i ligjeve, ligjeve me koment dhe sqarim, telefonit mobil, aparateve kompjuterike portative dhe mjeteve tjera teknike dhe informatike, lëndëve të përgatitura paraprakisht dhe ngjashëm.

(3) Kandidatit, gjatë kohës së dhënies së pjesës së dytë të provimit, i lejohet shfrytëzimi vetëm i ligjeve (pa komente dhe sqarime), që në version elektronik gjenden në kompjuterin në të cilin kandidati e jep provimin.

(4) Kandidatit, gjatë kohës së dhënies së pjesës së parë dhe të dytë të provimit, nuk i lejohet të kontaktojë me kandidatë ose persona tjerë përveç me informatikanët nga neni 177-gj paragrafi (5) të këtij ligji, në rast se ka problem teknik me kompjuterin.

(5) Nëse problemet teknike me kompjuterin mënjanohen për pesë minuta provimi vazhdon, e nëse nuk mënjanohen në këtë afat, provimi ndërpritet vetëm për atë kandidat dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tri ditësh nga dita e ndërprerjes së provimit.

(6) Nëse ka probleme me më shumë se pesë kompjuterë dhe ato nuk mënjanohen në afat prej pesë minutash provimi ndërpritet për të gjithë kandidatët që e japin provimin dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tri ditësh nga dita e ndërprerjes së provimit.

(7) Nëse kandidati gjatë dhënies së pjesës së parë dhe të dytë të provimit, vepron në kundërshtim me paragrafët (2), (3) dhe (4) të këtij neni, nuk do t'i lejohet dhënia e mëtejme e provimit në atë termin të caktuar.

(8) Në rastet nga paragrafi (7) i këtij neni, konsiderohet se kandidati nuk e ka dhënë provimin dhe kjo konstatohet në procesverbalin për dhënien e provimit.

(9) Përfaqësuesit e autorizuar nga neni 177-gj paragrafi (5) i këtij ligji, gjatë kohës së dhënies së provimit nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë sekonda në afërsi të kandidatit që e jep provimin, përveç në rast të mënjanimit të problemit teknik, kur nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë minuta.

Neni 177-zh

(1) Nëse gjatë dhënies së provimit krijohen shkaqe të arsyeshme për të cilat kandidati nuk mund ta vazhdojë dhënien e provimit (sëmundje, pushim i lindjes dhe ngjashëm), do të ndërpritet provimi për një kohë të caktuar, e cila nuk mund të jetë më e gjatë se gjashtë muaj.

(2) Aktvendim për vazhdimin e provimit miraton kryetari i komisionit nga neni 175 i këtij ligji, me kërkesë të kandidatit. Kërkesa parashtrohet në afat prej tetë ditëve nga ndërprerja e shkaqeve për prolongimin e provimit, por më së voni në afat prej gjashtë muajve.

(3) Nëse kandidati nuk parashtron kërkesë për vazhdimin e dhënies së provimit në afatin e përcaktuar në paragrafin (2) të këtij neni do të konsiderohet se provimi nuk është dhënë.

(4) Kundër aktvendimit nga paragrafi (2) i këtij neni, mund të parashtrohet ankesë te ministri në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit.

(5) Në vazhdimin e provimit, kandidati nuk e jep atë pjesë të provimit të cilën paraprakisht tanimë e ka dhënë.

Neni 177-z

(1) Provimi fillon me dhënien e pjesës së parë (pjesës teorike), e pastaj të pjesës së dytë (shembullit praktik).

(2) Pjesa e dytë jepet në afat prej së paku pesë ditësh pas dhënies së suksesshme të pjesës së parë.

(3) Komisioni nga neni 175 i këtij ligji, më afërsisht e përcakton mënyrën e ndarjes së pikëve në pjesën e parë dhe të dytë të provimit.

(4) Kusht për dhënien e pjesës së dytë të provimit është kandidati ta japë pjesën e parë të provimit.

(5) Nëse kandidati nuk e ka dhënë pjesën e parë të provimit në pajtim me paragrafin (4) të këtij neni, do të konsiderohet se provimin nuk e ka dhënë.

(6) Pjesa e dytë e provimit përbëhet nga shembulli praktik.

(7) Pyetjet të cilat janë pjesë përbërëse e shembullit praktik janë nga sfera përkatëse dhe kanë pesë opsione të mundshme përgjigjesh prej të cilave njëra është e saktë, tri janë të ngjashme dhe dy janë të ndryshme.

(3) Dhënia e provimit incizohet dhe drejtpërdrejt emitohet në ueb faqen e Ministrisë së Drejtësisë, e nëse për shkaqe teknike incizimi ndërpritet, incizimi i provimit të plotë vendoset në ueb faqen e Ministrisë së Drejtësisë.

(4) Kriteret lidhur me kushtet hapësinore dhe materiale teknike dhe pajisjen informatike në lokale për dhënien e provimit, i përcakton ministri i Drejtësisë.

(5) Në lokalin për dhënie të provimit, gjatë kohës së dhënies së provimit janë të pranishëm dy përfaqësues nga Ministria e Drejtësisë, një përfaqësues nga Dhoma e Ekspertëve, një përfaqësues nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të Zyrës së Kryetarit të Qeverisë dhe një përfaqësues nga Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës (informatikanë).

(6) Gjobë në shumë prej 4 000 deri në 5 000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet personit juridik të autorizuar që teknikisht e zbaton provimin nga neni 13 i këtij ligji, nëse nuk e incizon, nuk e emiton drejtpërdrejt në ueb faqen e Ministrisë së Drejtësisë dhe nëse nuk e vendos incizimin e provimit të plotë në ueb faqen e Ministrisë së Drejtësisë sipas paragrafit (3) të këtij neni."

Neni 13

Pas nenit 18 shtohet 14 nene të reja: 18-a, 18-b, 18-v, 18-g, 18-d, 18-gj, 18-e, 18-zh, 18-z, 18-s, 18-i, 18-j, 18-k dhe 18-ll, si vijojnë:

"Neni 18-a

(1) Para fillimit të dhënies së provimit profesional, përfaqësuesi i Ministrisë së Drejtësisë e përcakton identitetin e kandidatit me shikim të letërnjoftimit.

(2) Kandidatit, gjatë kohës së dhënies së pjesës së parë të provimit, nuk i lejohet shfrytëzimi i ligjeve, ligjeve me koment dhe sqarim, telefonit mobil, aparateve kompjuterike portative dhe mjeteve tjera teknike dhe informatike, lëndëve të përgatitura paraprakisht dhe ngjashëm.

(3) Kandidatit, gjatë kohës së dhënies së pjesës së dytë të provimit, i lejohet shfrytëzimi vetëm i ligjeve (pa komente dhe sqarime), që në version elektronik gjenden në kompjuterin në të cilin kandidati e jep provimin.

(4) Kandidatit, gjatë kohës së dhënies së pjesës së parë dhe të dytë të provimit, nuk i lejohet të kontaktojë me kandidatë ose persona tjerë përveç me informatikanët nga neni 18 paragrafi (5) të këtij ligji, në rast se ka problem teknik me kompjuterin.

(5) Nëse problemet teknike me kompjuterin mënjanohen për pesë minuta provimi vazhdon, e nëse nuk mënjanohen në këtë afat, provimi ndërpritet vetëm për atë kandidat dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tri ditësh nga dita e ndërprerjes së provimit.

(6) Nëse ka probleme me më shumë se pesë kompjuterë dhe ato nuk mënjanohen në afat prej pesë minutash provimi ndërpritet për të gjithë kandidatët që e japin provimin dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tri ditësh nga dita e ndërprerjes së provimit.

(7) Nëse kandidati gjatë dhënies së pjesës së parë dhe të dytë të provimit, vepron në kundërshtim me paragrafët (2), (3) dhe (4) të këtij neni, nuk do t'i lejohet dhënia e mëtejme e provimit në atë termin të caktuar.

(8) Në rastet nga paragrafi (7) i këtij neni, konsiderohet se kandidati nuk e ka dhënë provimin profesional dhe kjo konstatohet në procesverbalin për dhënien e provimit profesional.

(9) Përfaqësuesit e autorizuar nga neni 18 paragrafi (5) të këtij ligji, gjatë kohës së dhënies së provimit nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë sekonda në afërsi të kandidatit që e jep provimin, përveç në rast të mënjanimit të problemit teknik, kur nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë minuta.

(10) Gjobë në shumë prej 500 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet përfaqësuesit të autorizuar nga neni 18 paragrafi (5) të këtij ligji, nëse vepron në kundërshtim me paragrafin (9) të këtij neni.

(11) Gjobë në shumë prej 4 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet institucionit të autorizuar që e realizon provimin nga neni 13 i këtij ligji, nëse nuk e ndërpret provimin në pajtim me paragrafët (5) dhe (6) të këtij neni.

Neni 18-b

(1) Nëse gjatë dhënies së provimit krijohen shkaqe të arsyeshme për të cilat kandidati nuk mund ta vazhdojë dhënien e provimit (sëmundje, pushim i lindjes dhe ngjashëm), do të ndërpritet provimi për një kohë të caktuar, e cila nuk mund të jetë më e gjatë se gjashtë muaj.

(2) Aktvendim për vazhdimin e provimit miraton ministri i Drejtësisë me lutje të kandidatit. Lutja parashtrohet në afat prej tetë ditësh nga ndërprerja e shkaqeve për prolongimin e provimit, por më së voni në afat prej gjashtë muajsh.

(3) Nëse kandidati nuk parashtron lutje për vazhdimin e provimit në afatin e caktuar në paragrafin (2) të këtij neni do të konsiderohet se nuk e ka dhënë provimin.

(4) Kundër aktvendimit të ministrit të Drejtësisë nga paragrafi (2) të këtij neni, kandidati mund të ngritë kontest administrativ në gjykatën kompetente në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit.

(5) Në vazhdimin e provimit, kandidati nuk e jep atë pjesë të provimit të cilën paraprakisht tanimë e ka dhënë.

Pjesa e parë dhe e dytë e provimit profesional dhe sistemi elektronik

Neni 18-v

(1) Provimi profesional fillon me dhënien e pjesës së parë (pjesës teorike), e pastaj të pjesës së dytë (shembulli praktik).

(2) Pjesa e dytë jepet në afat prej së paku 15 ditësh pas dhënies së suksesshme të pjesës së parë.

(3) Ministri i Drejtësisë me Rregullore e përcakton mënyrën e ndarjes së pikëve në pjesën e parë dhe të dytë të provimit.

Neni 18-g

(1) Pjesa e parë e provimit jepet për çdo sferë përkatëse dhe përmban së paku 50 pyetje me pesë opsione për rrethim prej të cilave njëri është i saktë, dy janë të ngjashme, njëri është i pasaktë në masë të vogël (në të humben numër i vogël pikësh) dhe njëri është i pasaktë në masë të madhe (në të humben numër i madh pikësh).

(2) Kusht për dhënien e pjesës së dytë të provimit është që kandidati ta japë pjesën e parë të provimit.

(3) Nëse kandidati nuk e ka dhënë pjesën e parë të provimit në pajtim me paragrafin (2) të këtij neni, do të konsiderohet se provimin nuk e ka dhënë.

Neni 18-d

(1) Pjesa e dytë e provimit përbëhet nga shembulli praktik.

(2) Pyetjet që janë pjesë përbërëse e shembullit praktik janë nga sfera përkatëse dhe kanë dhjetë opsione të mundshme përgjigjesh prej të cilave njëri është i saktë, pesë janë të ngjashme dhe katër janë të ndryshme.

(3) Nëse kandidati nuk e ka dhënë pjesën e dytë të provimit, do të konsiderohet se nuk e ka dhënë provimin.

Neni 18-gj

(1) Dhënia e pjesës së parë të provimit profesional bëhet me përgjigjen e numrit të caktuar të pyetjeve në formë të zgjidhjes së testit elektronik në kompjuter.

(2) Pyetjet e testit varësisht nga pesha, vlerësohen me pikë të përcaktuara në test.

(3) Dhënia e pjesës së dytë të provimit profesional kryhet me studim të shembullit praktik dhe përgjigje të numrit të caktuar të pyetjeve që dalin nga shembulli praktik, në formë të zgjidhjes softuerike elektronike (në tekstin e mëtutjeshëm: shembull praktik elektronik).

(4) Pyetjet nga shembulli praktik varësisht nga pesha, vlerësohen me pikë të përcaktuara në shembullin praktik.

(5) Pyetjet e përmbajtura në testet për dhënien e pjesës së parë të provimit profesional dhe përgjigjet e tyre, si dhe shembulli praktik dhe pyetjet që dalin nga shembujt praktikë dhe përgjigjet e tyre, ruhen në sistemin unik elektronik për dhënien e provimit profesional.

(6) Sistemi elektronik nga paragrafi (5) i këtij neni përmban edhe bazë të kapshme publikisht prej së paku 500 pyetje për çdo sferë, si dhe bazë të kapshme publikisht prej së paku 100 shembujve praktikë për çdo sferë, për nevojat e pjesës së dytë të provimit.

(7) Në sistemin elektronik përmbahet edhe udhëzimi për rregullat dhe literaturën në të cilat përmbahen përgjigjet e pyetjeve nga pjesa e parë e provimit dhe rregullat për pjesën e dytë të provimit.

(8) Numri i pyetjeve dhe shembujve praktikë në bazat nga paragrafi (6) i këtij neni zmadhohet për 10 % në vit, duke filluar nga viti 2015.

(9) Rezultatet nga dhënia e pjesës së parë dhe të dytë të provimit kandidati i ka të kapshme në kompjuterin në të cilin e ka dhënë provimin, menjëherë pas përfundimit të tij.

Neni 18-e

(1) Në ditën e dhënies së pjesës së parë, përkatësisht pjesës së dytë të provimit, përfaqësuesi i Ministrisë së Drejtësisë kandidatit i jep kod të qasjes, përkatësisht fjalëkalim me të cilin i lejohet qasje në sistemin elektronik nga neni 18-gj i këtij ligji.

(2) Pas lejimit të qasjes, kandidati merr test elektronik për pjesën e parë të provimit, përkatësisht shembull praktik elektronik për pjesën e dytë të provimit, të gjeneruara në mënyrë kompjuterike, përmbajtjen e të cilave sipas zgjedhjes së rastësishme e cakton softueri i sistemit elektronik nga neni 18-gj paragrafi (5) të këtij ligji, nga bazat nga neni 18-gj paragrafi (5) të këtij ligji.

(3) Pjesa e parë dhe e dytë e provimit, përmbajnë udhëzim për mënyrën e zgjidhjes së tij, për të cilin përfaqësuesi i Ministrisë së Drejtësisë jep sqarim, para fillimit të dhënies së provimit.

(4) Sistemi elektronik për dhënien e provimit nuk mund të lejojë ekzistimin e përmbajtjes identike të testit elektronik për pjesën e parë të provimit, përkatësisht shembullin praktik elektronik për pjesën e dytë të provimit në një termin për më shumë se një kandidat.

Neni 18-zh

(1) Në rast të pengimit të realizimit të pjesës së parë ose të dytë të provimit për shkaqe që shpijnë në pamundësi teknike të funksionimit të sistemit elektronik nga neni 18-gj të këtij ligji, dhënia e provimit ndërpritet.

(2) Nëse shkaqet nga paragrafi (1) i këtij neni mënjanohen në afat prej 60 minutash nga ndërprerja e provimit, provimi vazhdohet menjëherë pas mënjanimit të tyre.

(3) Nëse shkaqet nga paragrafi (1) i këtij neni nuk mënjanohen në afatin nga paragrafi (2) i këtij neni, provimi ricaktohet për termin tjetër.

Neni 18-z

(1) Kohëzgjatja e përgjithshme e kohës së caktuar për përgjigje të pyetjeve nga pjesa e parë e testit për dhënien e provimit, është 120 minuta.

(2) Konsiderohet se provimin e ka dhënë ai kandidat i cili me përgjigje të sakta të pyetjeve të testit ka arritur së paku 70% nga numri i përgjithshëm i pikëve të parapara pozitive.

Neni 18-x

(1) Kohëzgjatja e përgjithshme e kohës e caktuar për përgjigje të pyetjeve nga secili prej shembullit praktik të pjesës së dytë është 120 minuta.

(2) Konsiderohet se provimin e ka dhënë ai kandidat i cili me përgjigje të sakta të pyetjeve nga shembulli praktik, ka arritur së paku 70% nga numri i përgjithshëm i pikëve të parapara pozitive.

Certifikata, revizioni i provimeve të zbatuara dhe shpenzimet

Neni 18-i

(1) Kandidatëve që e kanë dhënë provimin u lëshohet certifikatë në afat prej 15 ditësh nga dita e përfundimit të provimit.

(2) Formën dhe përmbajtjen e certifikatës nga paragrafi (1) të këtij neni, i përcakton ministri i Drejtësisë.

Neni 18-j

Me kërkesë të kandidatit, Ministria e Drejtësisë e informon për gabimet e bëra në testin për dhënien e provimit profesional, me mundësimin e shikimit të drejtpërdrejtë të testit.

Neni 18-k

(1) Testet dhe shembujt praktikë shfrytëzohen dhe i jepen kandidatit vetëm gjatë kohës së dhënies së provimit profesional.

(2) Materialet nga provimet e mbajtura, veçanërisht versionet në letër nga testet dhe shembujt praktikë për dhënien e provimit profesional dhe specimenet për kontroll të saktësisë së përgjigjeve të testit dhe shembullit praktik, si dhe incizimet nga provimet e mbajtura, ruhen në Ministrinë e Drejtësisë.

(3) Ministri i Drejtësisë formon Komision për revizion të provimeve të mbajtura, i cili në punën e vet i shfrytëzon materialet nga paragrafi (2) të këtij neni e në të cilin përveç përfaqësuesit nga Ministria e Drejtësisë dhe përfaqësuesit nga Dhoma e Ekspertëve, marrin pjesë edhe përfaqësuesi i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe informatikani nga Ministria e Shoqërisë së Informatikës dhe Administratës i caktuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(4) Komisioni nga paragrafi (3) i këtij neni, mban mbledhje së paku njëherë në vit dhe kryen revizion të mënyrës së realizimit të së paku dy provimeve të mbajtura në vitin rrjedhës.

(5) Komisioni ka të drejtë të kryejë revizion edhe të mënyrës së realizimit të provimeve të mbajtura në pesë vitet e fundit deri në ditën e mbajtjes së mbledhjes së komisionit, por jo më herët nga dita e zbatimit të këtij ligji.

(6) Nëse Komisioni konstaton parregullsi në realizimin e provimit nga individë sipas nenit 18-a paragrafi (5) të këtij ligji, propozon heqje të certifikatës nga neni 18-i të këtij ligji.

(7) Ministri miraton aktvendim për heqjen e certifikatës në bazë të propozimit të Komisionit në afat prej tri ditësh nga pranimi i propozimit.

(8) Kundër aktvendimit nga paragrafi (7) të këtij neni mund të ngritet kontest administrativ në gjykatën kompetente në afat prej 30 ditësh nga pranimi i aktvendimit.

(9) Gjobë në shumë prej 1 000 deri në 1 500 eurosh në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet ministrit të Drejtësisë nëse nuk e miraton aktvendimin në afatin e përcaktuar në paragrafin (7) të këtij neni.

Neni 18-ll

(1) Shpenzimet për dhënien e provimit i bart kandidati, nëse institucioni ku është i punësuar nuk i paguan.

(2) Lartësinë e kompensimit nga paragrafi (1) të këtij neni, e përcakton ministri i Drejtësisë në bazë të shpenzimeve të bëra reale për dhënien e provimit, të domosdoshme për realizimin e pjesës së parë dhe të dytë të provimit, përgatitjes së bazave të pyetjeve, realizimin e testit elektronik, përgatitjen e materialeve dhe ftesave dhe përgatitjen e certifikatave.

(3) Shpenzimet për dhënien e provimit paguhen në llogarinë e të hyrave personale të Ministrisë së Drejtësisë.

(4) Nëse shpenzimet nuk paguhen në llogarinë përkatëse të Ministrisë së Drejtësisë, më së voni 15 ditë para ditës së caktuar për zbatim të provimit, kandidatit nuk do t'i lejohet dhënie e provimit.

(5) Nëse kandidati në afat prej një viti nga dita e pagimit të mjeteve nuk e jep provimin, mjetet e paguara i kthehen në pajtim me ligjin."

Neni 14

Në nenin 20 paragrafi (1) pika 2 pas fjalëve: "studime të magjistraturës nga sfera përkatëse shkencore", shtohen fjalët: "me pesë vjet përvojë pune pas magjistraturës, përkatësisht provimit të dhënë specialistik".

Pas pikës 3 shtohet pika e re 4, si vijon:

"4) personi i punësuar në organ të administratës shtetërore dhe institucion profesional kompetent për kryerje të ekspertizës i cili ka së paku pesë vjet përvojë pune në sferën përkatëse për ekspertizë, pas kërkesës së parashtruar për licencë për ekspertizë dhe dorëzimit të dokumentacionit të nevojshëm nga neni 9 paragrafi (1) alinetë 1, 2 dhe 3 të këtij ligji."

Neni 15

Neni 22 ndryshohet si vijon:

"(1) Licencat e dhëna, të hequra dhe të vazhduara të ekspertëve, si dhe licencat e ekspertëve që janë shfuqizuar, evidentohen në Regjistrin të cilin e mban Ministria e Drejtësisë.

(2) Regjistri nga paragrafi (1) i këtij neni, publikohet në ueb faqen dhe në tabelën e shpalljeve të Ministrisë së Drejtësisë, në ueb faqen e Dhomës së Ekspertëve dhe u dorëzohet gjykatave në Republikën e Maqedonisë.

(3) Formën dhe përmbajtjen e Regjistrit dhe mënyrën e mbajtjes së tij, i përcakton ministri i Drejtësisë."

Neni 16

Pas nenit 29 shtohet nen i ri 29-a, si vijon:

"Neni 29-a

Dekretin për mënyrën e llogaritjes së lartësisë së kompensimit për shpenzimet e nevojshme reale për ekspertizat e kryera nga Byroja për Ekspertiza Gjyqësore për nevojat e organeve të administratës shtetërore, ndërmarrjeve publike dhe shoqërive aksionare në pronësi shtetërore, me propozim të ministrit të Drejtësisë e miraton Qeveria e Republikës së Maqedonisë".

Neni 17

Në nenin 33 paragrafi (1) pika 9 fjalët: "më e vogël" zëvendësohen me fjalët: "më e madhe".

Neni 18

Në nenin 37 paragrafi (1) fjalët: "më e ulët" zëvendësohen me fjalët: "më e lartë".

Neni 19

Neni 48 shlyhet.

Neni 20

Mbikëqyrje mbi zbatimin e ligjit kryen Ministria e Drejtësisë dhe Inspektorati Shtetëror Administrativ.

Neni 21

Për kundërvajtjet e përcaktuara me këtë ligj procedurë kundërvajtëse do të mbajë edhe sanksion kundërvajtës do të shqiptojë gjykata kompetente.

Neni 22

Ministria e Drejtësisë e krijon sistemin unik elektronik për dhënien e provimit profesional në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 23

Ministria e Drejtësisë në afat prej 90 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji e themelon Regjistrin e Ekspertëve.

Neni 24

Aktet nënligjore të parapara me nenin 2 të këtij ligji miratohen në afat prej 15 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Aktet nënligjore të parapara me nenet 5, 6 dhe 13 të këtij ligji, miratohen në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Aktet nënligjore të parapara me nenin 15 të këtij ligji miratohen në afat prej 15 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Akti nënligjor i paraparë me nenin 16 të këtij ligji miratohet në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 25

Personi fizik i regjistruar në Listën e ekspertëve të përhershëm gjyqësorë, i cili deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji ka së paku pesë vjet përvojë pune në sferën përkatëse, mund të parashtrojë kërkesë për regjistrim në Regjistrin e ekspertëve në afat prej 60 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Personi me kërkesën nga paragrafi 1 i këtij neni, detyrohet ta dorëzojë dokumentacionin e nevojshëm nga neni 9 paragrafi (1) alinetë 1, 2 dhe 3 të këtij ligji.

Ministria e Drejtësisë në afat prej 30 ditësh nga dorëzimi i kërkesës në pajtim me paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni, nëse i plotëson kushtet i jep licencë dhe e evidenton personin si ekspert në Regjistrin e ekspertëve.

Personi nga paragrafi 1 i këtij neni detyrohet që në afat prej dy vitesh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji ta japë provimin profesional për ekspert nga sfera përkatëse në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

Nëse në afatin e caktuar në paragrafin 4 të këtij neni personi nuk e jep provimin profesional, shlyhet nga Regjistri i ekspertëve dhe i hiqet licenca.

Neni 26

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa dispozitat e neneve 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 dhe 13 të këtij ligji që kanë të bëjnë me kushtet dhe mënyrën e dhënies së provimit profesional, do të fillojnë të zbatohen një vit nga dita e hyrjes në fuqi.

**313.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за индустриската сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2014 година.

Бр. 07- 324/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија” број 21/2009 и 24/11), по членот 8 се додава нов наслов и нов член 8-а, кои гласат:

„Права кои произлегуваат од иновациска дејност

Член 8 - а

(1) Пронајдокот создаден во високообразовна, односно научноистражувачка установа, како резултат на иновациска или развојна дејност, финансиран со средства од Буџетот на Република Македонија согласно со Законот за иновациската дејност, припаѓа на високообразовната, односно научноистражувачката установа во која пронајдокот е создаден, освен ако пред да започне проектот поинаку не е договорено.

(2) Доколку пронајдокот создаден во установата целосно се финансира од страна на нарачателот, правото на располагање со пронајдокот му припаѓа на нарачателот, освен ако поинаку не е договорено. Нарачателот не може да го спречи објавувањето на пронајдокот од страна на пронајдувачот на начин што не ги попречува правата на интелектуална сопственост или потенцијалот за комерцијализација на пронајдокот.

(3) Доколку пронајдокот од ставот (1) на овој член е економски експлоатиран, пронајдувачот има право на надоместок во износ од најмалку 25% од вкупно остварениот приход кој установата го остварила со неговото комерцијално искористување.

(4) Процентот од ставот (3) на овој член може да се менува со писмен договор меѓу пронајдувачот и установата која остварила приход, при што процентот не може да биде помал од процентот утврден во ставот (3) на овој член.

(5) Кога има повеќе учесници во проектот, односно повеќе пронајдувачи создале пронајдок, учеството во добивката се утврдува во зависност од нивниот поединечен придонес во нејзиното создавање согласно со договор.“

Член 2

Во членот 33 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За правен следбеник на пронајдувачот се смета и високообразовна, односно научноистражувачка установа во која е создадена иновацијата како резултат на иновациска или развојна дејност, финансирана со средства од Буџетот на Република Македонија, согласно со Законот за иновациската дејност, освен ако пред да започне проектот поинаку не е договорено.”

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PRONËSI INDUSTRIALE

Neni 1

Në Ligjin për pronësi industriale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 21/2009 dhe 24/11), pas nenit 8 shtohet titulli i ri dhe neni i ri 8-a, si vijojnë:

"Të drejta që dalin nga veprimtaria e inovacionit

Neni 8-a

(1) Zbulimi i krijuar në institucionin e arsimit sipëror, përkatësisht shkencor-hulumtues, si rezultat i veprimtarisë së inovacionit ose zhvillimore, të financuar nga mjetet e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë në pajtim me Ligjin për veprimtari të inovacionit, i takon institucionit të arsimit sipëror, përkatësisht shkencor-hulumtues në të cilin është krijuar zbulimi, përveç nëse para se të fillojë projekti nuk është kontraktuar ndryshe.

(2) Nëse zbulimi i krijuar në institucionin, tërësisht financohet nga porositësi, e drejta e disponimit me zbulimin i takon porositësit, përveç nëse nuk është kontraktuar ndryshe. Porositësi nuk mund ta pengojë publikimin e zbulimit nga zbuluesi në mënyrë që nuk i pengon të drejtat e pronësisë intelektuale ose potencialin për komercializim të zbulimit.

(3) Nëse zbulimi nga paragrafi (1) i këtij neni është eksploatuar ekonomikisht, zbuluesi ka të drejtë për kompensim në shumë prej së paku 25% nga të hyrat e përgjithshme të realizuara, të cilat institucioni i ka realizuar me shfrytëzimin e tij komercial.

(4) Përqindja nga paragrafi (3) i këtij neni mund të ndryshohet me marrëveshje me shkrim ndërmjet zbuluesit dhe institucionit që ka realizuar të hyra, me ç'rast përqindja nuk mund të jetë më e vogël se përqindja e përcaktuar në paragrafin (3) të këtij neni.

(5) Kur ka më shumë pjesëmarrës në projekt, përkatësisht më shumë zbulues kanë krijuar zbulim, pjesëmarrja në fitim përcaktohet varësisht nga kontributi i tyre individual në krijimin e tij në pajtim me marrëveshjen."

Neni 2

Në nenin 33 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Trashëgimtar juridik i zbuluesit konsiderohet edhe institucioni i arsimit sipëror, përkatësisht shkencor-hulumtues, në të cilin është krijuar zbulimi si rezultat i veprimtarisë së inovacionit ose zhvillimore, të financuar nga mjetet e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë, në pajtim me Ligjin për veprimtari të inovacionit, përveç nëse para se të fillojë projekti nuk është kontraktuar ndryshe."

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**314.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

Се прогласува Законот за вонсудско спогодување, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2014 година.

Бр. 07-323/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на Законот**

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за отворање на постапка за вонсудско спогодување, начинот и постапката на вонсудско спогодување и правните последици од неговото отворање и спроведување.

**Примена на одредбите од други закони**

Член 2

При спроведување на постапката за вонсудско спогодување ќе се применуваат и одредбите од Законот за уредување на рокови за намирување на паричните обврски настанати при деловни трансакции.

**Значење на одредени поими**

Член 3

За целите на овој закон одделни поими го имаат следново значење:

1. "Ликвидност" е способност навремено да се исполнуваат достасаните парични обврски;
2. "Солвентност" е постојана способност за исполнување на сите свои парични обврски;
3. "Адекватност на капиталот" е односот меѓу долгорочни извори на финансирање и обемот и видот на работите кои економскиот оператор ги врши и ризикот на кој е изложен во работењето;
4. Економски оператори се:
- трговско друштво или трговец поединец основан согласно со Законот за трговските друштва и
- други правни и физички лица кои се основани согласно со закон и вршат профитни дејности;
5. "Финансиско реструктуирање" е постапка која се спроведува врз основа на прифатен план за финансиско реструктуирање со цел да се постигне состојба на ликвидност и солвентност;
6. "Постапка на вонсудско спогодување" е постапка која се спроведува со цел да се постигне ликвидност и солвентност на должникот;
7. "Доверители" во процесот на вонсудско спогодување се лични доверители на должникот кои во времето на отворањето на постапката за вонсудско спогодување имаат имотноправно побарување спрема должникот и
8. "Приоритетни побарувања" се побарувања од повисок исплатен ред во кои спаѓаат плати, придонеси од плата за ПИО, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност и надоместоци за периодот од последните три месеци пред отворањето на вонсудско спогодување.

### II. ОБВРСКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР КОГА ЌЕ НАСТАПАТ УСЛОВИ НА НЕЛИКВИДНОСТ

**Неликвидност**

Член 4

Неликвидност, во смисла на овој закон, постои кога економскиот оператор повеќе од 30 дена доцни со исполнување на една или повеќе парични обврски.

**Инсолвентност**

Член 5

(1) Инсолвентност настанува кога економскиот оператор ќе:
1) стане неспособен за плаќање и
2) стане презадолжен.

(2) Економскиот оператор е неспособен за плаќање ако не може подолготрајно да ги исполнува своите достасани парични обврски. Состојбата кога економскиот оператор ги намирил или може да ги намири во целост или делумно побарувањата од некои доверители, сама по себе не значи дека е способен за плаќање.

(3) Се смета дека економскиот оператор е неспособен за плаќање кога во период подолг од 30 дена не е во можност, без одлагање, да исплати достасано побарување врз основа на веродостојни исправи.

(4) Се смета дека економскиот оператор е презадолжен ако вредноста на неговиот имот не ги покрива неговите обврски. Нема да се смета дека економскиот оператор е презадолжен ако спрема околностите на случајот може основано да се претпостави дека со продолжување со работа уредно ќе ги исполнува своите обврски по нивното достасување.

**Постапување на економските оператори во услови на неликвидност**

Член 6

(1) Економскиот оператор во состојба на неликвидност не смее да врши никакви плаќања освен оние кои се нужни за редовно работење.

(2) Се смета дека за редовно работење нужни се плаќања за:
1) приоритетни побарувања;
2) бруто плати за работниците од денот на отворањето на постапка за вонсудско спогодување;
3) оперативни трошоци на работењето (електрична енергија, вода и друго);
4) набавка на стока и услуги потребни за редовно работење;
5) данок на додадена вредност, придонеси и други даноци кои од страна на должникот мораат да бидат пресметани и платени согласно со прописите и
6) трошоци за постапките пред државните органи.

(3) Економскиот оператор во состојба на неликвидност не смее да презема активности со кои би предизвикал штета на доведување или истите ќе ги доведе во нерамноправна положба.

(4) Под активности од ставот (3) на овој член особено се смета пренасочување на парични и финансиски текови на други лица, давање заем, исплаќање аванси за добивка или добивка, исплаќање на дивиденда и вршење пренос на права на трети лица, особено на поврзани друштва.

(5) Економскиот оператор е должен по настанувањето на неликвидноста да преземе мерки за финансиско реструктуирање со цел за повторно воспоставување на состојба на ликвидност.

(6) Освен редовните активности од ставот (2) на овој член економскиот оператор може да презема и други работи кои се предвидени како мерки за финансиско реструктуирање од ставот (5) на овој член.

(7) Од моментот на отворање на постапка за вонсудско спогодување до правосилноста на решението со кое се одобрува склучување на вонсудска спогодба, економскиот оператор може да врши и други плаќања и да презема други работи врз основа на претходно добиена согласност на доверителите на вонсудското спогодување.

**Обврска за поведување на постапка за вонсудско спогодување**

Член 7

(1) Ако со преземените мерки за финансиско реструктуирање надвор од постапката за вонсудско спогодување должникот не може да воспостави состојба на ликвидност, должен е во рок од 30 дена од настанувањето на неликвидноста да поведе постапка за вонсудско спогодување.

(2) Ако должникот не е способен за плаќање или презадолжен е должен, без одлагање, а најдоцна во рок од 21 ден од настанувањето на инсолвентност да поведе постапка за вонсудско спогодување.

## III. ПОСТАПКА НА ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

**Цел на вонсудско спогодување**

Член 8

Постапка за вонсудско спогодување се спроведува со цел:

1) на должникот кој станал неликвиден и/или инсолвентен да му се овозможи финансиско реструктуирање врз основа на кое ќе постане ликвиден и солвентен и

2) на доверителите да им се овозможат поповолни можности за намирување на нивните побарувања од можностите кои би ги добиле со отворање на стечајна постапка спрема должникот.

**Начело на доброволност**

Член 9

Вонсудско спогодување се смета за склучено ако кон него доброволно пристапат должникот и доверители чии побарувања имаат мнозинство според членот 47 од овој закон.

**Начело на еднаков третман на доверителите**

Член 10

Во постапка на вонсудско спогодување должникот е должен еднакво да постапува спрема сите доверители од ист ранг и да не презема каква било активност со која доверителите би се довеле во нееднаква положба.

**Начело на постапување со добра волја**

Член 11

Доверителот и должникот во текот на постапката на вонсудско спогодување не смеат да преземаат активности со кои може да се предизвика штета.

**Начело за пристап до податоци**

Член 12

Заради правилна процена на финансиската состојба и можности за финансиско реструктуирање должникот е должен да му обезбеди на спогодбениот совет, повереникот на вонсудското спогодување и доверителите, навремен и непречен пристап до податоците и документацијата кои се однесуваат на неговиот имот, капитал, обврски, работењето и деловните планови.

**Должник во постапката за вонсудско спогодување**

Член 13

(1) Постапката за вонсудско спогодување може да се спроведе врз:

- трговско друштво или трговец поединец основан согласно со Законот за трговските друштва и
- други правни и физички лица кои се основани согласно со закон и вршат профитни дејности.

(2) Постапка на вонсудско спогодување не може да се спроведе над финансиска институција, инвестициско друштво и друштво за управување со инвестициски фондови, кредитна институција, друштво за осигурување и реосигурување, лизинг друштво, институции за плаќање и електронски пари.

(3) Постапка за вонсудско спогодување не може да се спроведе над Република Македонија, над фондовите што се финансираат од Буџетот на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, единиците на локалната самоуправа и над органите на државната управа.

**Начела на постапката**

Член 14

(1) Постапката на вонсудско спогодување е итна и мора да се заврши пред спогодбениот совет најдоцна во рок од 120 дена од денот на неговото отворање.

(2) Постапката на вонсудско спогодување се отвора само на предлог на должникот.

(3) Предлози, изјави и приговори во постапка на вонсудско спогодување не можат да се даваат, односно поднесуваат ако се пропушти рокот, односно не се присуствувало на рочиште на кое требало да бидат дадени, односно поднесени.

**Јавно соопштување**

Член 15

(1) Писмената (одлуки, покани, известувања и слично) во постапката за вонсудско спогодување што треба да се објават се доставуваат до Централниот регистар кој ги објавува на својата веб страница. Во објавеното писмено се наведува фирмата, односно името и презимето на должникот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот. Јавното објавување произведува дејство по истекот на осум дена од денот на објавувањето.

(2) Јавното објавување на писмената е доказ дека е извршено нивно доставување до сите учесници.

(3) Податоците кои се објавуваат во текот на постапката на вонсудско спогодување на веб страницата на Централниот регистар се:

- фирма, односно име и презиме на должникот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот,
- име и презиме, седиште, адреса и телефон на повереникот на вонсудското спогодување,
- решение за отворање на постапка за вонсудско спогодување,

- оглас со кој се повикуваат доверителите да ги пријават своите побарувања,
- сите решенија и заклучоци донесени во постапката на вонсудско спогодување,
- планови на финансиско реструктуирање и целата документација доставена во текот на постапката,
- сите извештаи доставени во текот на постапката,
- образец за гласање,
- записник за извршеното гласање,
- оглас за одржување на рочиште за склучување на вонсудска спогодба пред нотар и
- известување дека вонсудската спогодба е склучена и текст на вонсудската спогодба.

**Одлуки во постапката**

Член 16

(1) Одлуките во постапката за вонсудско спогодување се донесуваат во форма на решение и заклучок.

(2) Со заклучок се одлучува за процесните прашања.

**Правни лекови**

Член 17

(1) Против решение може да се изјави жалба, ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Рокот за жалба изнесува осум дена.

(3) Ако со овој закон е пропишано решението да се достави до одредени лица, рок за поднесување на жалба тече од денот на доставувањето на решението, а за останатите решенија осмиот ден од денот на објавувањето на веб страницата на Централниот регистар.

(4) Жалбата се поднесува до Државната комисија за одлучување во управна постапка во втор степен и постапка од работен однос, преку првостепениот орган.

(5) Првостепениот орган е должен жалбата да ја достави до второстепениот орган во рок од три дена од приемот.

(6) Второстепениот орган е должен да одлучи по жалбата во рок од осум дена од приемот на жалбата.

(7) Жалбата против решение не го одлага извршувањето на решението.

(8) Против заклучок не е допуштена жалба.

(9) Во постапка на вонсудско спогодување не може да се бара враќање во претходна состојба, ниту да се поднесува предлог за обновување на постапката.

**Соодветна примена на Законот за општа управна постапка**

Член 18

Во постапката за вонсудско спогодување соодветно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, ако со овој закон поинаку не е определено.

## IV. ОРГАНИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

Член 19

Органи во постапката за вонсудско спогодување се спогодбен совет и повереник.

**Спогодбен совет**

Член 20

(1) Постапката на вонсудско спогодување ја води спогодбен совет составен од три члена (во натамошниот текст: спогодбен совет) од кои едниот е претстедател на советот.

(2) Претседателот и члeновите на спогодбениот совет ги именува министерот за економија. За председател и член на спогодбениот совет може да биде именувано лице со завршено високо образование од правна или економска струка.

(3) Спогодбениот совет се грижи и дава упатства на повереникот за испитување на состојбата на средствата и работењето на должникот, за прегледување на пописот на доверители, пописот на должниковите должници, пријавени побарувања и други работи во врска со подготвување на испитната постапка, односно одлучувањето на спогодбениот совет.

**Повереник на вонсудското спогодување**

Член 21

(1) Кога спогодбениот совет ќе утврди дека се исполнети условите за отворање на постапка за вонсудско спогодување со заклучок ќе именува повереник на вонсудското спогодување.

(2) Повереникот на вонсудското спогодување го именува спогодбениот совет од листата на овластени стечајни управници.

**Должности на повереникот на вонсудското спогодување**

Член 22

Повереникот на вонсудско спогодување е должен да:

1) ја испита веродостојноста на доставената документација од аспект на работењето и имотот на должникот;
2) ги прегледа пријавените побарувања;
3) го следи финансиското работење на должникот;
4) го информира спогодбениот совет ако должникот постапува спротивно на членот 6 од овој закон;
5) го следи ажурното и целосното намирување на трошоците на постапката на вонсудско спогодување;
6) го следи ажурното и целосното исполнување на должниковите обврски спрема доверителите според склучената вонсудска спогодба и
7) врши и други работи во согласност со овој закон.

**Надзор над работата на повереникот**

Член 23

(1) Надзор над работата на повереникот на вонсудското спогодување врши спогодбениот совет.

(2) Должникот и доверителите можат против дејствијата на повереникот на вонсудското спогодување да поднесат приговор до спогодбениот совет.

(3) Против одлуките на спогодбениот совет донесени во вршење на надзорот над работата на повереникот на вонсудското спогодување, како и против решение за негово разрешување, не е дозволена жалба.

**Разрешување на повереникот на вонсудското спогодување**

Член 24

(1) Спогодбениот совет може да го разреши повереникот кој неправилно ги врши своите должности само во согласност или на барање на доверителите.

(2) Повереникот може да биде разрешен и на негово барање.

**Награда и надоместок за трошоците на работата на спогодбениот совет и повереникот**

Член 25

(1) Претседателот и членовите на спогодбениот совет и повереникот на вонсудското спогодување имаат право на награда за својата работа и право на надоместок на реално потребните трошоци.

(2) Висината на наградата и надоместоците од ставот (1) на овој член се определува врз основа на правилник кој го донесува министерот за економија.

V. ПОСТАПКА НА ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

**Предлог за отворање на постапка**

Член 26

(1) Должникот кој се наоѓа во состојба на неликвидност или инсолвентност е должен да предложи отворање на постапка за вонсудско спогодување, согласно со одредбите од овој закон.

(2) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член должникот кој нема имот или неговиот имот е од мала или незначителна вредност и нема вработени, а се наоѓа во состојба на неликвидност или инсолвентност, може да предложи отворање на постапка за вонсудско спогодување.

(3) До завршување на постапката за вонсудско спогодување не е дозволено да се отвора стечајна постапка.

(4) Постапка за вонсудско спогодување не може да се спроведе ако над должникот е отворена стечајна постапка.

**Содржина на предлогот**

Член 27

(1) Предлогот за отворање на постапка за вонсудско спогодување се доставува до Министерството за економија.

(2) Предлогот од ставот (1) на овој член содржи:

1) фирма, односно име и презиме на должникот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот и барање врз должникот да се поведе постапка за вонсудско спогодување;

2) извештај за финансиската состојба и работењето на должникот;

3) план за финансиско реструктуирање;

4) план за оперативно преструктуирање;

5) извештај од овластен проценувач кој содржи процена на вредноста на друштвото и позитивно мислење на планот за финансиско и оперативно реструктуирање;

6) попис на имотот и правата на должникот кои се запишани во соодветни уписници и

7) опис на преговорите со доверителите, доколку ги имало и кои му претходеле на предлогот за отворање на постапката, вклучувајќи и потребни известувања доставени до доверителите кои учествуваат во постапката за да можат да донесат одлука по планот за финансиско реструктуирање.

**Извештај за финансиската состојба и работењето на должникот**

Член 28

Извештајот за финансиската состојба и работењето на должникот содржи:

1) финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство кои не се постари од три месеци од денот на поднесувањето на барањето за спроведување на постапка за вонсудско спогодување;

2) ревизорски извештај (за економските оператори кои имаат обврска за вршење на ревизија) за финансиските извештаи приложени кон барањето за спроведување на постапка за вонсудско спогодување;

3) попис на обврските спрема доверителите кој ги содржи следниве елементи:

- фирма, односно име и презиме на доверителот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот за секоја поединечна обврска,

- вкупен износ на обврските на денот на приложените финансиски извештаи и учество во вкупниот износ на обврски и

- ознака на правото на излачни и разлачни намирувања за секоја поединечна обврска спрема доверителот со податоци на предметите врз кои постојат тие права;

4) висина на просечни месечни трошоци на работењето на должникот во последната година пред датата на составувањето на финансиските извештаи од точката 1 на овој став и

5) листа на должниковите должници со податоци за фирма, односно име и презиме на должниковиот должник, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот за секоја поединечна обврска и вкупен износ на долгот.

**Финансиски и оперативен план за реструктуирање во постапка на вонсудско спогодување**

Член 29

Планот за финансиско и оперативно реструктуирање содржи:

1) опис на фактите и околностите кои укажуваат на постоење на услови за отворање на постапка за вонсудско спогодување;

2) пресметка на недостиг на ликвидни средства на денот на приложените финансиски извештаи;

3) опис на мерките за финансиско реструктуирање и пресметка на нивните ефекти на кусокот на ликвидни средства;

4) опис на мерките за финансиско реструктуирање и пресметка на нивните ефекти на профитабилност на работењето и отстранување на инсолвентноста;

5) план на работењето за период од пет години со детално образложение на причините за утврдување на секоја позиција од планот;

6) планирани биланси на последниот ден од петгодишниот период за кои е составен планот на работење и

7) предлог на вонсудска спогодба со:

а) анализа на побарувањата по големина, категорија (приоритени побарувања, излачни права, разлачни права и необезбедени побарувања), очекувано ниво на намирување и предлог на рокови за нивно намирување и споредба со очекувано намирување во случај на стечај и

б) пресметка на трошоците на реструктуирање.

**Мерки од планот за финансиско реструктуирање**

Член 30

Финансиското реструктуирање претставува план на мерки кои треба да ги спроведе должникот за да стане ликвиден и солвентен (во натамошниот текст: мерки на финансиско реструктуирање), во кои се вклучени:

1) намалување и одлагање на достасаните должникови обврски;

2) во капиталните друштва зголемување на основачкиот влог;

3) отплата на рати, промена на роковите за достасување, на каматните стапки и други услови на кредитите, заемите или други побарувања или инструменти на обезбедување;

4) впаричување или пренос на имотот заради намирување на побарувањата;

5) отпис на долг, отпис на камати и промена на каматни стапки;

6) извршување, промена или откажување од заложно право;

7) вложување на дополнителни средства за обезбедување од страна на должникот или трети лица, вклучувајќи и давање на емства и гаранции;

8) претворање на побарувањата на доверителите во влог во друштвото;

9) поврзување со деловни договори со стратешки партнер со цел за обезбедување на одржливост на натамошното работење;

10) докапитализација од страна на стратешкиот партнер и

11) други мерки со кои се овозможува должникот да биде ликвиден и солвентен.

**Понуди на доверителите**

Член 31

(1) Со предлогот за вонсудско спогодување должникот може да им понуди на доверителите начин и рок на намирување на побарувањата, а ако предлага нивно намалување, и процентот кој го предлага, во согласност со ставот (3) на овој член.

(2) Предлогот за вонсудско спогодување содржи:

1) вкупен износ на необезбедени побарувања според доставените финансиски извештаи и

2) предлог за намалување на тие побарувања и рокови за нивна исплата.

(3) Ако се предлага исплата на побарувањата во намален износ, процентот што должникот го предлага на доверителите за исплата на нивните побарувања не може да биде помал од 30% - ако плаќањето се предлага да се изврши во рок од четири години, ниту помал од 40% - ако плаќањето се предлага да се изврши во рок од осум години.

**Претворање на побарувањата во траен влог како алтернативен предлог**

Член 32

(1) Ако должникот е организиран како капитално друштво може во предлогот за вонсудско спогодување да им понуди на доверителите, по свој избор:

1) да прифатат намалување на побарувањата и одлагање на роковите за исплата на побарувањата и/или

2) своите побарувања да ги внесат како влог во постапка на зголемување на основната главнина на должникот.

(2) Понудата од ставот (1) точка 2 на овој член должникот може да ја даде на доверителите со обезбедени или необезбедени побарувања.

(3) Со предлогот за вонсудско спогодување од ставот (1) на овој член должникот е должен да им понуди на сите доверители еднаков број на акции или еднаков номинален износ на удел, соодветно на износот на нивните побарувања.

(4) Ако должникот понудата од ставот (1) точка 2 на овој член ќе ја даде на доверителите со обезбедени побарувања, може да им понуди поголем број на акции или поголем износ на удел за обезбеденото побарување внесено во основната главнина, од бројот на акции или номинален износ на удел, кој му нуди за необезбедени побарувања, внесени во основната главнина.

(5) Ако должникот понудата од ставот (1) точка 2 на овој член ја даде на доверителите со необезбедени побарувања може да им понуди помал број на акции или помал номинален износ на удел за претворено побарување.

(6) Предлогот за вонсудско спогодување содржи:

1) за необезбедени побарувања на доверителите, ако:

- должникот е организиран како друштво со ограничена одговорност, номинален износ на уделот кој ќе го добие доверителот за вложување на побарувањето во основната главнина или

- друштвото е организирано како акционерско друштво, број и номинален износ на акции кои ќе ги добие доверителот за вложување на побарувањето во основната главнина, а ако друштвото издало акции без номинален износ, нивниот број;

2) за обезбедени побарувања на доверителите:

- вкупен износ на обезбедени побарувања и изјава дека ако биде склучена вонсудската спогодба нема да има влијание на обезбедните побарувања и

- податоци од точката 1 на овој став, ако должникот им дал на доверителите со обезбедени побарувања понуда своите побарувања да ги внесат во основната главнина во постапката на зголемување на основната главнина и

3) во однос на начинот на зголемување на основната главнина:

- најмал вкупен износ на необезбедени или обезбедени побарувања кои доверителите мораат да ги пренесат на должникот, за да биде можно успешно остварување на должниковото финансиско реструктуирање и

- ако должникот истовремено со зголемувањето спроведе и поедноставено намалување на основната главнина, номиналниот износ на намалувањето на основната главнина.

(7) Во постапката на зголемување на основната главнина на должникот за целите на финансиското реструктуирање се применуваат соодветните одредби од Законот за трговските друштва.

(8) Доверителите кои во вонсудско спогодување ќе стекнат акции кај должникот, не се обврзани да ја објават понудата за преземање на друштвото.

**Рок за донесување на решение по предлогот**

Член 33

Спогодбениот совет е должен да одлучи со решение дали ќе отвори постапка за вонсудско спогодување или не во рок од осум дена од денот на добивањето на предлогот.

**Процедурални пречки за спроведување на постапката за вонсудско спогодување**

Член 34

Спогодбениот совет ќе го отфрли предлогот за вонсудско спогодување, ако:

1) предлогот е поднесен за време на траење на претходно склучена вонсудска спогодба;

2) не поминал рокот од две години од исполнувањето на обврските од претходно склучена вонсудска спогодба;

3) предлогот не е поднесен од овластен предлагач;

4) содржината на предлогот не е изготвен според одредбите од овој закон и

5) над должникот е поведена стечајна постапка.

**Отворање на постапка за вонсудско спогодување**

Член 35

Спогодбениот совет ќе донесе решение за отворање постапка за вонсудско спогодување, доколку се исполнети условите пропишани со овој закон.

**Содржина на решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување**

Член 36

(1) Во решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување посебно ќе се наведат податоци за:

1) фирма, односно име и презиме на должникот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот;

2) име и презиме и адреса на повереникот на вонсудското спогодување и

3) дата на отворање на постапката за вонсудско спогодување.

(2) Со решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување се повикуваат доверителите во рок од 15 дена да ги пријават своите побарувања.

(3) Разлачните и излачните доверители ќе се повикаат во рокот од ставот (2) на овој член да го известат спогодбениот совет за своите права.

(4) Со решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување ќе се повикаат должниковите должници без одлагање да ги исполнат достасаните обврски спрема должникот.

(5) Со решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување спогодбениот совет ќе закаже прво рочиште осмиот ден по истекот на рокот за пријавување на побарувањата.

(6) Во решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување спогодбениот совет ќе одреди отворањето на постапка за вонсудско спогодување да се запише во Централниот регистар и јавните книги според податоците доставени во содржината на предлогот од членот 27 став (2) точка 6 од овој закон.

**Објавување на огласот**

Член 37

(1) За отворање на постапка за вонсудско спогодување доверителите се известуваат со оглас.

(2) Огласот за повикување на доверителите со цел за склучување на вонсудска спогодба содржи:

1) фирма, односно име и презиме на должникот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот;

2) извадок од решението за отворање на постапката;

3) повикување на сите доверители во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот на веб страницата на Централниот регистар да поднесат пријави до спогодбениот совет во два примероци со докази;

4) место, ден и час за одржување на рочиштето;

5) план за финансиско реструктуирање и

6) ден на објавување на огласот.

(3) Огласот се објавува на веб страницата на Централниот регистар наредниот ден од денот на донесувањето на решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување.

**Доставување и објавување на решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување**

Член 38

(1) Решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување се доставува на должникот и банките кои за должникот го извршуваат платниот промет.

(2) Спогодбениот совет може да му наложи на повереникот на вонсудското спогодување, решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување да го достави до доверителите и должниковите должници чија адреса е позната.

**Пријавување на побарувањата од страна на доверителите**

Член 39

Пријавата на побарување на доверителите содржи:

1) фирма, односно име и презиме на доверителот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот;

2) правна основа на побарувањето и негова висина;

3) доказ за постоење на побарување и негова висина и

4) доказ за постоење на извршна исправа.

**Излачни доверители**

Член 40

Излачен доверител е лице кое врз основа на свое стварно или лично право може да докаже дека некој предмет не спаѓа во имотот на должникот и не е доверител во постапката за вонсудско спогодување. Неговото право на издвојување на предметот ќе се утврдува според правилата што важат за остварување на тие права надвор од вонсудското спогодување.

**Разлачни доверители**

Член 41

(1) Доверителите кои имаат заложно право или право на намирување на некој предмет или право што е запишано во јавна книга, имаат право да поведат извршување со цел за продажба или впаричување.

(2) Доверител чие право произлегува од судско или нотарско обезбедување на побарувањето, со пренос на сопственоста или правото во постапка на вонсудско спогодување има третман на разлачен доверител.

**Право на одвоено намирување на разлачните доверители**

Член 42

(1) Доверителите кои на некој предмет од имотот на должникот имаат заложно право кое е запишано во јавна книга, според овој закон, имаат право на одвоено намирување на своето побарување, камата и трошоци од вредноста на заложениот предмет.

(2) Законско заложно право на наемодавателот или закуподавачот во постапка на вонсудско спогодување не може да се остварува за наемнина или закупнина која се должи за време пред истекот на една година пред отворање на постапката, како ни за надоместок на штета поради откажување на наемот или закупот од страна на повереникот на пред стечајното спогодување.

**Други разлачни доверители**

Член 43

Со доверителите од членот 41 од овој закон се изедначени:

1) доверители на кои должникот заради осигурување на нивното побарување им предал некој подвижен предмет или пренел некое право;

2) доверители кои имаат право да задржат некој предмет, бидејќи нешто употребиле во корист на тој предмет, во висина во која нивното побарување по тој основ не ја преминува постојната корист;

3) доверители кои имаат право на задржување врз основа на закон и

4) Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и други правни лица од јавниот сектор, ако предметот за кој постои обврска за плаќање на царина или данок по законот служи за обезбедување на јавните давачки.

**Разлачни доверители во постапка на вонсудско спогодување**

Член 44

Доверителите со право на одвоено намирување се доверители во постапка за вонсудско спогодување ако должникот им е и лично одговорен или ако се откажат од правото на одвоено намирување.

VI. ИСПИТНА ПОСТАПКА

Член 45

(1) На првото рочиште се утврдуваат побарувањата спрема пријавите на доверителите и исправите доставени од страна на должникот.

(2) Побарувањата за кои постои согласност меѓу должникот и доверителот за постоење и висина на тоа побарување и за кое постои извршна исправа се сметаат за утврдени побарувања, освен ако должникот располага со доказ дека побарувањето престанало.

(3) Спогодбениот совет составува табела на пријавените побарувања во која за секое поединечно побарување внесува податоци за висината на утврдувањето, односно оспорувањето.

(4) Врз основа на табелата од ставот (3) на овој член спогодбениот совет донесува решение во кое одлучува со колкав износ се утврдени, односно оспорени пријавените побарувања.

(5) Ако вредноста на оспорените побарувања изнесува повеќе од 25% од вредноста на пријавените побарувања, постапката за вонсудско спогодување се запира.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член постапката може да продолжи, ако за оспорените побарувања на рочиште се постигне согласност меѓу должникот и сите доверители.

(7) Должникот го образложува предлогот за вонсудско спогодување и поднесува изјава дека податоците за финансиската состојба и работењето на должникот кои се доставени со предлогот за вонсудско спогодување во целост одговараат на стварната состојба.

(8) После излагањето на должникот по предлогот се произнесува повереникот на вонсудското спогодување.

(9) Ако планот за финансиско реструктуирање се прифати согласно со членот 47 од овој закон, спогодбениот совет со решение утврдува дека:

1) за планот за финансиско реструктуирање гласале доверителите чии побарувања го сочинуваат потребното мнозинство од членот 47 од овој закон и

2) постапката е спроведена врз основа на одредбите од овој закон.

(10) Ако во постапката за вонсудско спогодување е дадена гаранција, решението од ставот (9) на овој член содржи фирма, односно име и презиме на должникот, неговото седиште, адреса и единствен матичен број на субјектот, односно фирма или име и презиме, седиште, адреса и ЕМБС на лицата кои дале гаранција со клаузула за нивна солидарна одговорност спрема сите доверители на должникот.

**Право на глас**

Член 46

(1) Доверителите одлучуваат за планот за финансиско реструктуирање со гласање.

(2) Право на глас имаат доверителите со утврдени побарувања.

(3) Разлачните доверители имаат право на глас, како и необезбедените доверители, само ако должникот им е лично одговорен или ако се откажат од своето право на одвоено намирување.

(4) Разлачните доверители и доверителите на чии побарувања вонсудската спогодба не се однесува, немаат право на глас.

(5) На доверителите со оспорени побарувања ќе им се признае право на глас ако за тоа се согласат должникот и доверителите со право на глас.

(6) Спогодбениот совет ќе изготви список на присутни доверители со право на глас.

(7) Спогодбениот совет за извршеното гласање ќе изготви записник кој го потпишуваат должникот, доверителите, претседателот и членовите на спогодбениот совет и записничарот.

**Потребно мнозинство**

Член 47

(1) Планот за финансиско реструктуирање се смета за прифатен ако за него гласаат мнозинство на доверители со побарувања над половина од вредноста на сите утврдени побарувања.

(2) Ќе се смета дека против планот за финансиско реструктуирање гласале оние доверители кои имаат право на глас, а не гласале.

(3) Планот за финансиско реструктуирање од ставот (1) на овој член има правна сила спрема сите лични доверители и разлачни доверители ако се откажале од правото на одвоено намирување.

**Запирање на постапката за вонсудско спогодување**

Член 48

Спогодбениот совет ќе ја запри постапката за вонсудско спогодување во случаите ако:

1) планот за финансиско реструктуирање не се прифати, постапката за вонсудско спогодување се запира;

2) должникот ги исполни сите обврски спрема доверителите до рочиштето за гласање;

3) по истекот на рокот од 120 дена од денот на отворањето на постапката за вонсудско спогодување пред спогодбениот совет не се спроведе постапка за вонсудско спогодување и

4) по истекот на 60 дена од денот на отворањето на скратена постапка за вонсудско спогодување не се спроведе постапка за вонсудско спогодување.

VII. ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

Член 49

(1) Должникот е должен во рок од три дена од денот на правосилноста на решението од членот 45 став (9) од овој закон да поднесе до надлежниот нотар предлог за склучување на вонсудска спогодба.

(2) Со предлогот за склучување на вонсудска спогодба должникот е должен да достави:

1) извештај за финансиската состојба и работењето на должникот;

2) план за финансиско реструктуирање;

3) содржина на прифатениот план за финансико реструктуирање (утврден процент по кој ќе се исплаќаат доверителите и рокови за плаќање);

4) список на доверители чии побарувања не се оспорени, со наведување на утврдениот и намалениот износ на нивното побарување;

5) список на оспорени побарувања со износ;

6) записник за спроведено гласање и

7) список на гаранти со назначување на нивната солидарна одговорност спрема сите доверители на должникот, ако во постапката за вонсудско спогодување е дадена гаранција.

(3) Ако нотарот врз основа на доставените исправи утврдил дека се исполнети претпоставките за склучување на вонсудска спогодба е должен да закаже рочиште за склучување на вонсудска спогодба.

(4) Рочиште за склучување на вонсудска спогодба се одржува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на предлогот.

(5) За рочиштето за склучување на вонсудска спогодба должникот и сите доверители кои го прифатиле планот за финансиско реструктуирање се известуваат со оглас.

(6) Огласот се објавува на огласната табла кај должникот и на веб страницата на Централниот регистар најдоцна осум дена пред одржување на рочиштето.

(7) Нотарот ќе допушти склучување на вонсудско спогодување ако на рочиштето согласност ќе дадат должникот и доверителите кои го прифатиле планот за финансиско реструктуирање, а чии побарувања го сочинуваат потребното мнозинство од членот 47 од овој закон.

(8) Содржината на вонсудската спогодба мора да биде истоветен со содржината на прифатениот план за финансиско реструктуирање.

(9) Нотарот со решение ја одобрува склучената вонсудска спогодба која содржи особено:

1) содржина на склучената спогодба и

2) список на доверители чии побарувања не се оспорени со назначување на утврдените износи и намалени износи на нивните побарувања.

(10) Нотарот решението од ставот (9) на овој член ќе го достави до Централниот регистар кој по приемот, без одлагање, ќе го објави на својата веб страница.

(11) Вонсудската спогодба има сила на извршна исправа за сите доверители со утрдени побарувања и разлачни доверители ако се откажале од правото на одвоено намирување.

## VIII. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

Член 50

(1) Скратена постапка за вонсудско спогодување се спроведува над:

1) должник со максимален износ од 1.000.000 денари на обврски според извештајот за финансиска состојба и работењето на должникот и

2) кој вработува помалку од десет работници.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член кон предлогот за вонсудско спогодување треба да се приложи:

1) извештај за финансиска состојба и работење на должникот;

2) податоци за вкупниот износ на побарувања на доверителите на денот на составување на финансискиот извештај;

3) список на доверители кои имаат право на одвоено намирување;

4) изјава на должникот заверена на нотар дека финансискиот извештај целосно и веродостојно ја прикажува финансиската состојба и работењето и

5) заверени спогодби за прифаќање на планот за финансиско реструктуирање со доверителите чии побарувања го надминуваат мнозинството од членот 47 од овој закон.

(3) Скратената постапка за вонсудско спогодување мора да се заврши во рок од 60 дена од денот на нејзиното отворање.

(4) На скратена постапка за вонсудско спогодување не се применуваат одредбите од овој закон за повереник на вонсудско спогодување.

## IX. ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ОТВОРАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

### Ден на настапување на правните последици

Член 51

Правните последици од отворање на постапка за вонсудско спогодување настапуваат наредниот ден кога огласот за отворање на постапката е објавен на веб страницата на Централниот регистар.

### Дозволени плаќања на паричните обврски на должникот

Член 52

Во периодот од отворање на постапката за вонсудско спогодување до нејзиното завршување, должникот може да врши исплати само со претходна согласност од повереникот на вонсудското спогодување.

### Престанување на извршување на извршните постапки и постапките на обезбедување

Член 53

(1) Постапките на извршување и обезбедување кои започнале пред отворање на постапка за вонсудско спогодување, се прекинуваат.

(2) За време на траењето на постапката за вонсудско спогодување не може против должникот да се дозволи извршување заради обезбедување, ниту извршување заради намирување на побарувања врз основа на претходно донесена извршна исправа.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се однесуваат на излачни и разлачни доверители кои правото на одвоено намирување го стекнале 90 дена пред отворање на постапката за вонсудско спогодување.

(4) Од денот на објавувањето на решението за отворање на постапка за вонсудско спогодување, носителот на платен промет престанува да врши исплати врз основа на извршни исправи пристигнати за наплата на товар на должникот.

(5) Ако носителот на платен промет добие извршна исправа за плаќање на товар на должникот по отворањето на постапка за вонсудско спогодување, истата нема да ја изврши и ќе ја врати на подносителот со образложение.

(6) По донесувањето на решение за запирање на постапка за пред стечајно спогодување, освен во случај на запирањето од членот 48 точка 2 од овој закон, носителот на платен промет извршните исправи од ставот (4) на овој член ќе продолжи да ги извршува.

### Побарувања на доверители на кои има дејство отворањето на постапка за вонсудско спогодување

Член 54

(1) Правните последици од отворање на постапка за вонсудско спогодување имаат влијание врз сите побарувања на доверителите спрема должникот кои се настанати до отворањето на постапката, ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Постапката за вонсудско спогодување нема влијание врз правото за одвоено намирување на излачните и разлачните доверители.

### Недостасани побарувања

Член 55

Недостасаните побарувања на доверителите доспеваат со отворањето на постапката за вонсудско спогодување со цел за повторно договарање на роковите и начинот на нивна исплата, а во согласност со планот за финансиско реструктуирање.

### Условни побарувања

Член 56

Побарувањата врзани со услов за раскинување кој настанува по отворањето на постапката за вонсудско спогодување, се земаат предвид како безусловни побарувања, се додека не настапи условот за раскинување.

**Пресметување на побарувањата**

Член 57

Непаричните побарувања или побарувања чиј паричен износ не е определен се пресметуваат во парична вредност на која можат да се проценат на денот на отворањето на постапката за вонсудско спогодување. Побарувањата изразени во странска валута се пресметуваат во денари според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на отворањето на постапката.

**Продажба на побарувања**

Член 58

(1) Ако доверител го продаде своето побарување по отворањето на постапката за вонсудско спогодување, а истото не го пријавил во таа постапка, купувачот на побарувањето во постапката за вонсудско спогодување ги има само оние права кои би можел да ги има и продавачот, ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Ако доверител го продаде своето побарување кое го пријавил во постапката за вонсудско спогодување, купувачот ја има правната положба на продавачот, ако со овој закон поинаку не е определено.

(3) Преносот на побарувањето од ставот (2) на овој член во постапката за вонсудско спогодување може да се докажува само со јавна исправа, или ако доверителот преносот го потврди со своја изјава дадена пред спогодбениот совет кој ја води постапката.

**Повремени побарување на чинење или давање**

Член 59

Парични и непарични побарувања на доверител спрема должникот кои се предмет на повремени побарувања на чинење или давање, со отворањето на постапката за вонсудско спогодување се претвoраат во еднократни парични побарувања.

**Пребивање на побарувањата**

Член 60

Со отворањето на постапката за вонсудско спогодување ќе се изврши пребивање на утврдените побарувања на доверителите со достасаните побарувања на должникот врз основа на Законот за облигациони односи.

**Прекин на застарување**

Член 61

Со пријавувањето на побарувањето во постапката за вонсудско спогодување се прекинува застарувањето од денот на поднесувањето на пријавата до истекот на рокот за исплата кој е определен во вонсудската спогодба, а ако вонсудска спогодба не се склучи, до правосилноста на одлуката за запирање на постапката.

**Одговорност за управување во текот и по склучување на вонсудска спогодба**

Член 62

(1) Должникот е должен да обезбеди мерките за финансиско реструктуирање утврдени во вонсудската спогодба да бидат спроведени во роковите одредени за нивно спроведување.

(2) Должникот е должен тримесечно да изготвува извештај за спроведувањето на финансиското реструктуирање, вклучувајќи:

1) опис на мерките за финансиско реструктуирање кои се спроведени и нивното влијание на должникот во поглед на ликвидноста и солвентноста;

2) вкупен износ на исплати на побараувањата на доверителите;

3) тримесечни биланси и извештај за готовински тек и

4) изјава на должникот дека не презел ниту една работа која за последица би имала доведување на доверителите во нееднаква положба.

(3) Должникот ги доставува извештаите од ставот (2) на овој член до Централниот регистар во рок од 45 дена по истекот на периодот за кој се однесуваат,

(4) Централниот регистар е должен извештаите од ставот (2) на овој член да ги објави на својата веб страница во рок од три дена од денот на приемот.

**Утврдени побарувања**

Член 63

(1) Под утврдено побарување, во согласност со овој закон, се подразбира главниот долг и каматата кои достасале до денот на донесувањето на решение за отворање на постапка за вонсудско спогодување, а ако побарувањето е врз основа на извршна исправа, под утврдено побарување се подразбира целокупниот износ наведен во таа исправа.

(2) Ако со вонсудската спогодба е определено побарувањата да се исплатат во намален износ, процентот кој се исплаќа спрема вонсудската спогодба се пресметува на целиот износ на утврденото побарување од ставот (1) на овој член.

(3) Од денот на отворањето на постапката за вонсудско спогодување до денот на достасувањето утврдено со спогодбата, не се пресметува камата.

(4) Извршните исправи кои не биле пријавени во постапката за вонсудско спогодување, а кои настанале пред отворањето на постапката, за време на траењето на вонсудското спогодување ја губат правната сила во однос на должникот до истекот на рокот за извршување на вонсудската спогодба.

(5) Извршните исправи на излачните и разлачните доверители не ја губат правната сила за намирување од предметот на кој постои излачно, односно разлачно право.

(6) За време на траењето на вонсудската спогодба, на побарувањата со извршни исправи од ставот (4) на овој член, застарувањето се прекинува.

## X. ПРАВНА СИЛА НА ВОНСУДСКАТА СПОГОДБА, УПИСИ И ТРОШОЦИ

Член 64

(1) Врз основа на вонсудската спогодба должникот се ослободува од обврската на доверителот да му исплати поголем процент од утврдениот во вонсудската спогодба, а роковите за плаќање се одлагаат според вонсудската спогодба. Во тие рамки должникот се ослободува од обврските спрема лицата на кои им припаѓа право на регрес (гаранти).

(2) Ако должникот по склучување на вонсудска спогодба на доверителите им исплати износ над процентот утврден во вонсудската спогодба, нема право на враќање на тој износ.

(3) Извршните исправи кои се однесуваат на побарувања од вонсудска спогодба, за делот за кој се намирени, ја губат правната сила во однос на должникот.

**Извршување на вонсудската спогодба**

Член 65

(1) Ако вонсудската спогодба целосно не се изврши, доверителите кои се намирени во вонсудската спогодба, не се должни да го вратат она што го примиле.

(2) Побарувањата на доверителите од ставот (1) на овој член се сметаат за целосно намирени ако се намирени износите утврдени во вонсудската спогодба.

(3) Доверителите кои се делумно намирени според вонсудската спогодба, во стечајна постапка го пријавуваат вкупното побарување намалено за износот за кој се смета дека според вонсудската спогодба се намирени.

(4) Доверителите кои ни делумно не се намирени според вонсудската спогодба, во стечајна постапка го пријавуваат побарувањето во вкупен износ на кој би имале право без склучување на вонсудска спогодба.

**Ставање вон сила на вонсудската спогодба**

Член 66

Вонсудската спогодба може да се побива со тужба под истите услови кои се пропишани за побивање на судска спогодба.

**Уписи во Трговскиот регистар**

Член 67

(1) Спогодбениот совет ќе достави до Централниот регистар и надлежниот нотар решение за отворање на постапка за вонсудско спогодување и решение за запирање на постапката.

(2) Надлежниот нотар ќе достави до Централниот регистар решение за склучената вонсудска спогодба.

(3) Централниот регистар по службена должност ќе изврши упис на податоците од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Сметководствени промени од вонсудската спогодба**

Член 68

(1) Во билансот на успех на должникот како приход не се искажува намалување или престанување на обврските на должникот врз основа на:

1) престанување на побарувањето на доверителот со внесување на побарувањето во основната главнина на друштвото во постапка на зголемување на основната главнина врз основа на одобрена вонсудска спогодба и

2) намалување на побарувањето на доверителот врз основа на одобрена вонсудска спогодба,

(2) Должникот е должен со неплатениот износ на своите обврски од ставот (1) на овој член да ја покрие пренесената загуба, а потенцијалната разлика до вкупниот износ на тие обврски да ги искористи за капитални резерви.

(3) Должникот кој создал капитални резерви од ставот (2) на овој член не смее да изврши намалување на основната главнина пред истекот на рокот од десет години од одбрувањето на вонсудската спогодба и пред истекот на рокот за исполнување на сите обврски кои произлегуваат од одобрената вонсудска спогодба.

**Трошоци на вонсудската спогодба**

Член 69

(1) Трошоците на вонсудската спогодба ги сочинуваат:

1) административни трошоци за поведување и водење на постапката;

2) награда и надоместоци на трошоци за работата на спогодбениот совет и повереникот на вонсудското спогодување и

3) трошоци за кои со овој или друг закон е определено дека ќе се намируваат како трошоци на постапката за вонсудско спогодување.

(2) Со поднесување на предлог за отворање на вонсудско спогодување должникот е должен да уплати аванс за надоместување на трошоците на постапката.

(3) Трошоците за водење на постапката за вонсудско спогодување со посебен правилник ќе ги определи министерот за економија.

(4) Секој учесник во постапката за вонсудско спогодување ги сноси своите трошоци, независно од исходот на постапката.

(5) За трошоците на постапката спогодбениот совет одлучува со решение.

(6) Од имотот на должникот најпрво се намируваат трошоците на вонсудското спогодување.

XI. НАДЗОР

Член 70

Надзор врз спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за економија.

**Прекршочни одредби**

Член 71

(1) Со глоба во износ од 1.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе се казни за прекршок економски оператор кој:

1) дава заем, исплаќа аванси за добивка или добивка, исплаќа дивиденда спротивно на одредбите од овој закон;

2) постапува спротивно на одредбите од членот 6 од овој закон;

3) постапува спротивно на одредбите од членот 12 од овој закон;

4) нема да поведе постапка за вонсудско спогодување кога е тоа определено со овој закон;

5) нема да пристапи кон склучување на вонсудска спогодба пред нотар, а го прифатиле планот за финансиско реструктуирање и

6) не се придржува на роковите за исплата на побарувањата утврдени со вонсудската спогодба.

(2) Со глоба во износ од 200 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се казни одговорното лице во трговското друштво и други правни лица основани согласно со закон за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 72

Се овластува министерот за економија во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон со правилник да ја пропише тарифата за водење на постапка за вонсудско спогодување.

Член 73

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR MARRËVESHJE JASHTËGJYQËSORE**

I. DISPOZITAT E PËRGJITHSHME

**Lënda e Ligjit**

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kushtet për hapjen e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore, mënyra dhe procedura e marrëveshjes jashtëgjyqësore dhe pasojat juridike për hapjen dhe zbatimin e saj.

**Zbatimi i dispozitave nga ligje tjera**

Neni 2

Gjatë zbatimit të procedurës së marrëveshjes jashtëgjyqësore do të zbatohen edhe dispozitat e Ligjit për rregullimin e afateve për përmbushjen e detyrimeve në para të shkaktuara gjatë transaksioneve afariste.

**Kuptimi i nocioneve të caktuara**

Neni 3

Për qëllimet e këtij ligji, nocione të veçanta e kanë kuptimin në vijim:

1. "Likuiditet" është aftësia që në kohë të përmbushen detyrimet e maturuara në para;

2. "Solvencë" është aftësia e përhershme për përmbushjen e të gjitha detyrimeve në para;

3. "Përshtatshmëria e kapitalit" është raporti midis burimeve afatgjate të financimit dhe vëllimit dhe llojit të punëve që operatori ekonomik i kryen edhe rreziqeve të cilave u ekspozohet në punë;

4. Operatorë ekonomikë janë:

- shoqëria tregtare apo tregtari individ, të themeluar në pajtim me Ligjin për shoqëri tregtare dhe
- personat tjerë juridikë dhe fizikë që janë të themeluar në pajtim me ligj dhe kryejnë veprimtari profitabile;

5. "Ristrukturim financiar" është procedura që zbatohet në bazë të planit të pranuar për ristrukturim financiar me qëllim që të arrihet gjendja e likuiditetit dhe solvencës;

6. "Procedurë e marrëveshjes jashtëgjyqësore" është procedura që zbatohet me qëllim që të arrihet likuiditeti dhe solvenca e debitorit;

7. "Kreditorë" në procesin e marrëveshjes jashtëgjyqësore janë kreditorët personalë të debitorit që në kohën e hapjes së procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore kanë kërkesë pronësore-juridike ndaj debitorit dhe

8. "Kërkesa prioritare" janë kërkesat me rend më të lartë të pagesës ku bëjnë pjesë rrogat, kontributet e rrogës së SPI, sigurimi shëndetësor dhe sigurimi në rast të papunësisë dhe kompensimet për periudhën prej tre muajve të fundit para hapjes së marrëveshjes jashtëgjyqësore.

II. DETYRIMET E OPERATORIT EKONOMIK KUR DO TË KRIJOHEN KUSHTE TË JOLIKUIDITETIT

**Jolikuiditeti**

Neni 4

Jolikuiditet, në kuptim të këtij ligji, ekziston kur operatori ekonomik më shumë se 30 ditë vonohet me plotësimin e një ose më shumë detyrimeve në para.

**Insolvenca**

Neni 5

(1) Insolvencë krijohet kur operatori ekonomik:

1) bëhet i paaftë për pagesë dhe

2) bëhet i stërngarkuar me borxh.

(2) Operatori ekonomik është i paaftë për pagesë nëse nuk mund që në mënyrë më afatgjate t'i plotësojë detyrimet e tij të maturuara në para. Gjendja kur operatori ekonomik i ka përmbushur ose mund t'i përmbushë në tërësi ose pjesërisht kërkesat nga disa debitorë, vetvetiu nuk do të thotë se është i aftë për pagesë.

(3) Konsiderohet se operatori ekonomik është i paaftë për pagesë kur në periudhë më të gjatë se 30 ditë nuk ka mundësi që pa prolongim të paguajë kërkesë të maturuar në bazë të dokumenteve autentike.

(4) Konsiderohet se operatori ekonomik është i stërngarkuar me borxh nëse vlera e pronës së tij nuk i mbulon detyrimet e tij. Nuk do të konsiderohet se operatori ekonomik është i stërngarkuar me borxh nëse sipas rrethanave të rastit mund të supozohet se me vazhdimin e punës, rregullisht do t'i plotësojë detyrimet e veta pas maturimit të tyre.

**Veprimi i operatorëve ekonomikë në kushte të jolikuiditetit**

Neni 6

(1) Operatori ekonomik në gjendje të jolikuiditetit nuk guxon që të kryejë kurrfarë pagesash përveç atyre që janë të domosdoshme për punë të rregullt.

(2) Konsiderohet se për punë të rregullt janë të domosdoshme pagesat për:

1) kërkesa prioritare;

2) rroga bruto për punëtorët nga dita e hapjes së procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore;

3) shpenzime operative për punë (energji elektrike, ujë etj.);

4) furnizim me mall dhe shërbime të nevojshme për punë të rregullt;

5) tatim mbi vlerë të shtuar, kontribute dhe tatime të tjera që nga ana e debitorit doemos duhet të përllogariten dhe të paguhen në pajtim me rregullat dhe

6) shpenzime për procedurat para organeve shtetërore.

(3) Operatori ekonomik në gjendje të jolikuiditetit nuk guxon që të ndërmarrë aktivitete me të cilat do të shkaktonte dëm të sjelljes ose të njëjtat do t'i sjellë në pozitë të pabarabartë.

(4) Me aktivitete nga paragrafi (3) i këtij neni, veçanërisht konsiderohen: riorientimi i rrjedhave të parave dhe atyre financiare te personave të tjerë, dhënia e huas, pagesa të avancave për fitim ose fitim, pagesa e dividendit, kryerja e bartjes së të drejtave të personave të tretë, sidomos të shoqërive të lidhura.

(5) Operatori ekonomik detyrohet që pas krijimit të jolikuiditetit të ndërmarrë masa për ristrukturim financiar me qëllim të vendosjes së sërishme të gjendjes së likuiditetit.

(6) Përveç aktiviteteve të rregullta nga paragrafi (2) i këtij neni, operatori ekonomik mund të ndërmarrë edhe punë tjera që janë të parapara si masa për ristrukturim financiar nga paragrafi (5) i këtij neni.

(7) Nga momenti i hapjes së procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore deri në plotfuqishmërinë e aktvendimit me të cilin miratohet lidhja e marrëveshjes jashtëgjyqësore, operatori ekonomik mund të kryejë edhe pagesa tjera dhe të ndërmarrë punë tjera në bazë të pëlqimit të marrë paraprak të kreditorëve të marrëveshjes jashtëgjyqësore.

**Detyrimi për ngritjen e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore**

Neni 7

(1) Nëse me masat e ndërmarra për ristrukturim financiar jashtë procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore debitori nuk mund të vendosë gjendje të likuiditetit, detyrohet që në afat prej 30 ditëve nga krijimi i jolikuiditetit, të ngrejë procedurë për marrëveshje jashtëgjyqësore.

(2) Nëse debitori është i paaftë për pagesë ose i stërngarkuar me borxh, detyrohet që pa prolongim, më së voni në afat prej 21 ditëve nga krijimi i insolvencës, të ngrejë procedurë për marrëveshje jashtëgjyqësore.

III. PROCEDURA E MARRËVESHJES JASHTËGJYQËSORE

**Qëllimi i marrëveshjes jashtëgjyqësore**

Neni 8

Procedura e marrëveshjes jashtëgjyqësore zbatohet me qëllim që:

1) Debitorit që është bërë jolikuid dhe/ose insolvent i mundësohet ristrukturim financiar në bazë të të cilit, do të bëhet likuid dhe solvent dhe

2) Kreditorëve t'u mundësohen mundësi më të volitshme për përmbushjen e kërkesave të tyre nga mundësitë që do t'i merrnin me hapjen e procedurës falimentuese ndaj debitorit.

**Parimi i vullnetarizmit**

Neni 9

Marrëveshja jashtëgjyqësore konsiderohet si e lidhur nëse atë e pranojnë vullnetarisht debitori dhe kreditorët, kërkesat e të cilëve kanë shumicë sipas nenit 47 të këtij ligji.

**Parimi i trajtimit të barabartë të kreditorëve**

Neni 10

Në procedurën e marrëveshjes jashtëgjyqësore debitori detyrohet që të veprojë në mënyrë të barabartë ndaj të gjithë kreditorëve nga i njëjti rang dhe të mos ndërmarrë kurrfarë aktiviteti me të cilin kreditorët do të silleshin në pozitë të pabarabartë.

**Parimi i veprimit me vullnet të mirë**

Neni 11

Kreditori dhe debitori gjatë procedurës së marrëveshjeve jashtëgjyqësore nuk guxojnë që të ndërmarrin aktivitete me të cilat mund të shkaktohet dëm.

**Parimi i qasjes në të dhënat**

Neni 12

Për vlerësim të drejtë të gjendjes financiare dhe mundësive për ristrukturim financiar, debitori detyrohet që t'i sigurojë këshillit për marrëveshje, të autorizuarit për marrëveshje jashtëgjyqësore dhe kreditorëve, qasje të papenguar dhe në kohë në të dhënat dhe dokumentacionin që kanë të bëjnë me pronën e tij, kapitalin, detyrimet, punën dhe planet afariste.

**Debitori në procedurën për marrëveshje jashtëgjyqësore**

Neni 13

(1) Procedura për marrëveshje jashtëgjyqësore mund të zbatohet mbi:

- Shoqëri tregtare ose tregtar individ, të themeluar në pajtim me Ligjin për shoqëri tregtare dhe
- Personat tjerë juridikë dhe fizikë që janë të themeluar në pajtim me ligj dhe kryejnë veprimtari profitabile,

(2) Procedura e marrëveshjes jashtëgjyqësore nuk mund të zbatohet mbi institucion financiar, shoqëri investuese dhe shoqëri për menaxhim me fonde investuese, institucion kreditor, shoqëri për sigurim dhe risigurim, shoqëri për lizing, institucione për pagesë dhe para elektronike.

(3) Procedura për marrëveshje jashtëgjyqësore nuk mund të zbatohet mbi Republikën e Maqedonisë, mbi fondet që financohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë, Fondin për sigurim pensional dhe invalidor, Fondin për sigurim shëndetësor, njësitë e vetëqeverisjes lokale dhe mbi organet e administratës shtetërore.

**Parimet e procedurës**

Neni 14

(1) Procedura e marrëveshjes jashtëgjyqësore është urgjente dhe doemos duhet të përfundohet para këshillit për marrëveshje më së voni në afat prej 120 ditësh nga dita e hapjes së saj.

(2) Procedura e marrëveshjes jashtëgjyqësore hapet vetëm me propozim të debitorit.

(3) Propozime, deklarata dhe kundërshtime në procedurë të marrëveshjes jashtëgjyqësore nuk mund të jepen, përkatësisht parashtrohen nëse lëshohet afati, përkatësisht nuk kanë qenë të pranishëm në seancë në të cilën është dashur të jepen, përkatësisht të parashtrohen.

**Njoftimi publik**

Neni 15

(1) Dokumentet (vendime, ftesa, njoftime dhe ngjashëm) në procedurën e marrëveshjes jashtëgjyqësore që duhet të shpallen, dorëzohen te Regjistri qendror që i publikon në ueb faqen e vet. Në dokumentin e shpallur theksohet firma, përkatësisht emri dhe mbiemri i debitorit, selia e tij, adresa dhe numri unik i amzës i subjektit. Shpallja publike prodhon veprim pas kalimit të tetë ditëve nga dita e shpalljes.

(2) Shpallja publike e dokumenteve është dëshmi se është bërë dorëzimi i tyre tek të gjithë pjesëmarrësit.

(3) Të dhënat që publikohen gjatë procedurës së marrëveshjes jashtëgjyqësore në ueb-faqen e Regjistrit qendror janë:

- firma, përkatësisht emri dhe mbiemri i debitorit, selia e tij, adresa dhe numri unik i amzës i subjektit,
- emri dhe mbiemri, selia, adresa, telefoni i të autorizuarit të marrëveshjes jashtëgjyqësore,
- aktvendimi për hapjen e procedurës së marrëveshjes jashtëgjyqësore,
- shpallja me të cilën thirren kreditorët që t'i paraqesin kërkesat e tyre,
- të gjitha aktvendimet dhe konkluzionet e miratuara në procedurën e marrëveshjes jashtëgjyqësore,
- planet e ristrukturimit financiar dhe tërë dokumentacioni i dorëzuar gjatë procedurës,
- të gjitha raportet e dorëzuara gjatë procedurës,
- formulari për votim,
- procesverbali për votimin e kryer,
- shpallja për mbajtjen e seancës për lidhjen e marrëveshjes jashtëgjyqësore para noterit dhe
- njoftimi se marrëveshja jashtëgjyqësore është lidhur dhe teksti i marrëveshjes jashtëgjyqësore.

**Vendime në procedurë**

Neni 16

(1) Vendimet në procedurën për marrëveshje jashtëgjyqësore miratohen në formë të aktvendimit dhe konkluzionit.

(2) Me konkluzion vendoset për çështjet procesuale.

**Mjete juridike**

Neni 17

(1) Kundër aktvendimit mund të parashtrohet ankesë, nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

(2) Afati për ankesë është tetë ditë.

(3) Nëse me këtë ligj është përcaktuar që aktvendimi t'u dorëzohet personave të caktuar, afati i parashtrimit të ankesës rrjedh nga dita e dorëzimit të aktvendimit, kurse për aktvendimet tjera, në ditën e tetë nga dita e publikimit në ueb faqen e Regjistrit qendror.

(4) Ankesa parashtrohet te Komisioni shtetëror për vendimmarrje në procedurë administrative dhe procedurë nga marrëdhënia e punës në shkallë të dytë, përmes organit të shkallës së parë.

(5) Organi i shkallës së parë detyrohet që ankesën ta dorëzojë te organi i shkallës së dytë në afat prej tre ditëve nga pranimi.

(6) Organi i shkallës së dytë detyrohet që të vendos për ankesën në afat prej tetë ditëve nga pranimi i ankesës.

(7) Ankesa kundër aktvendimit nuk e prolongon zbatimin e aktvendimit.

(8) Kundër konkluzionit nuk lejohet ankesë.

(9) Në procedurë të marrëveshjes jashtëgjyqësore nuk mund të kërkohet kthim në gjendjen e mëparshme, as të parashtrohet propozim për përtëritjen e procedurës.

**Zbatimi përkatës i Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative**

Neni 18

Në procedurë të marrëveshjes jashtëgjyqësore në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat e Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative, nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

IV. ORGANE NË PROCEDURË PËR MARRËVESHJE JASHTËGJYËSORE

Neni 19

Organe në procedurë për marrëveshje jashtëgjyqësore janë këshilli për marrëveshje dhe i autorizuari.

**Këshilli për marrëveshje**

Neni 20

(1) Procedurën për marrëveshje jashtëgjyqësore e udhëheq këshilli për marrëveshje i përbërë prej tre anëtarëve (në tekstin e mëtejmë: këshilli për marrëveshje) prej të cilëve njëri është kryetar i këshillit.

(2) Kryetarin dhe anëtarët e këshillit për marrëveshje i emëron ministri i Ekonomisë. Për kryetar dhe anëtar të këshillit për marrëveshje mund të emërohet personi me arsim të lartë të kryer në drejtimin juridik ose ekonomik.

(3) Këshilli për marrëveshje kujdeset dhe i jep udhëzime të autorizuarit për hetimin e gjendjes së mjeteve dhe punës së debitorit, për kontrollimin e regjistrimit të kreditorëve, regjistrimin e debitorëve të debitorit, kërkesave të paraqitura dhe punëve tjera në lidhje me përgatitjen e procedurës hetuese, përkatësisht vendimmarrjes së këshillit për marrëveshje.

**I autorizuari i marrëveshjes jashtëgjyqësore**

Neni 21

(1) Kur këshilli për marrëveshje përcakton se janë plotësuar kushtet për hapjen e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore, me konkluzion do të emërojë të autorizuar të marrëveshjes jashtëgjyqësore.

(2) Të autorizuarin e marrëveshjes jashtëgjyqësore e emëron këshilli për marrëveshje nga lista e drejtorëve të autorizuar të falimentimit.

**Detyrat e të autorizuarit të marrëveshjes jashtëgjyqësore**

Neni 22

I autorizuari i marrëveshjes jashtëgjyqësore detyrohet që:

1) ta hetojë autenticitetin e dokumentacionit të dorëzuar nga aspekti i punës dhe pronës së debitorit;

2) t'i kontrollojë kërkesat e paraqitura;

3) ta ndjekë punën financiare të debitorit;

4) ta informojë këshillin për marrëveshje nëse debitori vepron në kundërshtim me nenin 6 të këtij ligji;

5) ta ndjekë pagesën e azhurnuar dhe të plotë të shpenzimeve të procedurës së marrëveshjes jashtëgjyqësore;

6) ta ndjekë përmbushjen e azhurnuar dhe të plotë të detyrimeve të debitorit ndaj kreditorëve sipas marrëveshjes së lidhur jashtëgjyqësore dhe

7) të kryejë edhe punë tjera në pajtim me këtë ligj.

**Mbikëqyrja e punës së të autorizuarit**

Neni 23

(1) Mbikëqyrje të punës së të autorizuarit të marrëveshjes jashtëgjyqësore kryen këshilli për marrëveshje.

(2) Debitori dhe kreditorët munden që kundër veprimeve të të autorizuarit të marrëveshjes jashtëgjyqësore të parashtrojnë kundërshtim te këshilli për marrëveshje.

(3) Kundër vendimeve të këshillit për marrëveshje të miratuara në kryerjen e mbikëqyrjes mbi punën e të autorizuarit të marrëveshjes jashtëgjyqësore, si dhe kundër aktvendimit për shkarkimin e tij, ankesa nuk lejohet.

**Shkarkimi i të autorizuarit të marrëveshjes jashtëgjyqësore**

Neni 24

(1) Këshilli për marrëveshje mund që ta shkarkojë të autorizuarin i cili në mënyrë të parregullt i kryen detyrat e veta, vetëm në pajtim ose me kërkesë të kreditorëve.

(2) I autorizuari mund që të shkarkohet edhe me kërkesë të tij.

**Shpërblimi dhe kompensimi për shpenzimet e punës së këshillit për marrëveshje dhe të të autorizuarit**

Neni 25

(1) Kryetari dhe anëtarët e këshillit për marrëveshje dhe i autorizuari i marrëveshjes jashtëgjyqësore kanë të drejtë për shpërblim për punën e vet dhe të drejtë për kompensimin e shpenzimeve të nevojshme reale.

(2) Lartësia e shpërblimit dhe kompensimeve nga paragrafi (1) i këtij neni përcaktohen në bazë të rregullores të cilën e miraton ministri i Ekonomisë.

V. PROCEDURA PËR MARRËVESHJE JASHTËGJYQËSORE

**Propozim për hapjen e procedurës**

Neni 26

(1) Debitori i cilin gjendet në gjendje të jolikuiditetit ose insolvencës detyrohet që të propozojë hapjen e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore, në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

(2) Me përjashtim të dispozitave nga paragrafi (1) i këtij neni, debitori i cili nuk ka pronë ose prona e tij është me vlerë të vogël ose të pakonsiderueshme dhe nuk ka të punësuar, ndërsa gjendet në gjendje të jolikuiditetit apo insolvencës, mund të propozojë hapjen e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore.

(3) Deri në përfundimin e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore nuk lejohet të hapet procedurë për falimentim.

(4) Procedura për marrëveshje jashtëgjyqësore nuk mund të zbatohet nëse ndaj debitorit është hapur procedurë për falimentim.

**Përmbajtja e propozimit**

Neni 27

(1) Propozimi për hapjen e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore dorëzohet te Ministria e Ekonomisë.

(2) Propozimi nga paragrafi (1) i këtij neni përmban:

1) firmën, përkatësisht emrin dhe mbiemrin e debitorit, selinë e tij, adresën dhe numrin unik të amzës të subjektit dhe kërkesë mbi debitorin që të ngrihet procedurë për marrëveshje jashtëgjyqësore;

2) raport për gjendjen financiare dhe punën e debitorit;

3) plan për ristrukturim financiar;

4) plan për ristrukturim operativ;

5) raport nga vlerësuesi i autorizuar i cili përmban: përcaktim të vlerës së shoqërisë dhe mendim pozitiv të planit për ristrukturim financiar dhe operativ;

6) regjistrim të pronës dhe të drejtave të debitorit të cilat janë regjistruara në fletëregjistrime përkatëse dhe

7) përshkrim të negociatave me kreditorët, nëse i ka pasur dhe të cilat i kanë paraprirë propozimit për hapjen e procedurës, duke përfshirë edhe njoftime të nevojshme të dorëzuara te kreditorët të cilët marrin pjesë në procedurë që të mund të miratojnë vendim për planin për ristrukturim financiar.

**Raport për gjendjen financiare dhe punën e debitorit**

Neni 28

Raporti për gjendjen financiare dhe punën e debitorit përmban:

1) raporte financiare në pajtim me Ligjin për kontabilitet të cilat nuk janë më të vjetra se tre muaj nga dita e parashtrimit të kërkesës për zbatimin e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore;

2) raport të revizorit (për operatorët ekonomikë të cilët kanë detyrim për kryerjen e revizionit) për raportet financiare të bashkangjitura ndaj kërkesës për zbatimin e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore;

3) Regjistrim të detyrimeve ndaj kreditorëve i cili i përmban elementet në vijim:

- firmën, përkatësisht emrin dhe mbiemrin e kreditorit, selinë e tij, adresën dhe numrin unik të amzës të subjektit për çdo detyrim të veçantë,
- shumën e përgjithshme të detyrimeve në ditën e raporteve të dorëzuara financiare dhe shumën e përgjithshme të detyrimeve dhe
- shenjën për të drejtën e përmbushjeve të përjashtuara dhe të veçuara për çdo detyrim individual ndaj kreditorit me të dhëna për sendet mbi të cilat ekzistojnë ato të drejta;

4) lartësinë e shpenzimeve mesatare mujore të punës së debitorit në vitin e fundit para datës së përpilimit të raporteve financiare nga pika 1 e këtij paragrafi dhe

5) listën e debitorëve të debitorit me të dhëna për firmën, përkatësisht emrin dhe mbiemrin e debitorit të debitorit, selinë e tij, adresën dhe numrin unik të amzës të subjektit për çdo detyrim individual dhe shumën e përgjithshme të borxhit.

**Plani financiar dhe operativ për ristrukturim në procedurën e marrëveshjes jashtëgjyqësore**

Neni 29

Plani për ristrukturim financiar dhe operativ përmban:

1) përshkrim të fakteve dhe rrethanave të cilat sugjerojnë për ekzistimin e kushteve për hapjen e procedurës për marrëveshje jashtëgjyqësore;

**Начин, постапка и рокови за продажба на имотот од стечајната маса**

Член 8

(1) Претворање на имотот, имотните права и побарувањата на должникот кои влегуваат во стечајна маса во пари, започнува во рок од три дена од уписот на сопственоста во јавните книги во кои се запишуваат правата на недвижностите.

(2) Продажбата на имотот од стечајната маса се врши по пат на електронска продажба со јавно наддавање без утврдена почетна цена. Право на учество во продажбата имаат учесниците кои ќе уплатат депозит или ќе доставаат банкарска гаранција во висина од 10% од проценетата вредност на имотот кој е предмет на продажбата.

(3) Овластениот проценувач е должен процената на имотот на стечајниот должник да ја изготви и достави до судот и до стечајниот управник во рок не подолг од 30 дена од денот на добивањето на известување за потребата за вршење на процената.

(4) Првата продажба на имотот од стечајната маса, стечајниот управник ја објавува во два најтиражни дневни весници кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија во формат на половина страница во рок од три дена од денот на извршената процена согласно со ставот (3) на овој член. Огласот трае најмногу 15 дена. Во случај на неуспешна продажба истиот се повторува најмногу уште еднаш со тоа што целата продажба треба да заврши во рок од 70 дена од рокот определен во ставот (1) на овој член.

(5). Во содржината на огласот за продажба во случај кога предмет на впаричување е правото на градба, освен основните податоци за предметот на продажба, особено треба да се наведе дали имотот е вклопен во урбанистичките планови на соодветната општина. Во случај на продажба на правото на градба, во огласот се наведува и дека купувачот ги презема сите права и обврски утврдени согласно со договорот за заедничка градба или соинвеститорство кој го склучил стечајниот должник со сопствениците на градежното земјиште.

(6) Решението на стечајниот судија со кое е избран најповолен купувач на имотот во стечајната постапка е основ за упис во јавните книги во кои се запишуваат правата на недвижности, како и на сите промени во целокупната градежно-техничка и друга документација која гласела на име на стечајниот должник пред отворањето на стечајната постапка.

(7) За останатите фази од постапката за продажба на имотот на стечајниот должник соодветно се применуваат одредбите за впаричување на имотот на стечајниот должник од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ број 79/13).

**Распределба на подвижниот, недвижниот имот и побарувањата кои влегуваат во стечајна маса**

Член 9

(1) Доколку и втората продажба на имотот на стечајниот должник не биде успешно завршена, стечајниот управник е дожен во рок од осум дена од денот на неуспешната продажба да изготви план за распределба на подвижниот, недвижниот имот и побарувањата за кои правото на сопственост се впишува во соодветен регистар, односно јавна книга согласно со закон, а кои влегуваат во стечајната маса. Подвижниот имот за кој правото на сопственост не се впишува во соодветен ре-

гистар се распоредуваат на доверителите сразмерно на утврдените побарувања врз основа на проценетата вредност. Планот за распределба на имотот стечајниот управник го доставува во рок од три дена од денот на втората неуспешна продажба до стечајниот судија, стечајното досие на должникот и објавува оглас во два најтиражни весници кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија во формат на половина страница, и дека планот за распределба е депониран во стечајното досие и истовремено ги повикува доверителите да извршат увид во истиот. Доверителите имаат право да извршат увид во планот за распределба во рок од осум дена од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат.

(2) Со планот за распределба стечајниот управник врши распределба на подвижниот, недвижниот имот и побарувањата на начин што го определува идеалниот дел од имотот согласно со процентот на неговото утврдено побарување.

(3) Доверителот има право на приговор во рок од три дена на изготвениот план за распределба до стечајниот судија, само по однос на висината на процентот на утврденото побарување и големината на идеалниот дел кој би му припаднал.

(4) Стечајниот судија во рок од три дена од приемот на приговорот со решение одлучува по приговорот. Со истото решение стечајниот судија одлучува по предложениот план за распределба.

(5) Против решението на стечајниот судија за распределба на имотот не е дозволено правото на жалба.

(6) Правосилното решение од ставот (5) на овој член е основ за упис на правото на сопственост на недвижниот имот во јавните книги во кои се упишува правото на сопственост.

(7) Правосилното решение од ставот (5) на овој член е основ за упис на правото на сопственост на подвижниот имот и побарувањата во соодветните регистри согласно со закон.

(8) Распределбата на имотот на стечајниот должник согласно со овој член не претставува промет.

**Конечна распределба на имотот на должникот и заклучување на постапката**

Член 10

(1) Пред конечната распределба на имотот на стечајниот должник, стечајнниот управник е должен да ги исплати трошоците за изработка на геодетски елаборат на Агенцијата за катастар на недвижности, доколку таквиот елаборат не бил поднесен како прилог кон барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект.

(2) По извршувањето на конечната распределба на стечајната маса, стечајниот судија во рок од осум дена ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка. За конечната распределба и заклучување на постапката соодветно се применуваат одредбите од членовите 200 и 201 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” број 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/11 и 79/13).

**Распределување на остаток од имот или средства по конечна распределба**

Член 11

(1) Доколку по впаричување на имотот и распределба на имотот на доверителите како и покривање на трошоците на постапката, останат нераспределени средства и имот истите се враќаат на основачите, односно содружниците. Доколку како основачи биле исклучиво правни лица кои престанале да постојат и се избришани од соодветниот регистар, а не постојат правни следбеници , преостанатите средства се пренесуваат на Буџетот на Република Македонија, а имотот во сопственост на Република Македонија.

(2) Ако по конечната распределба останат нераспределени средства или имот кај субјект кој не спровел сопственичка трансформација, средствата се пренесуваат на Буџетот на Репубика Македонија, а имотот се пренесува во сопственост на Република Македонија.

**Преодни и завршни одредби**

Член 12

Започнатите постапки согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација (“Службен лист на СФРЈ“ број 84/89), Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” број 55/97, 53/2000, 37/2002 и 17/2004) и Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” број 34/2006, 126/2006, 84/2007 и 47/11) ќе се водат согласно со овој закон, односно постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект, впаричување, распределба и заклучување уредени со овој закон.

Член 13

(1) Ако стечаен управник односно лице определено со планот за реорганизација не постапи согласно со рокот утврден со членот 3 став (2) од овој закон и по наредбата на судот согласно со членот 5 став (4) од овој закон, стечајниот судија ќе му изрече парична казна во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРМ кој важел на денот на поднесување на предлогот, со утврдување на дополнително оставениот рок од седум дена за доставување на предлогот, односно постапување по налогот.

(2) Доколку и по дополнително оставениот рок од ставот (1) на овој член стечајниот управник, односно лице определено со планот за реорганизација не го достави предлогот, односно не постапи по налогот, стечајниот судија ќе го разреши стечајниот управник и ќе поведе постапка за одговорност пред органот надлежен за издавање на лиценца за вршење на дејност стечаен управник.

Член 14

(1) Доколку стечајниот управник има поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, а не е донесено решение по барањето согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија” број 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13), пред влегувањето во сила на овој закон поднесеното барање заради постапување согласно со членот 3 став (2) од овој закон ќе го повлече од органот каде што е поднесено барањето во рок од три дена од влегувањето во сила на овој закон.

(2) Органот каде што е поднесено барањето, по поднесеното барање за повлекување на барањето од ставот (1) на овој член е должен да постапи во рок од три дена од денот на поднесеното барање.

Член 15

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, единицата на локалната самопурава, односно градот Скопје, ако во утврдениот рок не постапи по барањето на стечајниот управник за повлекување на барањето за утврдување на правен статус.

(2) Доколку АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор не постапи во рокот определен во членот 7 став (3) од овој закон ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност. На одговорното лице во правното лице од ставот (2) на овој член ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност, доколку не постапи согласно со роковите определени со членот 7 став (3) од овој закон.

Член 16

Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции од членот 15 од овој закон е надлежниот суд.

Член 17

Непостапувањето согласно со членот 6 од овој закон претставува основ за покренување на дисциплинска постапка , односно нестручно и несовесно постапување согласно со Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 58/2006, 35/2008 и 150/10).

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR MBYLLJEN E PROCEDURAVE TË FALIMENTIMIT TË HAPURA NË PAJTIM ME LIGJIN PËR BARAZIMIN E DETYRUESHËM TË FALIMENTIMIT DHE LIKUIDIMIT DHE LIGJIN PËR FALIMENTIM

### I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

**Lënda e ligjit**

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet procedura për përcaktimin e statusit ligjor të objektit pa leje në procedurë të falimentimit të pronës të debitorit të falimentimit, procedura e shndërrimit në para të pronës si dhe kushtet për mbylljen e procedurave të falimentimit të hapura në pajtim me Ligjin për barazim të detyrueshëm të falimentimit dhe likuidimit ("Fleta Zyrtare e RSFJ-së" numër 84/89), Ligjin për falimentim ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonise" numër 55/97, 53/2000, 37/2002 dhe 17/2004) dhe Ligjin për falimentim ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 34/2006, 126/2006, 84/2007 dhe 47/11).

Neni 2

(1) Lëndë të procedurës për përcaktimin e statusit ligjor të objektit pa leje në procedurë të falimentimit paraqet prona e patundshme që e ka marrë drejtori falimentimit pas hapjes së procedurës së falimentimit, që nuk është shënuar në librat publikë në të cilët kryhet regjistrimi i të drejtave të patundshmërive.

(2) Lëndë të procedurës së shndërrimit në para të pronës së debitorit të falimentimit paraqet prona e patundshme e debitorit të falimentimit, prona e tundshme, të drejtat dhe kërkesat e debitorit të falimentimit.

(3) Lëndë të procedurës së shndërrimit në para të pronës së debitorit të falimentimit është edhe e drejta e ndërtimit të objektit të pandërtuar për të cilin është dhënë leje për ndërtim, e cila parashënohet në librin publik në të cilin regjistrohen të drejtat e patundshmërisë me aktvendim të gjykatësit të falimentimit.

(4) Të drejtat e shfrytëzimit të tokës për ndërtim të ndërtuar dhe të pandërtuar dhe tokës bujqësore pa marrë parasysh kohëzgjatjen e të drejtës së shfrytëzimit nuk janë lëndë e shndërrimit në para të pronës së debitorit të falimentimit dhe në bazë të aktvendimit të gjykatës shlyhen nga libri publik në të cilin regjistrohen të drejta e patundshmërive.

**Procedura për përcaktimin e statusit juridik të pronës të debitorit në procedurën e falimentimit**

Neni 3

(1) Procedura për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje në procedurën e falimentimit ngrihet me parashtrimin e propozimit në procedurë jashtëkontestimore në seksionin jashtëkontestimore në gjykatën në rajonin e të cilit zbatohen procedura e falimentimit.

(2) Propozimin nga paragrafi (1) i këtij neni e parashtron drejtori i falimentimit ose person i caktuar me planin për riorganizim të debitorit të falimentimit, në afat prej 15 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**Përmbajtja e propozimit**

Neni 4

(1) Propozimi për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje në procedurën e falimentimit i përmban: caktimin e gjykatës, emrin dhe selinë e debitorit të falimentimit me të dhëna nga gjendja rrjedhëse nga organi kompetent, emrin dhe mbiemrin e drejtorit të falimentimit, përkatësisht telefonin për kontakt, postën elektronike për pranimin e shkresave të regjistruar në pajtim me ligjin, përshkrimin e pronës së patundshme për të cilin propozohet përcaktimi i statusit juridik të objektit pa leje.

(2) Propozimit i bashkëngjitet:

- aktvendimi i plotfuqishëm për hapjen e procedurës së falimentimit ose aktvendimi për planin e miratuar për riorganizim,
- nëse janë ngritur procedura për përcaktimin e të drejtës së pronësisë së të drejtave përjashtuese të kontestueshme dorëzohet dëshmi për të njëjtat, përkatësisht deklaratë e verifikuar te noteri nën përgjegjësi morale dhe penale se nuk udhëhiqen procedura të tilla,
- dëshmia për lidhje të infrastrukturës komunale dhe/ose llogarive për shërbimet publike (rrymë, ujë, etj.) me datë para hapjes së procedurës së falimentimit e nëse prona e patundshme nuk ka lidhje të infrastrukturës, deklaratë të verifikuar te noteri të dhënë nën përgjegjësi penale dhe materiale me të cilën drejtori i falimentimit do të vërtetojë se prona e patundshme është ndërtuar para hapjes së procedurës së falimentimit dhe
- elaborati gjeodezik për përcaktimin e gjendjes faktike të objekt pa leje me aktzotërim për tokën në të cilën është ndërtuar objekti.

**Miratimi i aktvendimit për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje në procedurën e falimentimit**

Neni 5

(1) Pas pranimit të propozimit, gjykata në afat prej tri ditësh i shqyrton rregullsinë e kërkesës dhe dëshmitë e dorëzuara dhe nëse përcakton se propozimi nuk është i rregullt ose mungojnë dëshmitë e nevojshme, do ta thirr propozuesin ta rregullojë propozimin në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit të shkresës për rregullimn e propozimit.

(2) Nëse me propozim nuk është bashkëngjitur elaborati gjeodezik përkatësisht toka në të cilën është ndërtuar objekti është me të drejta të papërcaktuara, gjykatësi me detyrë zyrtare do të parashtrojë kërkesë në Agjencinë për Kadastër të Patundshmërive për përpunimin e elaboratit gjeodezik për objektin e patundshëm për ekspozimin e tokës në fjalë.

(3) Agjencia për Kadastër të Patundshmërive është e obliguar që të veprojë për kërkesën e gjyqit nga paragrafi (2) të këtij neni, në afat jo më të gjatë se 30 ditë nga dita e pranimit të kërkesës .

(4) Gjykata së bashku me kërkesën e parashtruar në Agjencinë për Kadastër të Patundshmërive lëshon urdhër te drejtori i falimentimit përkatësisht personi i caktuar me planin për riorganizim për mundësimin e qasjes së papenguar për kryerjen e veprimeve të nevojshme nga Agjencia për Kadastër të Patundshmërive në pronën e patundshme në fjalë.

(5) Nëse propozimi është i rregullt, përkatësisht pas rregullimit të propozimit në përputhje me paragrafët (1), (2) dhe (3) të këtij neni, gjykatësi në afat prej tri ditësh do të marrë aktvendim me të cilin do ta përcaktojë statusin juridik të objektit në procedurën e falimentimit.

(6) Kundër aktvendimit nga paragrafi (5) nuk lejohet ankesë.

(7) Gjykata aktvendimin e plotfuqishëm nga paragrafi ( 5 ) të këtij neni me detyrë zyrtare e dorëzon në Agjenci për Kadastër të Patundshmërive më së voni në afat prej tri ditësh nga miratimi i tij, për regjistrimin e të drejtës së pronësisë në librat publikë në të cilët regjistrohen të drejta e patundshmërive.

(8) Në rast nëse për objektin ose për pjesë të objektit për të cilin udhëhiqet procedurë për përcaktimin e statusit juridik të objekti pa leje, janë udhëhequr padi pronësie ose padi për përjashtimin e objektit ose pjesës së objekti nga masa falimentuese, gjykatësi në aktvendimin për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje do të urdhërojë shlyerjen e të drejtave të evidentuara shfrytëzuese të debitorit falimentues të tokës ndërtimore të ndërtuar dhe të pandërtuar dhe tokës bujqësore dhe shënimin në aktzotërim të ankesave të regjistruara pronësore ose ankesave për përjashtimin e objektit ose pjesës së objektit nga masa falimentuese deri në momentin e përfundimit të plotfuqishëm të kontesteve të lëndëve, përkatësisht përfundimit të procedurës për mjetin juridik të ngritur të jashtëzakonshëm.

(9) Gjatë regjistrimit të së drejtës së pronësisë të objektit në librin publik për regjistrimin e të drejtave të patundshmmërisë shënohen kontekstet nga paragrafi (8) i këtij neni.

(10) E drejta e pronësisë e regjistruar e debitorit të falimentimit në pajtim të këtij ligji nuk ka ndikim në kontestet e filluara dhe nuk paraqet dëshmi të re në kontestet e filluara nga paragrafi (8) i këtij neni.

(11) Objekti përkatësisht pjesa e objektit që e ka marrë statusin juridik të objektit pa leje e për të cilët ekziston shënim nga paragrafi (9) i këtij neni, nuk mund të jenë lëndë e shndërrimit në para në procedurë falimentuese deri në përfundimin e plotfuqishëm të procedurave dhe pas procedurës së ngritur eventuale për mjet të jashtëzakonshëm juridik.

(12) Pas përfundimit të plotfuqishme të kontesteve përkatësisht pas përfundimit të procedurës së ngritur për mjet juridik të jashtëzakonshëm, që janë mbajtur për përcaktimin e të drejtës së pronësisë të objektit përkatësisht pjesës së objektit që është lëndë e procedurës për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje, gjykata me detyrë zyrtare e dorëzon aktgjykimin për shlyerjen e shënimit në aktzotërim përkatësisht regjistrimin e të drejtës së pronësisë në librat publikë në të cilët regjistrohen të drejtat e patundshmërive.

**Afatet në të cilat duhet të përfundojnë kontestet e filluara**

Neni 6

(1) Për shkak të urgjencës së veprimit në procedurat e falimentimit, procedurat kontestimore të filluara për kërkesat e kontestuara, procedurat për përgënjeshtrimin e veprimeve dhe procedurave juridike të të drejtave të debitorit të falimentimit në çfarëdo baze në pajtim me ligjin, ankesave pronësore ose ankesave për përjashtimin e pronës nga masa falimentuese para gjykatave kompetente në shkallë të parë duhet të përfundojnë në afat prej 60 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, në afat prej 45 ditësh nga hyrja në fuqi të këtij ligji para gjykatave të shkallës së dytë dhe në afat prej 45 ditësh para Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(2) Nëse Gjykata Supreme vendos për kontestet e filluara nga paragrafi (1) të këtij neni, ndërsa vendimet e gjykatave më të ulëta një herë janë anuluar, për kontestet e filluara do të vendosë në mënyrë meritore.

(3) Kontestet e filluara administrative në lidhje me pronën e debitorit të falimentimit të ngritura para Gjykatës Administrative duhet të përfundojë në afat prej 60 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, e para Gjykatës së Lartë Administrative në afat prej 45 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(4) Nëse Gjykata e Lartë vendos për kontestet e filluara nga paragrafi (3) i këtij neni, ndërsa vendimi i gjykatës më të ulët një herë është anuluar, për kontestet e filluara do të vendosë në mënyrë meritore.

(5) Për procedurat e filluara para organeve të administratës shtetërore dhe organeve shtetërore në lidhje me pronën e debitorit të falimentimit, organi është i detyruar të marrë vendim më së voni në afat prej 45 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**Procedura për regjistrimin e pronësisë së pronës të debitorit të falimentimit që ndodhet jashtë vendit**

Neni 7

(1) Mjetet ( objektet , makinat dhe pajisje të tjera, depozitat në subjekte tjera dhe etj.), për të cilat duhet të veprohet në pajtim me nenin 89-a të Ligjit për transformim të ndërmarrjeve me kapital shoqëror ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 40/2000, 6/2002, 31/2003, 38/2004, 35/2006, 84/2007 dhe 123/12), që nuk hyjnë në masën e falimentimit, e që gjendet jashtë territorit të Republikës së Maqedonisë në shtetin që në pajtim me legjislacionin e atij shteti nuk mund të regjistrohen në pronësi të Republikës së Maqedonisë, regjistrohet në emër të SHA për ndërtim dhe menaxhim me hapësira banesore dhe afariste.

(2) Procedura për regjistrimin e pronësisë së mjeteve nga paragrafi (1) të këtij neni zbatohet në përputhje me ligjet e shtetit në territorin e të cilit ndodhet prona. Procedura për regjistrimin e pronës nga paragrafi (1) të këtij neni SHA për ndërtim dhe menaxhim me hapësira banesore dhe afariste duhet të fillojnë në afat prej 30 ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji .

(3) Drejtori i falimentimit është i detyruar që në afat prej 15 ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji në SHA për ndërtim dhe menaxhim me hapësirave banesore dhe afariste, të dorëzojë listë të pronës në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni.

## II.SHNDËRRIMI NË PARA I PRONËS QË HYN NË MASËN E FALIMENTIMIT

**Mënyra, procedura dhe afatet për shitjen e pronës nga masa e falimentimit**

Neni 8

(1) Shnëdrrimi në para i pronës, të drejtat pronësore dhe kërkesave të debitorit që hyjnë në masën e falimentimit, fillon në afat prej tri ditësh nga regjistrimi i pronësisë në librat publikë në të cilët regjistrohen të drejtat e patundshmërive.

(2) Shitjet e pronës nga masa e falimentimit kryhet përmes shitjes elektronike me ankand publik pa çmim fillestar të përcaktuar. Të drejtë për pjesëmarrje në shitje kanë pjesëmarrësit që paguajnë depozitë ose do të dorëzojnë garanci bankare në lartësi prej 10% nga vlera e përcaktuar e pronës që është lëndë e shitjes.

(3) Vlerësuesi i autorizuar është i detyruar që vlerësimin e pronës së debitorit të falimentimit ta përgatisë dhe dorëzojë në gjykatë dhe te drejtori i falimentimit në afat jo më të gjatë se 30 ditë nga dita e marrjes së njoftimit për nevojën e kryerjes së vlerësimit.

(4) Shitjen e parë të pronës së masës së falimentimit, drejtori i falimentimit e shpall në dy gazeta ditore me tirazh më të madh që distribuohen në territorin e Republikës së Maqedonisë në format të gjysmës së faqes në afat prej tri ditësh nga dita e kryerjes së vlerësimit në pajtim me paragrafin (3) të këtij neni. Shpallje zgjat më së shumti 15 ditë. Në rast të shitjes së pasuksesshme e njëjta përsëritet më së shumti edhe një herë me çfarë shitja tërë duhet të përfundojë në afat prej 70 ditësh nga afati i përcaktuar në paragrafin (1) të këtij neni .

(5) Në përmbajtjen e shpalljes për shitje në rastin kur lëndë e shndërrimit në para është e drejta e ndërtimit, përveç të dhënave themelore për lëndën e shitjes, veçanërisht duhet theksuar nëse prona është e përfshirë në planet urbane të komunës përkatëse. Në rast të shitjes së të drejtës së ndërtimit, në shpallje theksohet edhe se bleresi i merr tërë të drejtat dhe obligimet e përcaktuara në pajtim me marrëveshjen për ndërtimin e përbashkët ose bashkëinvestim që i ka lidhur debitori i falimentimit me pronarët e tokës për ndërtim.

(6) Aktvendimi i gjykatësit të falimentimit me të cilin është zgjedhur bleresi më i volitshëm i pronës në procedurën e falimentimit, është bazë në regjistrimin në librat publikë në të cilat regjistrohen të drejtat e patundëshmërive, si dhe i gjitha ndryshimeve në dokumentacionin e përgjithshëm ndërtimor teknik dhe dokumentacionin tjetër që ka qenë në emrin e debitori të falimentimit para hapjes së procedurës së falimentimit.

(7) Për fazat tjera të procedurës për shitjen e prona së debitorit të falimentimit në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat për shndërrim në para të pronës së debitorit të falimentimit nga Ligji për falimentim ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 79/13).

**Ndarja e pronës së tundshme dhe të patundshme dhe kërkesat që hyjnë në masën e falimentimit**

Neni 9

(1) Nëse edhe shitja e dytë e pronës të debitorit të falimentimit nuk përfundon me sukses, drejtori i falimentimit detyrohet që në afat prej tetë ditësh nga dita e shitjes së pasuksesshme të përgatisë plan për ndarjen pronës së tundshme, të pa tundshme dhe kërkesave për të cilat e drejta e pronësisë regjistrohet në regjistrin përkatës përkatësisht librin publik në pajtim me ligjin, e që hyjnë masën e falimentimit. Prona e tundshme për të cilën e drejta e pronësisë nuk regjistrohet në regjistrin përkatës u ndahen kreditorëve në proporcion me kërkesat e përcaktuara në bazë të vlerës së përcaktuar. Planin për ndarjen e pronës drejtori i falimentimit e dorëzon në afat prej tri ditësh nga dita e shitjes së dytë të pasuksesshme te gjykatësi i falimentimit, dosjen e falimentimit të debitorit dhe publikon shpallje në dy gazeta me tirazh më të madh që shpërndahen në territorin e Republikës së Maqedonisë në format të gjysmës së faqes, dhe se plani për ndarje është depozituar në dosjen e falimentimit dhe njëkohësisht i thirr kreditorët të kryejnë shikim në të njëjtën. Kreditorët kanë të drejtë të kryejnë shikim në planin e ndarjes në afat prej tetë ditësh nga dita e publikimit të shpalljes në shtypin ditor.

(2) Me planin për ndarjen e drejtori i falimentimit kryen ndarjen e pronës së tundshme, të patundshme dhe kërkesat në mënyrë që e përcakton pjesën ideale të pronës në përputhje me përqindjen e kërkesës së tij të përcaktuar.

(3) Kreditori ka të drejtë kundërshtimi në afat prej tri ditësh ndaj planit të përgatitur për ndarje te gjykatësi i falimentimit, vetëm në raport me lartësinë e përqindjes së kërkesës së përcaktuar dhe madhësisë së pjesës ideale që do t'i takonte.

(4) Gjykatësi i falimentimit në afat prej tri ditësh nga pranim i kundërshtimit me aktvendim vendos për kundërshtimin. Me të njëjtin aktvendim gjykatësi i falimentimit vendos për planin e propozuar për ndarje.

(5) Kundër aktvendimit të gjykatësit të falimentimit për ndarje të pronës nuk i lejohet e drejta për ankesë.

(6) Aktvendimi i plotfuqishëm nga paragrafi (5) i këtij neni është bazë për regjistrimin e të drejtës së pronësisë së pronës së patundshme në librat publikë në të cilët regjistrohet e drejta e pronësisë.

(7) Aktvendimi i plotfuqishëm nga paragrafi (5) i këtij neni është bazë për regjistrimin e të drejtës së pronësisë së pronës së tundshme dhe kërkesa në regjistrat përkatëse në pajtim me ligjin.

(8) Ndarja e pronës së debitorit të falimentimit në pajtim me këtë nen nuk paraqet qarkullim.

**Ndarja përfundimtare e pronës së debitorit dhe mbyllja e procedurës**

Neni 10

(1) Para ndarjes përfundimtare të pronës së debitorit të falimentimit, drejtori i falimentimit, detyrohet t'i paguajë shpenzimet për përpunimin e elaboratit gjeodezik të Agjencisë për Kadastër të Patundshmërive nëse elaborati i tillë nuk është paraqitur si shtojcë me kërkesën për përcaktimin e statusit juridik të objektit të ndërtuar pa leje.

(2) Pas përfundimit të ndarjes përfundimtare të masës së falimentimit, gjykatësi i falimentimit në afat prej tetë ditësh do të marrë aktvendim për mbylljen e procedurës së falimentimit. Përndarjen përfundimtare dhe mbylljen e procedurës në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat e neneve 200 dhe 201 të Ligjit për falimentim ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 34/2006,126/2006, 84/2007, 47/11 dhe 79/13).

**Ndarja e mbetjes së pronës ose mjeteve pas ndarjes përfundimtare**

Neni 11

(1) Nëse pas shndërrimit në para të pronës dhe ndarjes së pronës së kreditorëve si dhe mbulimin e shpenzimeve të procedurës, ngelin mjete të pandara dhe pronë, të njëjtat u kthehen themeluesve, përkatësisht bashkëpronarëve. Nëse si themelues kanë qenë vetëm persona juridikë të cilët kanë pushuar të ekzistojnë dhe janë shlyer nga regjistri përkatës ndërkaq nuk ekzistojnë trashëgimtarë juridikë, mjetet e mbetura transferohen në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë, ndërsa prona në pronësi të Republikës së Maqedonisë.

(2) Nëse pas ndarjes përfundimtare ngelin mjete të pandara ose pronë te subjekti i cili nuk e ka kryer transformimin pronësor, mjetet transferohen në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë, ndërsa prona transferohet në pronësi të Republikës së Maqedonisë.

**Dispozita kalimtare dhe të fundit**

Neni 12

Procedurat e filluara në pajtim me Ligjin për barazim të detyrueshëm të falimentimit dhe likuidimit (“Fleta Zyrtare e RSFJ-së” numër 84/89) dhe Ligjin për falimentim (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 55/97, 53/2000, 37/2002 dhe 17/2004) dhe Ligjin për falimentim (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 34/2006,126/2006, 84/2007 dhe 47/11) do të mbahen në pajtim me këtë ligj përkatësisht procedurën për përcaktimin e statusit juridik të objektit të ndërtuar pa leje, shndërrim në para, ndarje dhe përmbyllje të rregulluara me këtë ligj.

Neni 13

(1) Nëse drejtori i falimentimit, përkatësisht personi i përcaktuar me planin për riorganizim nuk vepron në pajtim me afatin e përcaktuar me nenin 3 paragrafi (2) të këtij ligji dhe me urdhër të gjykatës në pajtim me nenin 5 paragrafi (4) të këtij ligji, gjykatësi i falimentimit do t’i shqiptojë dënim me para në shumë prej 10 000 deri në 15 000 euro në kundërvlerë të denarit sipas kursit të mesëm të BPRM që ka vlejtur në ditën e paraqitjes së propozimit, me përcaktimin e afatit të lënë plotësues prej shtatë ditësh për dorëzimin e propozimit përkatësisht veprimit sipas urdhëresës.

(2) Nëse edhe pas afatit të lënë plotësues nga paragrafi (1) i këtij neni, drejtori i falimentimit përkatësisht personi i përcaktuar me planin për riorganizim nuk e paraqet propozimin përkatësisht nuk vepron sipas urdhëresës, gjykatësi i falimentimit do ta shkarkojë drejtorin e falimentimit dhe do të ngrejë procedurë për përgjegjësi para organit kompetent për lëshimin e licencës për kryerjen e veprimtarisë drejtor i falimentimit.

Neni 14

(1) Nëse drejtori i falimentimit ka paraqitur kërkesë për përcaktimin e statusit juridik të objektit të ndërtuar pa leje ndërkaq nuk është miratuar aktvendim lidhur me kërkesën në pajtim me Ligjin për veprim me objekte të ndërtuara pa leje ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 23/11, 54/11, 155/12 dhe 72/13), para hyrjes në fuqi të këtij ligji, kërkesën e paraqitur për veprim në pajtim me nenin 3 paragrafi (2) të këtij ligji, do të tërheqë nga organi ku është paraqitur kërkesa, në afat prej tri ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(2) Organi ku është paraqitur kërkesa për kërkesën e paraqitur për tërheqjen e kërkesës nga paragrafi (1) të këtij neni, është i obliguar të veprojë në afat prej tri ditësh nga dita e kërkesës së paraqitur.

Neni 15

(1) Gjobë në shumë prej 10 000 deri në 15 000 euro në kundërvlerë të denarit do t’i shqiptohet për kundërvajtje personit përgjegjës në organin e administratës shtetërore kompetent për kryerjen e punëve në sferën e rregullimit të hapësirës, njësinë e vetëqeverisjes lokale, përkatësisht qytetin e Shkupit, nëse në afatin e përcaktuar nuk vepron për kërkesën e drejtorit të falimentimit për tërheqjen e kërkesës për përcaktimin e statusit juridik.

(2) Nëse SHA për ndërtim dhe ekonomizim me hapësirë banesore dhe afariste nuk vepron në afatin e përcaktuar në nenin 7 paragrafi (3) të këtij ligji do t’i shqiptohet për kundërvajtje gjobë në shumë prej 3 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë të denarit. Personit përgjegjës në personin juridik nga paragrafi (2) i këtij neni, do t’i shqiptohet për kundërvajtje gjobë në shumë prej 3 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë të denarit, nëse nuk vepron në pajtim me afatet e përcaktuara me nenin 7 paragrafi (3) të këtij ligji.

Neni 16

Organ kompetent për shqiptimin e sanksioneve kundërvajtëse nga neni 15 të këtij ligji është gjykata kompetente.

Neni 17

Mosveprimi në pajtim me nenin 6 të këtij ligji, paraqet bazë për ngritjen e procedurës disiplinore, përkatësisht veprim joprofesional dhe të papërgjegjshëm në pajtim me Ligjin për gjykata (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 58/2006, 35/2008 dhe 150/10).

Neni 18

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**316.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖНИЦА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2014 година.

Бр. 07- 321/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖНИЦА**

Член 1

Во Законот за задолжница („Службен весник на Република Македонија“ број 59/12), во членот 3 по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Издавањето на задолжница е задолжително за должничко доверителски односи со кои се создаваат обврски во износ од 300.000 денари и повеќе, доколку се исполнети условите од ставовите (4) и (5) на овој член.

(7) Задолжница не се издава, доколку вкупниот неплатен износ по основ на издадени задолжници надминува 30% од вкупните приходи на должникот остварени во претходната година, евидентирани во Регистарот на годишни сметки кој се води во Централниот регистар.“

Член 2

Во членот 8 став (1) третата реченица се брише.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член доверителот задолжително приложува:

1) задолжница;

2) број на трансакциска сметка на доверителот на која треба да се пренесат средства од сметката на должникот и

3) изјава заверена на нотар со која под полна морална, материјална и кривична одговорност го потврдува неплатениот износ на побарувањето по задолжницата и потврдува дека нема поднесено и нема да поднесе тужба до надлежен суд, предлог за извршување до извршител или предлог за платен налог до нотар за наплата на побарување кое произлегува од основот за издавање на задолжницата.“

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Член 3

Во членот 14 став (2) зборовите: „став (5)“ се заменуваат со зборовите: „став (6)“.

Член 4

По членот 16 се додава нов член 16-а, кој гласи:

„Член 16-а

Управата за јавни приходи доколку утврди повреда на членот 3 став (6) од овој закон, постапувајќи во редовна или вонредна контрола над правните лица кои ги контролира, ќе поведе прекршочна постапка.“

Член 5

Во членот 18 став (1) ) зборовите: „став (2)“ се заменуваат со зборовите: „став (3)“.

Член 6

По членот 20 се додава нов член 20-а, кој гласи:

„Член 20-а

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице кое нема да издаде задолжница согласно со членот 3 став (6) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.“

Член 7

По членот 21 се додава нов член 21-а, кој гласи:

„Член 21-а

(1) За прекршокот пропишан со членот 20-а од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(2) Пред поведување на прекршочната постапка Управата за јавни приходи поведува постапка на порамнување, согласно со Законот за прекршоците.“

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2015 година.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR VLERËNOTË PREMTIMI

Neni 1

Në Ligjin për vlerënotë premtimi ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 59/2012), në nenin 3 pas paragrafit (5) shtohen dy paragrafë të rinj (6) dhe (7), si vijojnë:

"(6) Lëshimi i vlerënotë premtimit është i obligueshëm për marrëdhëniet debitore kreditore me të cilat krijohen obligime në shumë prej 300 000 denarësh e më tepër, nëse janë plotësuar kushtet nga paragrafët (4) dhe (5) të këtij neni.

(7) Vlerënotë premtimi lëshohet, nëse shuma e përgjithshme e papaguar në bazë të vlerënotave premtimi të lëshuara i tejkalon 30% nga të hyrat e përgjithshme të debitorit të realizuara gjatë vitit paraprak, të evidentuara në Regjistrin e llogarive vjetore që mbahet në Regjistrin qendror."

Neni 2

Në nenin 8 paragrafi (1) fjalia e tretë shlyhet.

Pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Me kërkesën nga paragrafi (1) të këtij neni, debitori në mënyrë të detyrueshme i bashkëngjit:

1) vlerënotë premtimin,

2) numrin e llogarisë së transaksionit të kreditorit në të cilën duhet të transferohen mjetet nga llogaria e debitorit dhe

3) deklaratë të verifikuar te noteri me të cilën nën përgjegjësi të plotës morale, materiale dhe penale e konfirmon shumën e papaguar të kërkesës së vlerënotë premtimit dhe konfirmon se nuk ka paraqitur dhe nuk do të paraqesë padi në gjykatën kompetente, propozim për përmbarim te përmbaruesi ose propozim për urdhërpagesë te noteri për arkëtimin e kërkesës që rezulton në bazë të lëshimit të vlerënotë premtimit."

Paragrafët (2), (3), (4) dhe (5) bëhen paragrafë (3), (4), (5) dhe (6).

Neni 3

Në nenin 14 paragrafi (2) fjalët: "paragrafi (5)" zëvendësohet me fjalët: "paragrafi (6)".

Neni 4

Pas nenit 16 shtohet nen i ri 16-a, si vijon:

"Neni 16-a

Drejtoria e të Hyrave Publike nëse konstaton shkelje të nenit 3 paragrafi (6) të këtij ligji, duke vepruar në kontroll të rregullt ose të jashtëzakonshëm të subjekteve juridike që i kontrollon, do të ngritë procedurë kundërvajtëse."

Neni 5

Në nenin 18 paragrafi (1) fjalët: "paragrafi (2)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (3)".

Neni 6

Pas nenit 20 shtohet nen i ri 20-a, si vijon:

"Neni 20-a

(1) Gjobë në shumë prej 3 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik që nuk do të lëshojë vlerënotë premtimi në pajtim me nenin 3 paragrafi (6) të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 1 000 eurosh në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit përgjegjës te personi juridik për kundërvajtje nga paragrafi (1) të këtij neni."

Neni 7

Pas nenit 21 shtohet nen i ri 21-a, si vijon:

"Neni 21-a

(1) Për kundërvajtjen e përcaktuar me nenin 20-a të këtij ligji, procedurë kundërvajtëse mban dhe sanksion kundërvajtës shqipton gjykata kompetente.

(2) Para ngritjes së procedurës kundërvajtëse, Drejtoria e të Hyrave Publike, ngrit procedurë për barazim, në pajtim me Ligjin për kundërvajtje."

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë“, e do të fillojë të zbatohet nga 1 janari 2015.

**317.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИГОДНИ КОВАНИ ПАРИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за пригодни ковани пари,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2014 година.

Бр. 07- 320/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИГОДНИ КОВАНИ ПАРИ

Член 1

Во Законот за пригодни ковани пари („Службен весник на Република Македонија“ број 11/95 и 74/2004), по членот 8 се додава нов член 8-а, кој гласи:

„Член 8-а

Пригодните ковани пари изработени од злато кои нема да бидат продадени во период од пет години од нивното издавање, може да се претворат во монетарно злато.

Одлука за претворање на пригодните ковани пари изработени од злато во монетарно злато донесува Владата на Република Македонија, по предлог на Народната банка.

Одлуката од ставот 2 на овој член особено го содржи настанот по повод кој се издадени пригодните ковани пари изработени од злато, годината на издавање, висината на емисија, залихата на емисија, вкупната количина на залихата што се претопува и чистотата на златото во пригодните ковани пари.

Претворањето на пригодните ковани пари изработени од злато во монетарно злато се врши со претопување, а трошоците за претопување се на товар на Народната банка.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MONEDHA JUBILARE

Neni 1

Në Ligjin për monedha jubilare („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 11/95 dhe 74/2004), pas nenit 8 shtohet neni i ri 8-a, si vijon:

"Neni 8-a

Monedhat jubilare të punuara nga ari të cilat nuk do të shiten në periudhë prej pesë vitesh nga lëshimi i tyre, mund të shndërrohen në ari monetar.

Vendim për shndërrimin e monedhave jubilare të punuara nga ari në ari monetar miraton Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me propozim të Bankës Popullore.

Vendimi nga paragrafi 2 i këtij neni veçanërisht i përmban ngjarjen me rastin e së cilës janë lëshuar monedhat jubilare të punuara nga ari, vitin e lëshimit, lartësinë e emisionit, rezervat e emisionit, sasinë e përgjithshme të rezervave që shkrihet dhe pastërtinë e arit në monedha jubilare.

Shndërrimi i monedhave jubilare të punuara nga ari në ari monetar bëhet me shkrirje, kurse shpenzimet për shkrirje janë në llogari të Bankës Popullore.“

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë“.

---

**318.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2014 година.

Бр. 07- 319/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” број 44/99, 86/99, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11 и 155/12), во членот 19 став (1) точка 4 на крајот од реченицата сврзникот „и” се заменува со точка и запирка.

Во точката 5 на крајот од реченицата точката се заменува со сврзникот „и” и се додава нова точка 6, која гласи:

„6. Надоместокот (провизијата) за услугата за отстапување на привремен агенциски работник на работодавач корисник, согласно со закон.”

Член 2

Во членот 22 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Даночниот обврзник кон кого е извршен прометот од членот 32-а од овој закон, исто така, мора да ги исправи данокот кој го должи и одбивката на претходниот данок, во текот на даночниот период на извршената промена, ако даночната основа се промени во случаите наведени во ставот (1) на овој член.”

Ставот (2) станува став (3).

Член 3

Во членот 23 точка 19 на крајот од реченицата сврзникот “и” се заменува со точка и запирка.

По точката 19 се додава нова точка 19-а, која гласи:

„19-а. Употреба на јавен пат, негов дел или објект од патот (патарина) и”.

Член 4

По членот 24 се додава нов член 24-а, кој гласи:

„Член 24-а

(1) Ослободен од данок на додадена вредност е промет на добра и услуги, наменети за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен меѓу Република Македонија и странски донатори, ако во тој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци.

(2) Кај проектите кои се финансирани во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА) кој се спроведува во услови на децентрализирано управување, даночното ослободување од ставот (1) на овој член се однесува и за делот на средствата од национално кофинансирање обезбедено од Буџетот на Република Македонија и тоа од сопствени средства или од други извори на финансирање.

(3) Даночното ослободување од ставот (1) на овој член се применува и доколку даночен должник е примателот на доброто или корисникот на услугата согласно со членот 32 точка 4 од овој закон.

(4) Начинот на спроведување на даночното ослободување од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за финансии.“

Член 5

Во членот 27-б став (1) точката 42 се менува и гласи:

„добра наменети за реализација на проект кој се финансира со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен меѓу Република Македонија и странски донатори, ако во тој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци.“

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Кај проектите кои се финансирани во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА) кој се спроведува во услови на децентрализирано управување, даночното ослободување од ставот (1) точка 42 на овој член се однесува и за делот на средствата од национално кофинансирање обезбедено од Буџетот на Република Македонија и тоа од сопствени средства или од други извори на финансирање.

(5) За остварување на ослободувањето од ставот (1) точка 42 на овој член увозникот на добрата поднесува барање до Министерството за финансии.“

Ставот (4) кој станува став (6) се менува и гласи:

„(6) Начинот на спроведување на даночното ослободување од ставот (1) точка 42 на овој член, како и формата и содржината на барањето од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот за финансии.“

Член 6

По членот 32 се додава нов член 32-а, кој гласи:

„Член 32-а

